**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Седумдесет и втората седница**
**на Собранието на Република Македонија, одржана на**
**28.јули 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа петседаваше г-динот Љупчо Јордановски, пртседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратениците: Славица Грковска, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Емилија Костадинова, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Чедомир Краљевски, Орданчо Тасев, Аднан Ќахил, Љубчо Георгиевски, Мендух Тачи, Али Ахмети, Трифун Костовски, Иван Стоилковиќ и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за територијализација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 50 а, под точката 50 поднесен од пратеникот Никола Груевски.

За збор се јави г-динот Спиро Мавровски:

СПИРО МАВРОВСКИ:

Слушајќи го амандманот и она што се разви како дискусија во текот на вчерашниот ден јас ќе се обидам да помогнам во однос на разрешницата за овој амандман и да се обидам да ги убедам пратениците дека едноставно не се работи за она што сакаме да го прикажеме - доближување на локалната самоуправа и остварување на правото на граѓаните, туку се работи за нешто што било добро и што требало да се реализира.

Зошто го говорам тоа? Вчера имавме многу дискусии околу тоа што значи ревизија, што е зборот ревизија и г-динот министер неколку реплики имаше токму за тоа. Во семантиката се вели дека зборот ревизија пртставува повторен преглед, контролен преглед или оценка за измената или статусквo на некоја појава врз основа на повторен контролен преглед.

Бидејќи во Рамковниот договор се барало да се изведат нови контролни прегледи, повторни прегледи на постигнатите резултати и состојби во постојните општински граници ние како за останатите предлози што ги имаме пред нас имаме само букви и назначување на она што значи понатаму, како ќе се дели Македонија или територијална поделба. А, она што требаше да го добиеме како пратеници врз основа на што ние и морално и со нашиот кредибилитет ќе требаше да одлучиме е тоа дали за една општина ќе можеме понатаму да говориме финансиски воопшто да постои и дали со сето ова што ќе го направиме на тие граѓани кои што живеат во тие општини ќе им овозможиме да ги реализираат своите права подобро отколку што ги реализирале досега. Мислам дека ниедна од овие работи не е исполнета. Зошто?

Ние како пратеници во однос на она што требаше да го напрват националните власти, предлагачот, Владата на Република Македонија едноставно ниту имаме вакви контролни прегледи ниту пак имаме повторни прегледи затоа што на тој начин ќе добиете фундус за оценката за измени, а на ваков начин најмалку можеме да говориме за новата територијална поделба. Зошто го говорам сето тоа.

Општината Сарај во која што припаѓа и општина Кондово броеше 24.253 жители по законот што до добивме во декември 2003 година. Кондово има 11.155 жители, од нив само 36 македонци, или 0,32%. Сето тоа не би било она што понатаму ќе говориме дали е тоа механички приклучено или Сарај е приклучен кон градот Скопје, за да добиеме двојазичност на Скопје, што мислам дека е многу прозирно и сега ќе се убедуваме дека Кондово на овој начин, во општина Сарај ќе ги оствари своите права.

Вчера можевме да слушнеме од пратениците на позицијата дека Кондово некогаш било во Скопје, некогаш имало во Македонија 34 општини, така да сите овие општини околу Скопје, биле во Скопје, сега не се и на крајот на краиштата Република Македонија има некаде околу 2 милиони што во еден глобален систем на разгледување на работите за еден Њујорк, за една Москва, можеби сме едно предградије, или само општина од некој поголем град. Но, во секој случај говориме за нешто што треба да не приближи кон ЕУ, гледајќи ги нашите соседи, гледајќи ги

како работат државите од ЕУ, и реализација на правото на граѓанинот да биде поблиску до власта. На овој начин, верувајте ми ако општина Сарај има 25.000 сега со овие 11 илјади достигнува 36 илјади. Јас вчера слушнав дека автобускиот превоз и сега бил обезбеден од градот Скопје, незнам ако Кондово остане сама дали градот Скопје, ќе ја прекине автобуската линија и повеќе нема да функционира. Мислам дека тоа е апсурдно за да можеме да зборуваме на таков начин.

Друго, говорите дека Кондово на овој начин без манипулации се приклучува на Скопје, дека нема никакви договори што мислам дека е многу очигледно и вашето брзање што деновиве го правите за да стигнеме да ги распишеме овие избори, а пред тоа дали не ви се брзаше или имавте можни проблеми при договарањето поминаа скоро два месеци за две или три прашања кои се обидувте да ги решите.

И едно како факт и аргумент што се слуша повеќе пати, зошто Кондово би требало да биде кон градот Скопје, тоа е изворот Рашче кој е многу значаен за Скопје.

Кога се говореше за просторниот план кој исто така претставува некоја рамка за Република Македонија, како што се повикуваме многу често при сите овие закони на Рамковниот договор, и тој просторен план и изворот Рашче, кој што треба да снабдува 500 илјади или градот Скопје, едноставно има нерегионално, туку значење за Република Македонија и тука апсолутно не држи ние да говориме дека тука е изворот Рашче и токму поради тоа Кондово треба да биде во Скопје.

На тој начин, ако изворот Рашче е основниот кој треба да го снабдува Скопје со вода, тогаш Скопје треба да се снабдува и со електрична енергија, па на тој начин, можеби ќе треба и Новаци да го приклучиме кон Скопје за да имаме сигурно напојување на Градот со Електрична енергија и да имаме енергија. Мислам дека таквиот начин на размислување воопшто не држи. Ова што значи значајни и стратешки објекти за Републиката нема дилема дали тие ќе бидат во КОндово, дали ке бидат во Сарај, дали ќе бидат во Новаци, државата едноставно мора да обезбеди еднакви и подеднакви услови за сите граѓани во Република Македонија.

Значи, тука е многу прозирно, стигнуваме до ситуација наместо 25 илјади, а кажавме кои се критериумите на Владата, јас незнам Сарај ни дека е град, уште помалку Кондово, можеби понатаму ќе ги видиме и другите општини кои што се формираат со овој закон и кои што имаат повеќе од 25 илјади жители, а инфраструкта сигурно не се ни приближно до градска и тие се формирани. Што е целта за да тие луѓе ги остварат своите права во овие простори сега со 25 илјади,

како општината Сарај, мислам дека најдобро треба да се искажат граѓаните од општина Сарај и плус овие 11. 155 луѓе кои се додаваат да ги реализираат правата во истата општина апсолутно не држи. Мислам дека е многу прозирно и мислам дека сето ова се прави токму préди двојазичноста. Дали некој сака или не сака, очиглендо дека ова е вештачко, механичко, преливање на граѓаните кон една општина, а потоа таа општина да се прилучи кон Градот Скопје. Тоа е основната цел на предлагачот.

Дека некој ќе не убеди да имаме подобри финансиски аспекти, дека ќе стигнеме до ситуација овие граѓани да ги реализираат своите права многу подобро откоклу што ги реализирале досега во општината Кондово апсолутно се сомневам и би сакал министрот да најде начин да ги објасни барем финансиските показатели што досега функционирало во Кондово и што отсега ќе функционира во Сарај и кои се тие индустриски капацитети и што е тоа што ќе им овозможи на овие луѓе, а тоа се 36.000, многу повеќе откоклу некои градови во Република Македонија да остваруваат, да стопанисуваат и понатаму да бидат задоволни од ова што ние сега го предлагаме како нов закон за територијална поделба на Република Македонија

Мислам дека ова не е во ред и дека општината Кондово со своите 11.000 жители би требало да остане и да се избори за своите права токму таму каде што се наоѓа сега.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи за збор се јави министерот за локална самоуправа и тој има право според Деловникот да има збор, а има пријавено и за реплика, јас би го замолил министерот прво да завршат репликите затоа што потоа ќе има реплики на вашето искажување.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Само појаснување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако е само појаснување повелете. Министерот за локална самоуправа има збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Гидине Мавровски. Зборувате за општината Кондово, па и во Предлогот за донесување на Закон независно дали се приклучуваше кон Скопје, беше приклучена кон Сарај, што значи во делот на критериумите општината Кондово беше прилучена

кон општината Сарај. Значи она што целосно го зборувате нема основа за прилучување кон Сарај па да се приклучи кон Скопје. Значи во тој дел и во првата варијанта на Законот општината Конодво беше во состав на општината Сарај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега имаме реплика на излагањето на г-динот Мавровски.

Прв за реплика е г-динот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Благодарам пртседателе,

Јас ќе се осврнам само на еден дел од излагањето на г-динот Мавровски. Имено, г-динот Мавровски ја објасни семантиката на зборот ревизија. Тоа вчера беше направено и од г-динот Љубчо Георгиевски, меѓутоа тука намерно се тргнува фактот дека Рамковниот договор во оригиналот е потпишан на англиски, а зборот ревизија на англиски значи повторен прглед, и измена, промена, преиспитување, преработка, поправка. Така да по однос на семантиката на зборот треба да ја разгледате семантиката на англиски јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, г-дине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Г-дине Тромбев. Дали е на англиски потпишан, јас мислам дека се повикуваме сите на Охридскиот договор кој се однесува на Република Македонија. За прв пат за Република Македонија досега и Букурешкиот и Санстефанскиот договор се потпишувани и на Бугарски и на Француски, и на Англиски и на Руски но се однесувале за Македонија. Затоа, како вие ќе ги толкувате видовме и што понатаму ако толкуваме од англиски на македонски, да кажеме сега дека преводот ни е крив за ова што ни се случува апсолутно не држи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Дојчиновкси, имате реплика три минути.

КИРИЛ ДОЈЧИНОВСКИ:

Мислам дека г-динот Спиро Мавровски многу нерационално ја користеше својата дискусија. Со многу зборови кажа многу малку, всушност ништо.

Прво, треба да се има во предвид дека општината Кондово од 1996 година наваму нема локалнса самоуправа. Во права смисла на зборот нема локална самоуправа. Па поголем период од ова време имаме овереници на Владата, немаме градоначалник и граѓаните изразуваат извонредно многу незадоволство од она што е постигнато од овој период. Тоа треба да се има во предвид за она што Спире смета дека таму ќе се развие извонредна јака локална самоуправа која ќе биде во интерес на граѓаните. И досега тоа не можеше да го направи а сега ништо.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски, имате една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Г-дине Дојчиновски, точно почетокот на мојата дискусија беше зборот ревизија и објаснувања на ова што вие сега го кажавте. Вие можеби и повеќе ги знаете работитие од Владата но очекував да го добијам ако податок дека Владата едноставно не ги разрешила овие работи во овие две години и сега дојдовме во ситуација да кажуваме ние како пратеници како ќе биде подобро за нешто што не го имаме како податок пред нас, ниту финансиски извештај, ниту ревизија за ова што вие го кажувате дека имало владини повереници. Тука е основниот проблем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Рафис Алити има реплика.

Последен е тој од пријавените за реплика.

РАФИС АЛИТИ:

Мене навистина неме изненадува дискусијата на г-динот Мавровкси. Тој цело време говори со речник кој веќе е слушан на митинзите на опозицијата дека Владата со овој проект ја дели Македонија итн., што не држи како став. Тука ја спомнува општина Кондово и општина Сарај што е нешто сосема спротивно бидејќи оваа општина или овие жители напротив се прават дел од градот Скопје и не се делат од градот Скопје, така како што било пред 1996 година.

Велам говори со речник на митинзи бидејќи г-динот, се гледа јасно дека ниту бил во општина Сарај ниту во општина Кондово и треба да знае дека општина Сарај граничи или се простира до село Нерези, или граничи со општина Карпош во внатрешноста на градот. Така што тоа што се кажа вчера и денес, некои предговорници кои ги спомна аргументита за тоа што овие општини или сега како

што се предвидува една опШтина, што ги поврзува со градот мислам дека на сите им е јасно, и меѓутоа и мене ми е јасно дека г-динот Мавровски му смета нешто друго, позицијата ниту проект за територијалната организација на градот кој што навистина е во проект на сите граѓани. Јас него го разбирам дека е загрижен за нешто сосема друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски имате една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас останувам на она што го реков на почетокот и она што беше моја дискусија дека и општината Сарај и Кондово и се ова што се приклучува е многу јасно дека е меѓупартиски договор меѓу СДСМ и ДУИ. Тука апсолутно немам што да коментирам. Сето ова што го говориме мислам дека е приказна за мали деца.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи немаме повеќе реплилки има збор г-динот Ѓорѓи Оровчанец, а нека се подготви Ѓорѓи Трендафилов ако дојде за тоа време.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Мојата дискусија ќе ја насочам во поддршка на амандманот за задржување на општина Кондово. Мојата поддршка во овој поглед е двојна.

Од една страна моето размислување е затоа што ова има одредени реперкусии и врз Законот за градот Скопје, кој што е втор закон во оваа постапка. Тоа е прва работа.

Втора работа, општината Кондово, гледаме овде во овој закон. меѓутоа, тоа не е логично, затоа што сите општини вклучувајќи ги и општините на градот Скопје се дел од овој законски проект.

Суштината на мојата дискусија би ја скратил и би ја сведел на две работи.

Прво, овој амандман практично е во прилог на она што 40 дена размислуваше Владата, па се шеташе од Скопје во Маврово, се собираше итн., па потпретседателот на СДСМ изнесе дека нема да има двојазично Скопје и сега гледаме дека е ова практично едно техничко решение на заложбата градот Скпоје да биде двојазичен Значи дека вон сите норми, природни норми на население, на

Уставот со 20% население итн., имаме ситуација заради потребите на коалицијата практично се прави ова. Ова не е решение ниту за градот Скопје, не е решение ниту за општината Кондово. Јас можам да кажам дека практично за тн., двојазичност, која сака да се реализира на овој начин, што не е скриена намера од ниедна страна, меѓутоа, тенгирана борба внатре во Владата затоа што 40 дена слушаме нонстоп дискусии, вака ќе биде, онака ќе биде, па компромисот бил ова. Овој компромис е погрешно решение за сите.

Прво, заради таа двојазичност сите луѓе што живеат во Кондово дефинитивно се жртвуваат да останат руралци за навек затоа што никогаш нема ништо да се направи кај нив.

Второ, Скопје на овој начин нема да добие баш ништо, ќе ја изгуби својата концентација на урбана средина и главен град на Република Македонија и на тој начин ќе се доведеме во ситуации кои ќе бидат пролонгирање на неразвојот на супстандардите и сите други работи што ги пратат ваквите погрешни и лоши решенија.

По мене општината Кондово, треба да се задржи како општина. Објаснувањата за водата на рашче итн., тоа се току глупи размислувања затоа што истото такво размислување требаше да го примениме и за Студенчица и незнам што. Ако веќе постои некаков критериум барем за таква работа, меѓутоа, факт е дека сето тоа не е точно. Дека се сето тоа исприки или објаснувања за нешто што се сака да се направи со крајно политички и демагошки причини, а не од практични причини.

Втора работа што сакам да ја нагласам, очигледно дека г-дине пртседателе треба да направите еден курс во Собранието - учете македонски јазик за да може г-динот Тромбев и други да научат што е зборот ревизија.

Значи, мора да постои нешто што е направено за да можете да го ревидирате, а ревизијата се однесува на недостатоците од тој систем. Кои се недостатоците, како се дефинирани низ овој законски проект ништо не видовме. Овде видовме еден крајно нелогичен политички договор на коалиционите партнери, кои се обидуваат да наметнат политичка волја, кое е мимо практичните причини, мимо потребиде за децентрализација и ова е еден типичен пример на еден политички договор, кој што нема никаков успех со децентрализацијата. Децентрализацијата, дефинитивно, вие ја сменивме како посебна категорија и она што ние треба да зборуваме за децентрализација во ова Собранието, практично, нешто сосема друго од она што треба да биде децентрализација.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Оровчанец, прво треба да научиме да бидеме културни, да не прогласуваме некои предлози каде што има секој право за глупости. Што се однесува до ревизијата односно до корекцијата, вие мене ќе ми кажете во проценти што значи тоа ревизија 10, 15, 20 или 100%, бидејќи некоја промена се прави. Кога ќе ми ги кажете тие проценти, тогаш јас ќе ви кажам што значи ревизија.

Господине, бидете пристојни во своите искажувања, затоа што сите предлози се еднакво рамноправни и никој не е глуп. Се договоривме минатиот пат да не се користат такви изрази од типот на апсурдност и од типот на глупост, а вие и понатаму продолжувате со такви изрази.

Повелете господине Трендафилов имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Бидејќи, од вчера доцна попладно, главно се занимаваме со јазичните форми во македонскиот јазик, еден скромен придонес во почетокот би дал дека зборот ревизија не значи ништо друго освен проверка. Значи, проверката не покажува безусловно дека она што се проведува и во принцип треба да биде погрешно. Тоа ќе биде мојот коментар по овој амандман, а ќе се задржан подоцна на амандманот кој е на дневен ред и кој е поднесен од мене.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Андреј Жерновски, вие сте пријавени, имате збор за амандманот.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Се иснаслушавме од колегите на ВМРО-ДПМНЕ дека интенцијата на Владата, особено на граѓаните и на град Скопје да го има изворот Рашче под свои ингеренции било “глупав предлог”, мене ме интересира навистина како може стратешки главниот извор, кој што го напојува Скопје со вода е глупав предлог.

Понатаму сакам да ги уверам не пратениците на ВМРО-ДПМЕ, туку јавноста дека градот, граѓаните со години се борат да имаат ингеренции, сосема и

нормално и разумски врз главниот извор Рашче, кој што е во општина Кондово. Две недели по ред слушаме дека е тоа политичка одлука од страна на опозицијата, две недели слушаме прашања во стилот каде бевте тогаш да го предложие во првиот круг, во првата фаза, зошто тогаш не го баравте тоа. На сите тие кои неосновано го критикуваат тоа, сакам да го прочитам стенограмот, кој што можат тие да го имаат или стенограмот кој што може македонската јавност да го има во однос на тоа што кажав јас во мое лично име и се разбира во име на пратничката група. Цитирам: “На ова место на крајот би сакал да истакнам да се подразмисли за надлежностите на градот Скопје да влезе грижата и одржувањето на изворот Рашче во општина Кондово. Мислам дека сум доволно јасен и мислам дека Рашче мора да биде во надлежностите на градот бидејќи тој е стратешко значење во Република Македонија и за градот Скопје. Главниот извор со кој се снабдуваат граѓаните на Скопје со вода, едноставно мора да биде под надлежност на градот”. Јас сметам дека тоа не е глупав предлог. Господинот Оровчанец смета дека е тоа глупав предлог. Во ред, секој има право со своите капацитети да размислува. Се јавив за дискусија, за да ги демантирам оние кои кажуваат дека нас сега ни текнало да го ставиме изворот Рашче под ингиренции на градот. Впрочем, позади г. Оровчанец има еден експерт за стратешки работи во Република Македонија, особено за конфликтот во време на кризниот период, го почитувам тоа. Господинот, тој пратеник навистина е добро упатен, не можам да кажам дека не е така. Ако зборуваме реално, тогаш сите оние што се запознати со состојбата на градот Скопје и особено околу градот Скопје за време на конфликтот, би требало добро да знаат, особено оние што работеле во Владата на Република Македонија, тогашна Влада на Република Македонија што се случуваше со изворот Рашче, какви опасности беа, што се случуваше таму конкретно, а не беше соопштено на јавноста, за да не се внесе паника, кој го обезбедуваше тој објект и колку можевме да го обезбедиме тој објект.

Да заклучам, ова е нормално логичко барање од страна на Владата и конечно на секој граѓанин на Скопје му олеснува, потребно му е градот Скопје да ги има ингеренциите врз ова, повторно ќе кажам стратешко место, стратешка точка на градот Скопје.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има министерот за локална самоуправа г. Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, Владата термините во Рамковниот договор и преточени во Уставот, го разбира и терминот ревизија во оваа смисла, во која е договорено и во која значи.

На вчерашната расправа не ми беше дозволено да се доискажам од пратеничката група на ВМРО и сега би сакал да повторам. Зборот ревизија нека значи проверка. Во Анекс -Ц во Рамковниот договор, во Главата Имплементација и мерки за градење на довербата, во точка 4 пишува: “развој на децентрализирана власт”. Во 4.1. “страните ја повикуваат Меѓународната заедница да помогне во процесот на јакнење на локалната самоуправа и во измената на законот за општинските граници”. Ако ревизија значи проверка, ова е делот на закон за измена и дополна во форма на нов закон на делот на Законот за територијалната организација од 1996 година, врз основа на новите надлежности кои се утврдени во Законот за локална самоуправа. Тоа е прво.

Второ, јас на самиот почеток кажав одредени мои размислувања во оваа расправа и сега на г. Оровчанец би сакал да му укажам да не праќа поради во делот за Рашче, во делот за Студенчица, особено на господинот Груевски и на господинот Трајко Славевски, кои на прес конференција ги изнесоа овие свои размислувања за изворот Рашче и за изворот Студенчица. Ако господинот Оровчанец им пушта на нив пораки со тие изрази, глупи расмислувања, глупи тези, тоа мислам дека не е во ред преку Владата да ги праќа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кедев имате реплика на господинот Жерновски.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам господине претседател.

Мојата реплика и моето прашање до пратеникот од ЛДП, би било дали тие сметаат дека овој закон за територијалната поделба носи или најавува некои нови кризи, па сметаат дека ако изворот Рашче е под општинска контрола, Скопје нема да асоцира на Куманово со Липковската криза за време на 2001 година кога имавме криза.

Многу е несериозно, изворот Рашче да поприма општински димензии, бидејќи изворот Рашче има државен интерес, бидејќи Скопје не е општина, Скопје е метропола на Република Македонија. И, со самото тоа што се дава општинска димензија на изворот Рашче и се најавува дека добар потег е да биде во Скопје, тоа значи, односно прашањето е дали тоа значи најавување и вовед во нова криза со овој закон за територијална поделба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Жерновски, така ме разбраа, ве молам да објасните.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван господине Кедев, самиот кажавте колку е тоа битно, колку е битен изворот Рашче за градот Скопје и за Република Македонија. Овој предлог кој што го предлага Владата, кој што пратеничката група на ЛДП ќе го прифати е токму за да се спречи повторување на кризата, тогаш која што ја имаше во тој период, да не кажам повторно кој беше тогаш на власт.

Она што јас ви го велам, не сакам сега да ја кревам тензијата, сакам да ве уверам дека не смееме да дозволиме во евентуална криза некогаш од било кој карактер, изворот Рашче го чуваат луѓе кои не се под ингеренции на државата и градот Скопје. Бидејќи, не сакам повторно јавноста да ја информирам со некои работи кои нема да и се допаднат, дозволете ми надвор од салата ќе ви објаснам што се случуваше за време на кризата во врска со изворот Рашче.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Жерновски.

Сега, овде на списокот е пријавен господинот Исмет Рамадани за реплика.

Повелете, имате три минути за реплика.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Дали можам да почнам господине претседател.

Почитуван претседател, не можам да останам индиферентен кога слушам објаснување за некој амандман на толку ниско ниво. Се извинувам што вака се обраќам до неколку колеги, кои на речиси примитивен начин искажуваат аверзија кон

албанскиот јазик и кога станува збор за вклучување или пак за оддалечување или претставување во однос на приклучување на Кондово и Сарај кон Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На кога и е упатена репликата.

Се извинувам последен зборуваше господинот Жерновски и не мислам дека тој кажа нешто во врска со јазикот.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Имам реплика за Жерновски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Но, јас ако го повторите ова претходно што го рековте во врска со јазикот, а тоа беше кажано пред господинот Жерновски, немате право на тоа, таа реплика веќе помина.

Ако е репликата за господинот Жерновски, тогаш повелете.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Јас не му давам за право на Жерновски на исто така низок начин објаснува дека ќе ја имаме под контрола, е многу стратешко да го имаме под контрола изворот Рашче. Ова значи, јас така го разбирам, дека треба да ги имаме под контрола непријателите кои се некаде блиску до Скопје и се блиску до Рашче. Доколку не ги имаме под контрола како македонско мнозинство, тогаш може ние, нас да ни се појави некој проблем кој што претходно го прејудицираме. Доколку вака не третирате, тогаш навистина многу грешите и вредностите или пак оценките кои доаѓаат се многу јасни од Европскиот совет, така што не смеете да имате ваков приод за проблемите. На крајот на краиштата колку пати ние говориме за албански, никој не доби сида од албанскиот јазик, ни овде, ни во Скопје. Навистина, мислам нема да дозволам да има вакви изјави и вакви дискусии и вакви навреди од оваа дистанца.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Рамадани што се искорегиравте.

Повелете господине Жерновски имате една минута контра реплика.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Господине Рамадани, вие сте доволно интелегентен човек, да разберете што сакав да кажам, а сосема нешто друго објаснувавте во вид на реплика. Очигледно ја искористивте мојата дискусија да реплицирате за нешто за кое што јас не го кажав и од таму немав никаква потреба на чувство да ви одговорам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Спиро Мавровски, вие сте сега на ред за реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Доста е интересен овој предлог во однос на изворот Рашче, бидејќи во 2003 година на комисиска расправа за Просторниот план на Република Македонија, повторно се расправаше за изворот Рашче. На моето прашање кој го обезбедува изворот и кој го обезбедувал, се кажа дека има Јавно комунално претпријатие и дека тоа е заградено со жица и има двајца стражари. Сега, кога ова ќе премине во градот Скопје, дали градот Скопје има многу поголеми ингеренции, отколку општината Сарај или не знам што, како ќе се обезбедува затоа што и тогаш и сега тоа е државен објект. И тогаш и сега треба да го обезбедува државата, Министерството за внатрешни работи и тука апсолутно нема дилеми. Видовме што се случи и знаеме што и како сега функционира. Значи, апсолутно со тоа дека општината Кондово ќе биде во Сарај и сето тоа во Скопје во однос на изворот Рашче, мислам дека не менува ништо. И сега како општина Кондово државата преку Министерството за внатрешни работи, треба да функционира исто и да го обезбедува тој извор, без разлика дали е Кондово во Сарај или е во Скопје, или пак Скопје ќе оди во Кондово.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Жерновски имате една минута.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Вие само сликовито го објаснивте она што јас го кажав зошто има потреба да биде изворот Рашче општина Кондово под ингеренција на градот Скопје. Убаво

кажавте како изгледа тоа обезбедување и благодарам што го дообјаснивте она што јас го кажав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последен за реплика е госпоѓа Лалчевска во однос на дискусијата на господинот Жерновски.

Повелете, имате три минути.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе,

Да зборуваме реално. Господине Жерновски вие во неколку наврати преку медиумите и некој пратеници од вашата политичка партија нагласуваат како сега е добро што изворот Рашче ќе биде во Скопје, а инаку изворот Рашче не беше во Скопје.

Изворот Рашче ќе се остане во атарот на Кондово и дали и Кондово ќе биде посебна општина или ќе биде општина во градот Скопје, тоа нема ништо да смени. Изворот Рашче е природен ресурс на Република Македонија и тој секогаш ќе биде природен ресурс на Република Македонија, како што се природни ресурси и Охридското езеро, каде што јас пред мене го гледам, меѓутоа, тоа е под ингеренции на Република Македонија и ресурс на богатство на целата држава. Така и изворот Рашче и сите други природни ресурси што ги има Македонија, без разлика во чиј атар се наоѓаат односно во атарот на Кондово или не знам која друга општина.

По однос на обезбедувањето не може Кондово да го обезбедува Рашче. Секако дека Рашче ќе го обезбедува Република Македонија и сите други природни ресурси и воопшто не менува, ниту пак изворот ќе се пресели во Скопје, ако Кондово остане посебна општина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе добиете збор и ќе објасните кој ќе го чува изворот Рашче.

Завршивме со репликите.

Повелете господине Коце Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, јас би сакал да го кажам своето мислење околу тоа општина Кондово да остане како самостојна општина во рамките на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија.

Точно е тоа што го кажа министерот за локална самоуправа дека уште во првиот предлог, во првата фаза општина Кондово заедно со Сарај е во рамките на ново формираната општина Сарај. Меѓутоа, ова е втора фаза и онрмално е дека оваа втора фаза значи и измена на првата фаза, значи од различни размислувања кои што се добиени од расправата во првата фаза, така и од расправата или јавното мислење кое што беше меѓу првата и втората фаза.

Беше спомнато дека општина Кондово нема градоначалник. И тоа е точно и сето тоа збортува за еден конфликт на интереси или незнам како да се изразасм за една општина која што самата тешко егзистира  и сега ако појдеме по принципот на ЕУ, Република Македонија, вели, дека ќе ја примиме, тогаш кога ќе се оссамосталиме, безбедни, добри меѓуетнички односи и економски и било какви, тогаш влегувате во една поурбана средина, да речеме, или една посовремена средина како што е Скопје во однос на Кондово, тогаш се прашувам со приклучувањето на Кондово кон Скопје дали на некој начин со Предлогот каков што е даден во втората фаза, преку општина Сарај во Скопје се доаѓа до спорна територија. Еве, само околу тоа да прашам, во Извештајот во првата фаза од Предлогот на законот кој што ни беше даден, нели постојат 36 македонци. Јас ќе прашам, еве тука е и г-динот Рафис Алити, нека каже дали тие македонци се вратени во Кондово, во Радуша.

Многу често ние имавме расправа и го спомнавме во претходната, дали тоа зборува за една опасност таму за движење на македонците? Ова е многу индикативно и многу треба да се внимава на ова. И, затоа сметам дека единствен критериум кој што е применет за да општина Кондово заедно со Сарај влезе во рамките на Скопје е политичкиот пазар меѓу ДУИ и СДСМ за двојазичност во Скопје. И, сметам дека нема друг критериум, така да и критериумот за водите на Рашче, јас ќе повтортам само од моите колеги, сепак Рашче е под Републичка управа, под државна управа. Мислам водите се во државна сопствеонст и тука државата треба да го обезбеди непреченото експлоатирање на водата, нормално со сето почитување на локалното население каде се наоѓаат тие извори.

Ако го земеме во предвид и бројот на жители на Кондово, 11.155  според Предлогот од првата фаза, значи има повеќе од 5000 жители кој што беше минимум за опстојување на некои од постојните општини иако има општини со околу 15-тина илјади и со помалку од 5000 жители кои сепак и во новиот предлог остануваат самостојни општини. Затоа сметам дека општина Кондово треба да остане

самостојна да не биде во рамките на Скопје, а изворот Рашче и понатаму да остане под државна ингеренција т.е. има полиција, има војска би требало да го обезбедат неговото непречено експлоатирање. Инаку, вака ќе испадне дека ние толку сме испалшени за неможноста да се експлоатира таа вода и еве ќе го приклучиме Кондово кон Скопје. Верувајте пак ништо нема да добиеме со тоа. Воопшто ништо. Градот Скопје нема ниту војска, ниту своја специјална полиција, незнам каква, што е само на Градот Скопје, а не е на другите, така да од аспект на експлоатирање на водата воопшто не држи дека ќе биде подобро до колку биде во рамките на Скопје. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Алити, три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе,

Бидејќи толку многу се дебатира се расправа од страна на опозицијата за тоа зошто треба да остане општина Кондово и понатаму самостојна општина, меѓутоа се расправа без никакви аргументи. Јас ќе се задржам на дискусијата на пратеникот Коце Трајановски кој спомна дека во Радуша имало 36 македонци. Вистина е дека кога во Радуша функционираше рудникот, населбата на рударите тогаш била полна со раководители кои што раководеле тоа време со рудникот, меѓутоа со затворањето на рудникот бројот на вработените и на македонците од причина што сиет тие си обезбедија станови во Градот Скопје нормално се иселија од таа населба и зошто неможат да се вратат или зошто не се вратиле тие што во 1991 година, го напуштија Радуша едноставно е причина тоа што не е расчистено прашањето на имотот каде е населбата на рударите во Радуша. Тоа земјиште тоа време било експроприрано и додека не се расчистат тие работи нормално селаните од Радуша бараат нивните земјишта да се вратат. Тоа е прво.

Додека второто на селбата на рударите во Радуша не е запалена од силите на УЧК туку е запалено од страна на тие кои во текот на 2001 година, беа сместени во населбата на рударите. Така што до колку ја гледаме реалноста не држи дека од безбедносни причини неможе да се вратат тие жители туку е сосема нешто друго.

Што се однесува на тоа што овде се експлоатира толку, дека , кој ќе ја обезбедува водата во Рашче итн. јас ќе ве потсетам дека векови со ред и со

децении и во минатото и во време на поранешна Југославија и од турско време жителие на тој дел ја обезбедувале таа вода и никогаш не било проблем за Скопје дали ќе има или не вода. Напротив, уште еднаш ќе нагласам, дека жителите на тој дел секогаш обезбедувале вода и ја осигурувале водата. И понатаму ќе продолжат да ја штитат и затоа овие тези не држат туку мене ме изненадува фкатот што опозицијата е толку загрижена зошто општина Кондово ќе се интегрира и жителите од таа населба ќе се интегирраат во Градот Скопје каде што и биле од 1974 до 1996 година. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трајановски имате една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Господинот Рафис Алити се обиде да ја разводни дискусијата. Сосема е јасно зошто не се враќаат раселените македонци или избрканите македонци од Радуша иако тој се обиде тоа да го каже со рударската населба и со слични работи, меѓутоа има луѓе кои што живееле во селото Радуша, а не само во рударската наслеба. Меѓутоа, тоа е негово. Инаку, сега многу добро зборува и вака ако го слуша човек ќе мисли дека се е добро. Меѓутоа, 2001 година, зборот не му беше главно оружје туку со оружје практично се добиваа сите оние права кои што сега сакаат да ги наметнат и заради тоа би требало на дело да се покаже дека навистина сооднесувањето, со враќањето на македонците, со враќањето на довербата практично да се покаже дека навистина таа војна била за човекови права.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Абдулаким Адеми имате три минуи реплика.

АБДУЛАКИМ АДЕМИ:

Ви благодарам г-дине претседател сакам да реплицирам на дискусијата на претходниот говорник особено во врска со тоа што спомна, целата територија на Кондово е спорна територија, што за мене е апсурдно и неразбирливо. Исто така и претходниот говорник и јавноста знаат дека таа територија до 1996 година, беше составен дел на Скопје. И, ние сега, со овој Предлог што го предлага

Министерството за локална самоуправа односно Владата, се обидуваме да исправиме една грешка направена 1996 година и ништо повеќе. Јас не можам да разберам, да ја раберам целата оваа верзија на опозицијата што ние се обидуваме да ја испрвиме грешката од 1996 година, потоа се вели сето ова било Пазар меѓу партнерите меѓу коалицијата. Јас сакам ова да го демантирам до крај. Се вели дека целиот овој Пазар е направен да се обезбеди двојазичност во Скопје. Од излагањето на опозицијата секогаш се вели дека ние никогаш немаме против албанскиот јазик туку неомжеме да го прифатиме јазикот да биде прифатен и во Скопје.

Јас сакам да им кажам на пратениците од опозицијата но и на јавноста дека на почетокот на овој мандат кога почнавме овде да говориме на албански јазик сите пратеници од опозицијата особено од ВМРО-ДПМНЕ на почетокот ја напуштаа салата, сметаа дека на ваков начин тие ќе добијат политички поени кај својот електорат. Кога видоа дека со овие гестови не се добива ништо, тие продолжија да го прифаќаат албанскиот јазик и да бидат присутни кога се дебатира на албански јазик и мислам дека тоа што сакаат со албанскиот јазик да го направат во Скопје тие дефинитивно ќе разберат дека ништо политички нема да добијат. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Адеми.

Г-дине Трајановски една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас не би сакал да се злоупотребува тоа што го реков, тоа е спорно, спортноста ја објаснив бидејќи таму нема градоначалник, нема локална самоуправа , очигледно има проблеми. Тоа е тоа. Поради што е и како е јас не сакам да дискутирам, убаво јас ја објаснив спорноста.

Инаку околу тоа дека се исправа една неправда направена во 1996 година, бидејќи општината Кондово била во рамките на Скопје, па до 1996 година, ние имавме 34 општини. Во тој случај нека се донесеше закон со два-три реда и нека се каже сите општини се враќаат на состојбата од 1996 година, и во тој случај нема дискусија. Вака не може, едни општини се враќаат, едни не се враќаат и ние околу тоа дискутираме. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Следниот за збор е г-динот Слободан Даневски повелете,

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Г-дине претседателе, дами и г-да пратеници, и г-дин министер,

Сигурно дека побудува внимание овој предлог закон или да го прочитам Предлог закон за територијална организација на локална самоуправа во Република Македонија , затоа што некој сака да не убеди дека ова се измени, што не е вистина, ова е нов закон и како таков ние го гледаме.

Во дадениот амандман се наметнјва и прашањето, па и одговорот, зошто еве потенцира опозицијата , толку жестоко се бори Кондово да добие статус на општина. Отворено мора да признаеме и да кажеме, на самиот почеток, се бориме за тоа што механички се прави Скопје да биде двојазично. Најотворено тоа е проблемот. Тоа е основниот проблем. Кога станува збор за албанските политичари мислам дека е завшија својата работа . Таа генерација што имаше стратегија и цел во потполност ја заврши работата.

Со овој жаргон со кој ни се настапува нас во јавноста и тука кај пратениците дали војна или мир, мислам дека се плаши македонскиот народ дали војна или мир, дали ние сме ја добиле утакмицата со 3:0 или 5:0, не. Војната ја добија албанците. Ние утакмицата ја загубивме многу, многу одамна .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Даневски, зборувајте за Кондово, ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

За Кондово, за Кондово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е прва опомена, повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Прва опомена.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Така е по Деловникот. Зборувајте за Кондово, не за спортски резултати, ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Па, спортски резултати ни кажуваше претседателот на државата, не ги кажував јас.

Она што стои меѓу редови и што лебдее и што загрижува, тоа е индиферентниот однос на граѓаните на Скопје. Јас не можам да разберам да не можат да станат скопјани и да го кажат својот протест. Ги нема, едноставно ги нема. Спијат. Граѓаните на Скопје, им е исто. Тука слушаме некои пратеници мирно си спиеле после митингот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Втора опомена г-дине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Молам, за Што?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За Кондово зборувајте, ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Па, за Кондово зборувам .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

А не за сонот на граѓаните на Скопје.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Претседателе немојте да бидете интересен, многу. Јас ве опоменувам бидејќи ова е ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас работам според Деловникот, зборувајте за амандманот за Кондово.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас точно знам што зборувам. Јас зборувам за Македониј, вие зборувате за Пазар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за амандманот за Кондово.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас зборувам за амандманот за Кондово и немојте да ме прекинувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете така, во тој случај.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

И, немојте да ме прекинувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе ве прекинам ако не зборувате за амандманот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Оваа иста гарнитура што е сега на власт 1996 година не убедуваше дека она што го бара Европа, и сега еве и сега ни се наметнува тоа прашање дека ние мора да ја завршиме децентрализацијата. Децнетрализацијата, ги направивме општините, не убадуваа дека тоа е јасна порака од Европа. Не убедија дека треба да се разложат , да се направат многу помали, помали општини затоа што тогаш не убедуваа, до колку направиме помали општини, тогаш што се прави, тоа е директна демократија, ќе имаме референдуми, ќе имаме граѓански иницијативи и собир на граѓани каде што првиот облик и најнепосредно одлучување на граѓаните во Република Македонија .

Сега што правиме, сега механички ние окрупнуваме и делиме општини, оние што биле природни, и тогаш добивме големи оценки за тој проект, во тогашно време исти некои беа од министрите, што претседатели, се удираа во гади дека сме направиле нешто по теркот на Европа. И, сега како да разбереме, како да толкуваме, како да им објасниме на граѓаните. Тогаш сме биле во право за она што го даваа како позитивна оценка, Европа или сега ова. Може ли да се прави децентрализација ако се окрупнуваат општини и се прават поголеми. Значи, ние правиме нова централизација. Да ги разрешиме поимите. Тука се оперира со многу термини и ги користиме како во супер маркет кога ни треба нешто да браниме, ќе настапиме вака итн.

Мислам дека се прави едно механичко спојување. И по однос на градот Скопје. Градот Скопје механички треба да се направи двојазичен. Тоа е суштината што барала опозицијата. Не сакам да зборувам за Рашче кој го чувал. Ни тогаш тие што кажуваат го чуваа , ни го сучуваа ни ќе го чуваат.

Од тие причини, затоа што денеска добивме лекција дека користењето на слушалките и слушањето, тоа е добра лекција за сите македонци кои се во

Парламентот. Јас не можам да ги разберам пратениците македонци, тука од владеачката коалиција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Даневски и ја завршивте својата расправа.

Следниот за збор е г-динот Есад Рахиќ.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Г-дине претседателе, зборуваме за Македонија, г-дине претседателе , никој не ви дал право вие да ограничувате за Македонија. Немојте ова што се случува, да го наметнувате .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Даневски ќе има општа расправа .

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Општа расправа, јас зборувам за амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе има општа расправа по текстот.

Повелете г-дине Балковски,вие сте на ред.

(реакција од пратниците во салата дека збор има Есад Рахиќ)

Повелете г-дине Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги,

Сакам на почетокот да расчистиме некои работи. Во принцип ја признавам секоја дискусија што ќе оди кон подобрување на текстот на Законот за териториjална поделба, меѓутоа искрено сум разочаран и ме боли тоа што одредени колеги расправаат за некои работи за кои немаат престава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Конкретно ве молам г-дине Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Конкретно, полека .

Се расправа за општината Кондово и за изворот Рашче, а се сомневам дека двајца до тројца пратеници имаат престава каде е и што е изворот Рашче. Прво, или ги прашуваа како се брани изворот Рашче. Јас му се извинувам на колегата Жерновски и на другите колеги што распраа, меѓутоа очигледно немаат престава. Зборувам од лично искуство бидејќи таму бев заменик генерален директор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема врска изворот Рашче беше проблематизиран во рамките на дискусијата на опозицијата. Да го проблематизиравте вие исто така ќе имавте право.

Повелете г-дине Рахиќ, вашите искуства можеби се добри или лоши.

ЕСАД РАХИЌ:

Само сакав да кажам како се брани изворот Рашче и зошто во Кондово не функционира општинсакта власт. Изворот Рашче во 2001 година има писмени документи кога барав тогаш од министерот за внатрешни работи и директорот за јавна безбедност да пратат полиција и да дадат оружје на претпријатието не беше услишано и го чуваше војската. Таа војска остана до одредено време. Инаку, изворот Рашче покрај обезбедувањето од страна на , да расчистиме некои работи бидејќи се расправа за работи за кои што луѓето очигледно немаат поим, тоа е на ниво на локална самоуправа, меѓутоа градот Скопје се грижи за изворот Рашче. Тоа е една работа.

Втора работа сега изворот Рашче го чува јавното претпријатие, има полициска станица и одредена патрола на полиција која што го чува.

Втора работа, зошто не функционира општинската власт во Кондово. Општинската власт во Кондово не функционира затоа што 1999 година имаше убиство на еден активиста на ДПА, убиен беше активиста на ПДП и истото се случи и во 2000-та година. И веројатно заради такво лошо искуство и на следните избори 2002 година, немаше одзив затоа што поедини елементи го оневозможуваа гласањето на граѓаните во општина Кондово.

Мислам дека во тој сегмент е добро општина Кондово да се врати затоа што ако Јани Макрадули жали за скопска сто тројка, јас можам да кажам дека жалам за скопска сто двојка, тоа не е радио станица, тоа изборна единица, во која што почнува мојата политичка кариера,.да речеме, како избор за пратеник на дополнителни предвремени избори во 1996 година, кога Сарај и Кондово беа во рамките на Скопје.

Мислам дека со тоа се исправа една неправда.

Искрено да кажам, ги почитувам сите дискусии од страна на моите колеги од опозицијата кои ќе одат во правец на подобрување на животот на граѓаните во општините. Меѓутоа да се дискутира паушално од аспект што лично на некои од нас ни смета со припојувањето на Сарај и на Кондово Скопје ќе стане двојазично,не е причина на таков начин да се дискутира. Треба отворено да се погледнат

пробелмите и во очи да се каже дека на поединци не им е во интерес доброто на граѓаните во Кондово и Сарај, туку единствено аверзијата према двојазичноста во Град Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Балковски, имате збор.

Се извинувам г-дине Балковски,

Ве молам пратеници приајавувајте се на време за реплика.

Повелете г-дине Даневски имате реплика три минути.

СЛОБОДАТ ДАНЕВСКИ:

Репликата се однесува на г-динот Рахиќ, бидејки ги кажа мотивите, кажа дека тоа е чисто политичка одлука и жали за 102 од неговата изборна единица. Паметно си кажа човекот, таму ќе добиеме гласови. Значи тоа што е рпавена новата територијана распределба е кроење, фактички е пазарење. Сите општини кои се правени се правени по терк на власта кај што ги добиваат изборите. Така да јас го разбрав г-динот Рахиќ.

Во однос на ова дека верзии има некој, дали Градот Скопје да биде двојазичен, еве јас отворено кажувам. Јас сум апсолутно против да биде Градот Скопје двојазичен, затоа што ова ова е пазарење. Направен е пазар за да се спаси коалицијата. За да се спаси коалицијата, Македонија оди курбан. Мислам ова се идните генерации ннас нема да ни опростат.

Ова се однесува и на вас г-дине претседателе, ако мислите вие дека е исправно и вршите цензура тука, испаднете вие сами без обезбедвуање , прошетајте низ Градот Скопје, сите ќе ве плукаат. Ќе ве плукаат како предавник. Вие како претседател на Собранието сте предавник, предавник на макеоднскиот народ, бидјеки кога сум зборувал јас уште во 1992 година, потоа во 1996 година и кога сум кажувал дека во Македонскиот парламент ќе се зборува албански, дека Македонија ќе се дели. Кога слушнавме за некој политичар што рекол дека границата е до Групчин, знаете што направија, го растргнаа, како Исус Христос, го растргнаа. Зошто ги нема сега борците кои се бореле за Македонија, тие од 1941 година, да станат да кажат за Градот Скопје, да кажат дали се дели Македонија или не се дели, го нема Активнот на жените , ги нема пензионерите. Каде се да станат сега да кажат дали ова е поделба или не е поделба.

Слушаме тука договор, политички. Никој не им дал право на тројца, четворица. Тоа се случува само во Македонија, се собрале главешините или водачите на племињата и ја поделиле Македонија. Никој не им дал право да ја делат Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Даневски.

Инаку не ве прекинав бидејки и мене ме обвинивте дека сум предавник. Во принцип можете да ме обвините за се што сакате. Имам свое мислење. Иднината ќе покаже. Но вие дека сте толку цврсти во своите предвидувања, тоа мислам дека ви е одма почетна грешка, барем од моето лично искуство.

(Реакција во салата зошто претседателто не го прекина г. Даневски во неговото излагање, што употребува навредливи зборови).

Ако другите ги окарактеризираше како предавници, ќе го прекинев. Бидејки се однесуваше на мене јас му дозволив својот јад и гнев и нерационалноста во дискусиите, да го каже.

Има контра реплика г-динот Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Еден дел во мојата дискусија кажав.

Второ, да кажам во 1996 година добив 300 гласови, така што лично интерес таму да одиме, дека ќе ги добиеме изборите, немам, а тоа не е ни битно.

Втора работа, ако се зборува за поделба на Македонија, поделбата на Македонија, ако веќе има, јас не верувам во тоа, ја почна некој пред нас со една изрека - до Групчин и после Групчин.

Трета работа, некој што сака да прикаже дека ја брани Македонија, да кажам дека тоа е борба за чиста гола валст. Вие не да ја поделевте, ако требаше и Гевгелија ќе влезеше во Скопје, ако ви кажеа , да бевте на власт. Немојте да ширите демагогии. Јас ви реков отворено, можеме да расправаме. Може јас се чувствувам нелагодно заради некои решенија, меѓутоа, тоа е реалноста и не се работи за спасување на оваа коалиција или на онаа коалиција. Тоа е реалноста и мораме да се соочиме со таа реалност и со неа да живееме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Груевски, како предлагач на амандманот.

Се извинувам г-дине  Балковски, јас тоа го изумив, од Деловникот.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Би сакал да се заблагодарам за тоа што , еве г-динот Есад Рахиќ кажа и на некој начин го изби главниот адут и на предлагачот, на министерот за локална самоуправа и на другите пратеници што кажуваа дека Кондово се припојува кон Скопје заради тоа што билмногу битен изворот Рашче да биде под Скопје. Дефинитивно, изворот Рашче е под јуриздикција и стопанисуван од Градот Скопје односно од Градски водовод. И добро е тоа што се кажа дека  и во овој момент е стоапнисуван од Градски водовод Скопје, чуван е од полицијата и од војската, меѓутоа не се кажа дека е чуван и од приватната агенција Оса, од 2001 година па наваму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски, јас ви го дадов зборот да го образложите амандманот, а вие го злоупотребувате тоа. Инаку ако беше реплика ќе добиевте. Јас бев коректен, ви дадов збор како предлагач на амандман и објаснете си го амандманот.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Добро. Значи изворот Рашче е под  јуриздикција на Градот Скопје, на  Градски водовод, добро е обезбедуван. Оценето е дека  полицијата и војската тешко може да го обезбедуваат, така што е ангажирана и приватна агенција, така да тој адут можеме да го ставиме на страна. Од ова произлегува дека изворот  Рашче апсолутно нема никакв аврска со она што се вика припојување на Кондово кон Скопје.

Јас уште еднаш ќе ги повторам аргументите од вчера. И за граѓаните на Кондово и за граѓаните на Скопје не е добро припојувањето на Кондово кон Скопје затоа што Кондово е рурална средина, си има свои потреби. Скопје е градска, или како главен град најградска средина во Република Македонија и има сосема различни потреби и фокус на внимание. Според тоа сосема е јасно дека припојувањето на Кондово кон Скопје, само заради вештачко создавање на огромна територија на Градот Скопје, за да се зголеми бројот на албанско население и да се воведе двојазичноста, за што јас би немал ништо против, до колку тоа е по природен пат односно по природен прираст, има над 20% и тоа се меѓународни стандарди кои

би ги прифатил и не би имал никаков коментар и воопшто ништо против. Меѓутоа, овде се работи за вештачко создавање со дупло зголемување на Градот Скопје, вештачко создавање на територија, после направен политички Пазар за кој сите знаеме дека беш направен заради кој и Владината коалиција влезе во криза и за кој едниот од партнерите кажа дека ќе ја напушти Владата ако не му биде тоа прифатео, дојдовме до оваа ситуација сме дојдени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, кој има реплика нека се пријави. Ги има повеќе, но последен е Борис Кондарко. После него никој не прифаќам.

Прв за реплика се јавил г-динот Есад Рахиќ.

Повелете имате три минути реплика.

ЕСАД РАХИЌ:

Сакам да расчистиме неколку работи.

Агенцијата Оса за обезбедување веќе година и нешто ни го обезбедува Рашче и би го замолил г-динот Груевски , тие дезинформации да ги расчистиме.

(Од место се јавува г-динот Груевски и прашува зошто не го обезбедувала Лупис).

Не беше Лупис во можност, вероватно беше зафатен низ цела Македонија. Од прилика тоа е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Груевски имате една минута контра реплика.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Значи со ова се потврдува дека во одреден период Рашче бил обезбедуван од приватна агенција Оса. Така?

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Понатаму за реплика се јави госпоѓа Благородна Мингова Крепиева.

Повелете имате три минути.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Благодарам г-дине претседателе.

Јас ќе се обидам да се вратам на амандманот и на она што се обидува сега како аргументи да ги искаже г-динот Груевски, за тоа дека општината Кондово

треба да остане како посебна општина и како што вели во образложението, неправењето засебна општина Кондово е крајно неприфатливо и со големи негативни последици за интересите на граѓаните на општината. Секако дека ги имале предвид интересите на граѓаните и она што во член 22 од Законот за локална самоуправа треба една единица на локалната самоуправа односно општината да може да ги извршува, а тоа покрај образованието, социјалната заштита, здравството, се и прашања од заштитата на животната средина, спречување од загадување на водите, сообраќајот, регулирање на сообраќајот, собирање на отпадот и т.н.

Морам да кажам дека во првата фаза кога разговаравме по Предлогот на законот за новата територијална организација, тогаш според стенографските белешки никој од опозицијата не се залагаше за посебна општина Кондово. Значи аргументите во образложението и она сега што го тврди г-динот Груевски, не се однесуваат на посебна општина Кондово, туку се однесуваат многу повеќе на прашања што се засегнати и регулирани со амандманот 5 во Уставот, а тоа е двојазичноста. Значи амандманто со образложението и она што денес ни се нуди како образложение, немаат никаква врска . Јас се јавив токму поради тоа да ги исправам неточните наводи во врска со овој амандман. Значи разговараме за посебна општина Кондово , а не за територијалната организација на Градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате контра реплика г-дине Груевски?

Немате.

Реплика има г-динот Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе,

Навистина очекував од пратеникот Груевски денес да излезе со аргументи кои е ги убедат и граѓаните во Кондово, меѓутоа и граѓаните во Скопје дека амандманот кој го предлага тој е во нивен интерес. Меѓутоа еве и денес се дискутира без никакви аргументи.

Јас ќе го потсетам г-динот Груевски дека општина Кондово и општина Сарај од 1974 до 1996 година биле дел на Градот Скопје и урбанистичките планови и на Сарај

и на Кондово се подготвени во општина Карпош, кои планови и денес ако ги побара може да ги најде. Значи тој дел има и урбанистички план на Градот.

Тезата дека на механички или вештачки начин се обезбедува 20% албанци во главниот Град, Скопје, не држи. Не држи од причина што ќе го потсетам г-динот Груевски дека сопописот од 2002 година во Скопје живеат 332 илјади македонци. Исто така во Скопје живеат, во урбаниот дел, говорам , сегашниот урбан дел 71 илјада и нешто , албанци. Ако го пресметуваме процентот и по овој аспект се обезбедува 20% албанци во урбаниот дел којшто е сега.

Овде беше кажана една дезинформација од страна на пратеникот Коце трајановски дека во Радуша живееле и имаат имот припадници на макеоднската заедница. Нека најде едно семејство, јас навистина јавно ќе му се извинам. Велам јавно ќе му се извинам до колку едно семејство има свој имот и живеело постојано во Радуша. Уште еднаш ќе нагласам дека тоа е рударската населба и таму живееле луѓето како што наоѓале работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Макрадули имате три минути реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Продолжува и денес дијалогот на глувите. Не можеме да се разбереме. Јас повторно ќе гопоставам истото прашање од вчера, на сите предлагачи на амандмани, кој е и чиј интерес бранат и застапуваат. Дали интересот на граѓаните на Кондово е да биде самостојна општина, како што нуди предлагачот на амандманот поднесен две минути пред последниот рок, или интересот на граѓаните е, тоа што и самиот го заклучува дека Изворот и водоводот и градскиот сообраќај егзистира веќе под влијание на градската капа, тоа и да продолжи. Навистина не можеме да се разбереме. Ако е побитно која агенција го обезбедува Изворот, тогаш никако не можеме да дојдеме до крај. Дајте да предлагаме амандмани, бидјеки некои може да бидат и усвоени, кои се во интерес на граѓаните на Република Македонија, а не со алиби амандмани само да пролонгираме или да глумиме некоја конструктивност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Макрадули.

Повелете г-дине Груевски имате една минута контра реплика.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Токму тоа е и поентата. Главната и основна потреба за децентрализација и за локаона власт е доближување на власта до граѓанинот. Како ќе се доближи власта до граѓанинот кај луѓето кои живеат во Кондово, ако сега од своја општина која е релативно мала и во која многу мал на луѓе живеат и може полесно да дојде до градоначалникот, како ќе бидат поблиску до локалната самоуправа во Скопје. Нема никаква логика во целиот предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине минситре да ги завршиме репликите па после да  ви дадам збор или сакате веднаш.

Значи сакате веднаш.

Повелете господине минситре имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Груевски не е  таа најосновната и најбитната потреба за процесот на децентрализација. Сакам да ви укажам, најважната  и најпотребната цел на оваа реформа е граѓаните да добиваат подобри услуги, поквалитетни услуги, по ефтини услуги и да одлучуваат за тие секојдневни потреби од нивното живеење. Сакам да ви кажам, нема никаква смисла оваа реформа, ако не ја оствариме таа цел. Тоа е правото што сакам да ви го укажам во делот на целокупното територијално организирање. Критериумите се една работа, а основната цел е друга работа. Најотворено сакам да кажам , и како минситер и како Влада, ако не мислиме дека со оваа реформа , во кој дел е и територијалната организација, нема да ја спроведеме таа реформа. Граѓаните на Кондово, почитувајки ја нивната желба, нормално и респектот на одредени пратеници кои не ја познаваат таа средина, како што е г-динот Груевски, имаат право да размислуваат дека граѓаните ако се самостојни ќе добиваат подобри и поквалитетни услуги. Тоа е правото на кое вие од друга страна инсистирате, да имаат консултации. До сега во  Минисатерството и во Владата немаме добиено никаква забелешка.

Јас затоа укажав во првата фаза, Општината Кондово беше припоена кон Сарај. И граѓаните од Општината Кондово, во текот на целокупната расправа не искажаа спротивно мислење од тоа првобитно решение. Значи врз основа на тоа желбата на граѓаните на Кондово да ги остваруваат своите права, заедно со сите капацитети со Општината Сарај и сметаат дека Ќе добијат подобри услуги, подобро снабдување, подобро подигање на сметот, подобро школство, подобро здравство, подобра култура и подобро користење дури и на спортските, па и цивилната заштита и сите други елементи. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика повелете господине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Внимателно го слушав излагањето на господинот министер и би го запрашал вака: зошто ова не се применува за Илинден, за Петровец, за Зелениково, за Сопиште. Истите аргументи што ги кажа за Кондово и Сарај, важат и за овие четири општини. И за образование и за спортски сали и за се што наброја, истото важи и за овие четири општини, поготово што во Петровец се наоѓа најголемиот аеродром во државата и поготово што меѓу Петровец и Зелениково нема сообраќајна врска. Треба таму 40 до 50 км. да се пружи, иако се блиски вака по територија, што е еден од критериумите при спојувањето на општините.

Кога зборуваме за Кондово тоа што кажа дека во првата фаза бил споен кон Сарај. Тука може и некоја логика да се најде затоа што и Сарај е некоја рурала општина. Можеби имаат и слични потреби. Но со Скопје, апсолутно немаат слични потреби

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Терминот ви истече. Повелете господине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Во првата варијанта и во Предлогот за донесување на закон дел од општината Сарај која ја сочинуваат и Кондово, влегуваше во Градот Скопје. И од самата реакција во расправа во Парламентот беше укажано дека тој дел од Општината Сарај, спортско-рекреативниот центар ги сече катастарските граници и

повредува еден од основните принципи. Тогаш јас укажав да, точно е, знам дека ги сече катастарските граници, но тој дел е и согласно урбанистичкиот план на Градот Скопје, дел од Градот Скопје.

Јавната расправа и во овој Парламент од голем број пратеници од опозицијата, особено од ВМРО-ДПМНЕ, укажуваат зошто во територијалната организација на Градот Скопје не е внесен Сарај, не е внесено Рашче, не е внесена Матка и Езерото Треска. Тоа беше јавно и го имате во делот од стенограмите.

Би сакал да укажам Сарај не е исто што и Петровец, во делот на територијалното организирање на Скопје. Сарај, во кој влегува и Кондово има сообраќајни врски добри, има урбанистички врски и има и морфолошки врски. Што значи во целокупното живеење и традиција на Градот Скопје во целокупниот период овој простор гравитира многу повеќе и е поврзан, отколку другите делови на Скопје и затоа врз основа на тој дел, не само врз основа на тој дел, јас морам да укажам дека тоа е едно компромисно решение во кој дел е остварување на уставната определба согласно амандманот 5.

Но ќе завршам Сарај и Кондово кон Скопје не е неприродно решение. Тоа е вештачко решение и прилепено решение. Тоа е дел на природното функционирање на Градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кондарко, имате реплика од три минути.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам претседателе, лидерот на опозицијата и на ВМРО-ДПМНЕ Никла Груевски ни зборува за некои аргументи во врска со тоа зошто Кондово не требало да се припои кон Скопје. Притоа, цело време напоменува дека тоа било нешто вештачко.

Јас сакам да го запрашам што е вештачко и дали знае каде ние живееме и дали знае каде е воопшто Кондово. Кондово е споено со Ѓорче Петров. Тие граѓани во Кондово...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидете трпеливи бидејќи тоа го барате од позицијата исто така.

Повелете господине Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Тие граѓани на Кондово се исто така граѓани како и господинот Груевски на Република Македонија. И тие граѓани до сега живееле и ќе живеат таму, ниту некој некого со сила доселил таму, ниту некого со сила некој од таму избркал или отселил.

Господине Груевски што вие сакате? Кажете отворено. Да не живеете со албанците? Престанете со демагогија и кажете отворено дека намерно создавате ваква политичка ситуација, од која сакате да извлечете лично политичко профитерство, а не водете сметка за граѓаните на Република Македонија. Велите дека не сте против двојазичноста на Скопје.А не сакате во суштина да живеете со албанците. Сега тоа ама. Што е тоа ама? Што е тоа што е вештачко тука? Тоа што вие не сакате да живеете со албанците. Кажете отворено каде води вашата политика. Дали води кон создавање на етнички енклави, кантони, федерализација. Напротив, нашиот концепт е поинаков, ние сме за заедничко живеење, за единствена заедничка Република Македонија. И на крајот, повикајте го вашиот коалиционен партнер ДПА и да видиме понудете ни заедничко решение и за Кондово и за Скопје и за Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само да ви објаснам нешто господа пратеници од мојата лева страна. Јас ве молам да бидеме коректни, затоа што во вашите расправи имаше поделба на Македонија, имаше политичко договарање, имаше пазарење. А од каде сте уверени дека имало договарање, дека имало поделба. Тоа се ставови и интерпретации кои што во ова Собрание може секој пратеник да ги каже, само да не бидат навредливи.

Повелете господине Груевски. Јас знам дека господинот Груевски многу добро разбра што кажав сега.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам за репликата, жлам што почитуваниот пратеник денеска е малку повее нервозен отколку што треба. Значи вели неспорно е дека луѓето што живеат во Кондово се граѓани на Република Македонија . Јас се согласувам и никогаш не била тезата дека граѓаните на Кондово не се граѓани на Република Македонија.

Второ, кажа дали ние сакаме да живееме со албанците? Јас ќе му одговорам дека сакаме да живееме. Тие се тука, живееме со години, со децении, делиме иста судбина и ќе го правиме и понатаму тоа.

Меѓутоа, со одредени решенија сега што ги прави СДСМ, можат да настанат промени во иднината токму заради она што тој го спомна, создавање на етнички енклави што не зборува за овој случај, но добро знаете кога зборувам за Кичево, Струга и за други места. Така што, напротив, ние сме против создавање на етнички енклави и го поддржуваме мултиетничкиот живот, што со овој закон за територијална реорганизација се руши.

Ќе ја искористам приликата на министерот за локална самоуправа да му напомнам, за она што го спомна дека Кондово имало и многу добра сообраќајница со Скопје. Истото го има Петровец, истото го има Илинден, истото го има Зелениково, сите се на неколку минути овие што ги набројав на три-четири минути со возило од Автокоманда. Значи не станува збор за тоа колку биле блиску, колку биле далеку. Станува збор за двоен аршин, за двоен критериум и за вештачко создавање на нешто што треба да се постигне заради политички договор, да не се распадне одредена коалиција, односно коалицијата на власт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Самоиловска процедурално.

Што е проблемот со процедурата?

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Проблемот е претседателе во вас, бидејќи не сте принципиелен. Затоа што вие го одземате зборот само на пратениците од опозицијата и не е ваше право да ги браните претставниците на позицијата. Вие не сте во функција на нивен адвокат. Оставете ги нив да си кажат. Зошто се ставате во улога на бранител. Зошто само на пратениците од опозицијата им го одземате зборот. Зошто го исклучивте микрофонот на господинот Слободан Даневски и дозволувате некој да зборува невистина и небулози и не му го одземате зборот. Зошто не реагирате исто правично како на позицијата, така и на опозицијата. Не сте принципиелен претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можам да одговорам на тоа. Ќе ви одговорам само со еден збор. Видете, секој може да има свое чувство. Јас тука воопшто не се возбудувам и ниту имам право да се возбудувам. Но јас ќе ви одговорам со еден единствен збор. Вашиот претседател на партија господинот Груевски многу добро ме разбра и коректно ме разбра и одговорот беше коректен. Не спомна ни поделби, не спомна ни договори кои што многу се користеа од страна на опозицијата, а вие не дозволувате интерпретацијата која што вие ја имате за овој договор, интерпретацијата на господинот Кондарко да биде како што е и како што е кажано во однос на вашите ставови во овој договор. Према тоа, тука сум принципиелен и рамноправен. А господинот Даневски го прекинав, бидејќи водеше општа политичка расправа. Затоа што не сборуваше за Кондово, зборуваше за предавство, за поделби.

Сега има збор господинот Љупчо Балковски. Повелете.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Најпрвин сакам да кажам дека сите овие расправи доведуваат, до тоа што можам да кажам и до грешно поставување на сите амандмани овде од  вас или од стручните служби во Собранието, затоа што се доведуваме во ситуација сега за Кондово да зборуваме, за Скопје, па потоа повторно ќе зборуваме за Скопје, па потоа ќе разговараме за член 12, каде што сите села од Кондово повторно се отфрлаат од тој амандман.

Мислам дека требаше на сосема друг начин да се води расправа по распоред на амандманите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Балковски ќе морам да земам збор да ви одговорам за амандманите. Дали ќе ми дозволите?

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Дали може да завршам па потоа . (Да).

Сега конкретно затоа што  на ваков начин ние два пати ќе разговараме и за Кондово, два пати ќе разговараме и за Скопје господине претседателе.

Сега конкретно за овој амандман за Кондово. Многу пати се спомна овдека и Рашче и сакам да напоменам некои работи, а тоа се прво дека  во првата фаза

првиот предлог на овој закон имавме предлог Кондово и Сарај да се спојат во една општина Сарај и функционираат на таков начин. Тогаш ние реагиравме како опозиција, затоа што мислевме дека  123 општини треба да опстојат во Република Македонија, а потоа да се види на каков начин тие општини можат да егзистираат и посебно и помеѓу другите општини. Меѓутоа, уште првата фаза кога се усвои дека ете Владата одлучила на ваков начин да ја организира територијата на Република Македонија  и комплетно Кондово и Сарај да бидат во една општина.

Сега министерот за локална самоуправа ми кажа дека едноставно жителите на Општина Кондово немале ништо против да бидат во Општина Сарај, меѓутоа, сега тоа воопшто не е прашање, затоа што имаме друг случај, а тоа е  од една општина составена од Кондово и Сарај од друга страна во Општина Сарај, едноставно се приклучуваат на Скопје, каде што воопшто не беше разговарано во првиот Предлог-закон за територијалната поделба.

Сега во втората фаза имаме случаи споената Општина Сарај, составена од Сарај и Кондово од две општини да биде во состав на Градот Скопје. меѓутоа, морам да кажам овде дека ова е чисто политички договор затоа што уште во текот на разговорите за донесување на овој закон се дискутирало во Владата помеѓу коалиционите партнери како Скопје да стане двојазично. И откако коалиционите партнери се договориле Скопје да стане двојазично, тогаш претставник од Владата, член на ДУИ кажа дека договорот е Скопје да биде двојазично, меѓутоа, се бараат начини како да се направи технички тоа да биде двојазично.  И уште тогаш се кажа дека со припојување на некои населби кои што не припаѓаат во Скопје, тие да се припојат кон Скопје за да процентот од 20% албанци да биде во рамките на  Скопје кое што го договориле коалиционите партнери.

Така да без разлика сакам да напоменам и воопшто непочитување на сите аргументи технички се доведе до тоа кон Скопје се припојат општините Сарај и Кондово или едната општина Сарај, ако сакате по правилно да разговараме, за да се зголеми процентот на албанците и Скопје да стане двојазичен град.

Кога спомнуваме сега во одбраната, без разлика кои пратеници, како Скопје да биде двојазично, па се спомнува овдека Рашче, сакам да напоменам дека воопшто не треба да разговараме и да ги мешаме термините Кондово и Рашче, затоа што Рашче и сега како извор за водоснабдување на Градот Скопје е под ингеренции на Градот Скопје.  Значи немојте да се служиме со аргументи дека Кондово и Сарај се спојуваат, затоа што во Кондово постои изворот Рашче.

Сега со изворот Рашче стопанисува Градското јавно претпријатие Водовод и канализација - Скопје и исто така јас морам да го потсетам ова Собрание дека ние како парламентарци, како членови на Парламентот, го донесовме Просторниот план за Рашче. Владата го направи, а ние во овој собраниски состав го донесе Предлог-просторниот план и го дефинира Просторниот план на изворот Рашче. Значи тогаш воопшто не стануваше збор за донесување на просторен план, што не може да се донесе, меѓутоа, за просторен план на Кондово затоа што тука е изворот Рашче, туку точно се донесе Просторен план за изворот Рашче.

Затоа кажувам уште еднаш, немојте да ги мешаме овие термини Рашче, Кондово, па затоа сме се согласиле дека сме пиеле вода од Рашче и сега и Кондово да биде во состав на Скопје.

Се спомна дека пред 1996 година исто така, во состав на Скопје било и Кондово, меѓутоа, овдека се спомна друга бројка 1974 година, а тоа е дека од 1974 година до 1996 година. Прашувам овдека што беше пред 1974 година. Значи да не навлегуваме во ситуации тоа било порано па сега ајде да исправиме некоја грешка, така што согласно сите критериуми, согласно сите стандарди, ако од 1974 година до 1996 година навистина Кондово било во Рашче, меѓутоа, во 1996 година со новиот Закон за територијална поделба од 34 општини станаа 123 општини и на таков начин Кондово доби сопствена општина и Сарај доби сопствена општина. Во целава оваа расправа сакам да кажам бидејќи напомнав дека погрешно се поставени амандманите во целокупниот редослед на амандмани, потоа повторно ќе разговараме и подолго можеби за Скопје кога ќе дојде точката на дневен ред, меѓутоа, не може почитувани пратеници ако во првата фаза воопшто не станува збр за припојување на две општини, односно Општина Сарај како една општина составена од Општина Сарај и Општина Кондово кон Општина Скопје, сега во втората фаза, тоа да го носиме како заклучок и сега да наоѓаме аргументи како треба да го оправдуваме.

Можеби е подобро да се каже, како што кажа членот на Владата и член на Партијата ДУИ дека едноставно тоа е политички договор и на таков начин треба да ја гледаме целокупната работа за двојазично Скопје, сега да наоѓаме аргументи затоа што и аргументите никако не можат да се оправдаат бидејќи и во генералниот урбанистички ллан на Скопје донесен 2001 година воопшто овие општини не припаѓаат кон тој генерален план, а во првата фаза кажувавме дека сепак

генералниот план на Скопје треба да се почитува. Тогаш имавме само во генералниот план постојат некои забелешки дека едноставно и Рашче и депонијата Дрисла се во состав како приградски населби односно населби од особено значење за градот Скопје, меѓутоа овде само ќе спомнам како Рашче и депонијата Дрисла, не се споменуваат имињата на населбите.

Интересен е уште еден момент, а тоа е на каков начин претставниците на ДУИ го оправдуваат сето ова, на каков начин ќе го правдаат претставниците на ДУИ ако македонците беа во поголем број од албанците во оваа општина дали тие ќе сакаа општина Кондово и општина Сарај да се спојат кон Скопје.

Ако веќе се оди во расправа за општината Кондово да остане во своите граници и општината Сарај, ќе имаме амандман, да остане во своите граници, тоа е едноставно да не припаднат во градот Скопје за да не се наруши генералнот урбанистички план на Скопје кој е донесен 2001 година, значи не е некој стар план па сега треба да се менува, меѓутоа сепак Скопје да го доживее сопствениот развој на градот како што секој сака да живее во градот Скопје и да функционира во него.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е пријавен господинот Абдуладии Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Денес навистина се чудам не само јас, туку се чудат сите граѓани на Република Македонија начинот на кој приоѓаме на оваа проблематика не е на место.

Прво, треба да ја прекршам тезата дека има политички договор помеѓу коалиционите партнери, но сигурно почитуван господине ќе има политички договори, бидејќи оваа територијална поделба се заснова на Охридскиот договор, а самиот документ на Охридскиот договор е политички договор, бидејќи го имаат потпишано 4 политички партии кои биле поголеми во тоа време и застепени во Собранието на Република Македонија и овој документ е политички документ,треба да ви биде јасно.

Сигурно и вие доколку бевте во Влада истото ќе го направевте и ќе имавте обвинение од опозицијата, но овие обвиненија кои доаѓаат од вас почитувани господа се деструктувни  обвиненија кои водат во раздор помеѓу граѓаните на Република Македонија. Јас знам дека ова го правите за политички поени и политички маркетинг, но ова го знам јас, не го знаат граѓаните на Република Македонија, а вие ги поттикнувате и понатаму да го изместат проблемот од местото кое го има и сакате

водата да ја насочите во друг правец, сакате водата да ја насочите на вашата воденица и да ги оштетите граѓаните на Република Македонија.

Второ, не можам да замислам дека вие претставувате толку гомема аверзија спрема граѓаните во Република Македонија. Проблемот е во тоа што албанците сакате да ги отстраните од Скопје. Тие од Арачиново или Студеничани биле дел на Скопје. Тие се преполовени и се враќаат на градот Скопје.

На крајот на краиштата оваа држава сме ја изградиле како демократска држава, мултиетничка држава, ова ни го гарантира Охридскиот договор и треба да ви биде јасно дека Македонија е демократска држава, тоа стои во нејзиниот Устав и не е тоталитарна држава.

Треба да заборавите дека помина времето на Ранковиќ кога албанците ги протеруваа од Македонија и ги носеа во Турција.

Да немате аверзија кон албанците и албанскиот јазик, бидејќи Скопје како престолнина на Република Македонија е симболика на мултиетничноста во Република Македонија. Каде да ги однесеме албанците од Сарај? Да ги однесеме во Софија, Атина.

Било да се македонци или албанци тие се граѓани на Република Македонија, ние треба да изградиме механизми и да најдеме формула на соживот во Република Македонија, формула прифатлива за цела Европа и имаме стремеж да бидеме интегрирани во ЕУ и во НАТО структурите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Зборувате веќе четврта минута.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Уште една реченица.

Бидејќи имаме претензии да бидеме членки на евроатланските структури, тогаш првенствено да работиме да не правиме раздор туку да се интегрираме, бидејќи јас прифаќам кога сме принципиелни, а ова е против принципите и вашите критериуми, вие секогаш го земате за пример Сарај кој се припојува кон Скопје, зошто не земете на пример како се основани разни енклави.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Балковски контра реплика.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Господине Вејсели ова не го сметам како реплика затоа што вие истото го поврдивте што го кажав јас. Еве буквално кажавте дека ова е политички договор, значи нема никакви аргументи зошто и како да се бранат Кондово и Сарај да бидат во склоп на Скопје.

Значи ова е политички договор и јас тврдев дека е политички договор. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со дискусија.

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во расправата по амандманите особено вчера и денеска зависи како им одговара на дискусиите особено на одредени пратеници од редот на парламентарното владино мнозинство, се употребуваат паралели, компарации во поглед на Законот за територијална поделба од 1996 година содржински, а за жал, формално сеуште се обидуваат да не убедат дека овде станува збор за закон за децентрализација кој треба да ги доближи облиците на власт што е можно понепосредно до граѓаните.

За жал, ние имаме сосема поинаква реалност од онаа од 1996 година и особено од 2002 година наваму Република Македонија не е онаа од 1996 година кога се подготвуваше тогашниот Закон за територијална поделба на Република Македонија иако понекогаш, како што реков, кога им одговара на пратениците од парламентарното мнозинство ставаат равенство на 1996-2002 година, а кога не им одговара ја истакнуваат таа нееднаквост.

Генерално земено и до сега во помала или поголема мера главниот град на Република Македонија апсорбираше премногу од материјалните ресурси на Република Македонија иако велам и повеќето се свесни главниот град на Република Македонија не е Република Македонија, сепак, без оглед дали тој главен град по бројот на жители е најброен, дали е единственото населено место во Република Македонија кое со закон има право да се нарекува град. Ако ја поставиме оваа теза за припојување или не на општина Кондово, Сарај, некој спомна зошто не би биле

приклучени и други градски населби или приградски населби во непосредна близина на градот Скопје, за граѓаните кои живеат надвор од Скопје не значи ништо во поглед на квалитетот на функциите и понатаму градот Скопје како што со закон ја има својата фунција, својата улога, прво зборуваме за облик на територијална поделба  кој треба да не однесе во сферата на децентрализацијата на власта, но истовремено треба да имаме предвид дека зборуваме сепак и за главниот град на Република Македонија, а главниот град на Република Македонија  во себе содржи предиспозиции, облици на функционирање кои се од значење за сите граѓани на Република Македонија.

ЏСега  тезата дека на овој начин имајќи ја предвид реалноста 2004-1996 година е доста различна се поставува прашањето и верувам дека можеби во иднина ќе има погласни приврзаници на идејата, можеби ќе треба да размислуваме во насока дека Скопје повеќе не треба главен  град на Република Македонија затоа што фактот дека главниот град апсорбира и повеќе отколку му е потребно за сметка особено за соседните региони во Скопјскиот регион, а обидувајќи се да ги поттикнеме во поголема или помала мерка развојот и во останатите делови на Република Македонија, мислам дека би било логично да почнеме да размислуваме во насока главен град на Република Македонија да не биде Скопје, туку да биде некој друг град во Република Македонија и на тој начин државата Република Македонија преку инвестирање за да се дојде до потребната инфраструктура за било кој главен град да не биде нескромно ќе почнам со Велес затоа што е најблиску на југ, Прилеп, Битола или во источниот регион на Република Македонија, на тој начин со една таква сериозна инвестициска активност мислам дека на сите ни е јасно дека би бил поттикнат развојот и на тие региони.

Кога зборувам за Велес ги имам предвид тиквешкиот, значи повардарскиот регион каде Велес приордно е  поврзан од една страна на течението на реката Вардар со Неготино, Кавадарци, со тиквешкиот регион, од друга страна исто така е поврзан со Пелагонискиот регион преку Прилеп (рекација од страна на пратениците од ДУИ).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, јас би ве молела ако може процедурално да реагирате, а не вака со викање. Ве молам, а господинот Трендафилов го молам да се насочи попрецисно кон амандманот.

ЃОРЃИ ТРЕДНАФИЛОВ:

Сите сме свесни дека живеењето во главниот град за сметка од живеење особено во рурални и пасивни средини во Република Македонија, живеењето во главниот град барем административно да се биде во главниот град сепак дава повеќе шанси на граѓанинот кој ја има таа можност да се каже и да егзистира, да просперира, да работи или да се надева дека ќе просперира подобро и подобро ќе заработи во главниот град отколку некаде во источниот дел на Република Македонија да речеме во околината на Облешево.

Значи, во контекст на тоа жителите на територијата на сегашно Кондово и Сарај во старт ќе имаат подобри позиции за просперитет, за подобар квалитет на својот живот затоа што сакале или не, без оглед на поделбата на територијата на Скопје, без оглед на функционирањето или нефункционирањето на општините во Скопје, предностите што ги носи главниот град со себе, мислам дека ни се доволно јасни.

Без оглед на кого ова му звучи смешно јас сум сигурен дека во Облешево има десет пати повеќе градска или староградска традиција отколку во некои приградски делови на Скопје, кои сега, согласно новата реалност во 2002 година ќе бидат административно дел од градот Скопје.

На почетокот на расправата по овој амандман за Кондово, неколкумина пратеници истакнаа загриженост и се разви една полемика околу Рашче и околу евентуалните опасности во било каква кризна ситуација, доколку се појави. Мислам дека некој од ЛДП зборуваше во таа насока, па поинаку е да го доведете главниот град во кризна ситуација со водоснабдувањето, а сосема е поинаку да доведете друг град.

Значи во насока на тоа дека треба да почнеме можеби да размислуваме главниот град на Република Македонија повеќе да не биде градот Скопје, барем она што зборуваше господинот Жерновски, мислам дека помалку би се обидувал да предизвикува кризни ситуации во поглед на водоснабдувањето на главниот град ако тој главен град повеќе не биде главен град.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас мислам дека оваа дискусија повеќе ќе одговара кога ќе зборуваме за Законот за градот Скопје, тука веќе завлегувате во концепт на градот Скопје, за еден друг концепт, па ако може..

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Добро, ќе го задржам правото да зборувам и на следната точка кога ќе се третираат овие прашања, но сепак сакам да го истакнам фактот дека навистина сериозно е прашањето дали градот Скопје треба да биде и понатаму главен град на Република Македонија секако сите сме свесни дека ќе бидат потребни сериозни финансиски средства за да се поттикне и да се достигне степенот на една, да речеме оптимална инфраструктура со која сепак не ја поседуваат останатие градови, но јас сум убеден дека можеби ова е најдоброто време да почнеме да размислуваме во таа насока, свесен сум и за уставните пречки и за сите тие правни норамативи кои би стоеле евентуално пред една ваква процедура, но сепак, што се однесува до мене, јас не негувам илузии дека овој амандман ќе добие поддршка, но за разлика од тоа убеден сум дека ќе бидам еден од оние кои ќе ја промовираат идејата и ќе бараат приврзаници градот Скопје повеќе да не биде главен град на Република Македонија особено огласно новата реалност од 2002 година. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, има повеќе реплики, прв за реплика е јавен господинот Невзат Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Благодрам.

Прво, процедурално до вас г-ѓо потпретседателке, бидејќи не го прекинавте говорникот, бидејќи пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, ништо не зборуваше на амандманот.

Треба да ви дадам на знаење на сите пратеници, доколку имате цел само да имате политички маркетинг и да губиме време, тогаш да им кажат на граѓаните да не се заморуваат многу, бидејќи ние имаме обврска да ја завршиме оваа работа, но да не остануваат при телевизиските екрани и да се заморуваат слушајќи ги ваквите, нависитна, можеби бесцелни разговори или дискусии.

Една личност, говори онака како што треба, тоа го говори министерот за локална самоуправа. Ние, пред нас, го имаме Предлог- законот за триторијална организација на локалната самуправа во Република Македонија. Овие измени се

болни, но тие не паднале од небо. Тоа се реформи. Реформи не можат да направат луѓе кои немаат знаење, луѓе кои немаат храброст, кои не мислат добро на татковината и на граѓаните. Затоа, овие измени можат да ги изведат само оние личности, политичари, лидери, кои што имаат храброст. Ние, пред нас, го имаме Охридскиот договор. . .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Бејта, процедуралноит дел помина и вие отидовте во дискусија. После рековте дека е тоа реплика, но ако имате нешто да кажете, кажете во дискусија. Ова е дискусија.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Потпретседателке, навистина ми е жал што не го слушавте претходниот говорник кој говореше за нешта што немаат никаква врска со амандманот. Јас зборувам за амандманот. тој зборуваше цело време за главниот град на нашата држава дека не е главен град. Главен град на нашата држава е Скопје. Град на сите рамноправни граѓани на нашата држава. Тој не зборуваше за амандманот а јас зборувам за амандманот.

И, да се вратам до Охридскиот договор, Охридскиот договор ја донесе децентрализацијата и Законот за локална самоуправа, Законот за финансирање на локалната самоуправа. Законот за одредување на границите на општините. Доколку тоа не е прочитано, не само што не е прочитано, туку и ушите им се затворени и ништо не слушаат.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Бејта, ако може само да се слушнеме, бидејќи мене ми се обративте.

Вие забележавте дека неколку пати го опоменав пратеникот Трендафилов да се држи до амандманот и да не го шири концептот за тоа кој да биде и каков да биде главниот град на Република Македонија. Така што мислам дека мојата улога ја извршив и мислам дека вие сепак отидовте од процедурална забелешка водискусија што исто така не беше во склад со Деловникот. Меѓутоа, да имаме разбирање сите, ова е еден комплициран истражен закон, состојбата е специфична, па затоа имам разбирање за тоа што некогаш излегуваме преку оние прецизни рамки на Деловникот.

За реплика се јави г-динот Рафис Алити.

Повелете г-дине Алити, рековте дека не сте за реплика, туку процедурално, повелете.

РАФИС АЛИТИ:

Благодрам г-ѓо потпртседател.

Мислам дека дискусиите што не се во однос со амандманите треба како претседавач на Собранието да ги прекинете. Бидејќи, доколку вака, како што дискутираше претходниот говорник, дозволиме и понатаму да се дискутира во ова Собрание, навистина и пратениците и граѓаните нема да знаат за што говориме овде. За амандманите или за општиот претрес на законот.

Уште еднаш ќе кажам, ќе нагласам, кој пратеник говори, без разлика на тоа, ако не се придржува кон дневниот ред, треба да му се одземе зборот.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ви благодарам и апсолутно се согласувам со Вас.

Господинот Игор Ивановски има збор, се пријави за дискусија, повелете.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Се двоумев дали да дискутирам по овој амандман или по оној следнот, обидувајќи се за разлика од останатите да бидам конзистентен и да разговарам конкретно за амандманите, иако сите се обидуваат, пред се опозицијата, да своите аргументи ги примени буквално за сите амандани, без притоа да имаат посебна логика, за жал, во следниве денови, а во изминативе денови имавме ситна театарска претстава што им е за цел одолговлекување, неконзистентност, нелогичност, но сепак тоа е тоа. Политиката, мислам дека ќе успееме на крајот да дојдеме барем до некои одговори.

Тоа што можев во овој амандман од расправата да слушнам, пред се од раководството на ВМРО-ДПМНЕ, се горе-долу две тези:

Едната, што верувам ќе ја употребуваат од почетокот до крај, дека сето она што е предложено од страна на Владта е во спротивност со интересите на граѓаните, на локалното население.

Втората, што е применлива сега во оваа дискусија дека главниот проблем е двојазичноста на градот Скопје.

Ако ја земеме во опција првата теза, дека граѓаните на Сарај и Кондово со спојувањето и со внесувањето во рамките на градот Скоје ќе живеат полошо, ќе

видиме дека тука нема никаква логичност. Напротив, внесување на две општини, во градот Скопје, кои природно и логично припаѓале, па во еден период можеби нелогично, во тој период 1996 година, до денеска биле извадени надвор, ќе видиме дека тие всушност добиваат бенефиции што дополнително ги добиваат и од страна на градската управа.

По таа логика, што мислам дека ја спомна и г-динот Груевски, значи дека општината центар, каде што живеат најголем број од раководството на ВМРО - ДПМНЕ треба да се издвои надвор од Градот Скопје, за да, наводно, им се подобрат нивните интереси. Апсолутно нема никаква логика и нема никаква оправданост, а таквата терминологија и аргументација ја слушавме и ќе ја слушаме за сите амандмани без ни малку здрав, логичен аргумент.

Втората работа е дека катастрофалноста на овој предлог е во тоа што во Скопје ќе функционира, на градско ниво, двојазичноста, односно рамноправната употреба во одредени сфери и албанскиот јазик како јазик на етничката заедница која во овој случај ќе брои над 20%. И тоа е крупното прашање, тоа е вистинското прашање како еден сегмент за кој што вие применувате ситна и евтина дискусија.

Во овие изминати два часа за овој амандман слушнавме за какво Скоје, претседателот на ВМРО ДПМНЕ несе залага. Но, не слушнавме за какво Скопје се залага. Слушнавме, ако тоа е главното прашање, за каква Македонија не се залага, а не слушнавме за каква Македонија се залага. Извинете, за лидер на опозиција дискусија која што, користејќи ги Сарај и Кондово дава опасни тези контра, а не дава тези за тоа што тој би требало да се залага, е недозволено.

Тоа што во оваа дискусија во изминатиот период можевме да слушнеме е дека е направен политички договор, политички пазар, договор меѓу партиите. Точно е дека е направен договор меѓу партиите, затоа пртставниците на тие партии седат во средина и десно, а вие седите сите лево. Одговорноста е тука. Одговорноста да се усвои, одговорноста да не се усвои, ако така сметате, лежи кај вас.

Одличен договор е оној во кој што двете с трани нема да се ниту потполно задоволни, но не се ниту потполно разочарани. И тоа е успехот на еден договор, компромисот. Тоа што не може дефинитивно да го затвори прашањето, тоа не е ниту намерата. Туку, постојано, во духот на тој договор, почнувајќи од Охридскиот, продолжувајќи со договорот за територијална организација и децентрализација, продолжувајќи понатаму, ќе ја гради реалноста во Република Македонија.

Мене ми е сосема јасно, зошто г-динот Трендафилов Скојпе да не биде главен град. Мисли дека така ќе го реши проблемот со двојазичноста, па ајде да го предложиме Штип, Велес или Струмица, и на тој начин нема да имаме двојазичност. Ќе го решиме со тоа проблемот на државата?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ивановски ако може зборувајте за амандманот.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Г-дине претседателе, вие минатиот пат не ми дадовте право да реплицирам. Сега се пријавив за дискусиа и реков ќе се обидам ако не 100%, тогаш барем 90% да се придржувам кон амандманот, за разлика од останатите каде што тоа не беше случај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И останатите ги прекинував.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Во организацијата на опозицијата која што употребува, образложувајќи зошто Сарај и Кондово не треба да се внесат во Скопје, се користи аргументацијата, мислам дека од таа коуникација произлегуваат нивните два става или стравувањето што се актуелни во Република Македонија:

Дека, на тој начин се продолжи трендот, стравот на македонците дека албанците ќе ја поделат државата, а во исто време ќе пости стравот кај албанците дека ако тоа не се напрви, ќе бидат граѓани од втор ред.

Прашањето е премногу крупно за да се сведе на аргументацијата зошто Сарај и Кондово треба да бидат надвор од Скопје и зошто тие да бидат во Скопје, како што е предлогот на Владата.

Г-дине Груевски и претставниците на опозицијата, животот на граѓаните на Сарај и Кондово, ќе бидат подобри со овој предлог ако бидат во рамките на Скопје. Животот на граѓаните на Скопје ќе биде подобар со генералниот амбиент во Република Македонија на кој што и се работи. Ова е само еден процент од тоа што се работи. И, апсолутно е недозволиво во амандманска расправа да се користат тезите дека со ова се прави поделба на Градот, дека се прави поделба на Македонија, дека ќе биде комплетно сменето животот на граѓаните, со тоа што ќе се зборува албански во одредени сфери во функционирањето на градот.

Зградава на Парламентот е во центарот на Скопје. Тука ќе се збори албански и така треба да биде, бидејќи реалноста е таква. Имате опција да предлагате, или

Скопје да не биде главен град или да ја заботете главата како ној во песок и да мислите дека сте го решиле проблемот. Далеку од тоа.

Има, апсолутно реални аргументи, не затоа што денеска тоа Владата го предлага, такви аргументи постоеле и од порано. Такви аргументи постоеле и од 1996 година, не биле прифатени. Тогаш опозицијата, т.е. вие бевте против предлогот Сарај и Кондово да бидат посебни општини. Денес сте за.

Убеден сум г-дине Даневски дека дефинитивно ќе се покаже дека овој амандман, со тоа што ќе се одбие, а ќе се потврди прдлогот на Владата, дека ќе биде во позитивна смисла не за многу години нанапред, туку веднаш. И апсолутно за тоа никој од овие претставници што ќе гласаат против амандманот за Законот нема да биде плукан во овој град ниту било каде во Република Македонија бидејќи она што го правиме е апсолутен бенефит и на граѓаните поединечно, ако зборувате, ако е тоа флоскулата што треба да ја правиме а дефинитивно се потврдува она што изминативе години го дава својот резултат, сакале вие да признаете или не.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пријавете се за реплика, бидејќи кога ќе почнеме после нема пријавување. Значи, нема веќе пријавување ве има некаде околу 10.

Почнуваме со г-динот Блаже Стојановски, повелете имате три минути.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодрам.

Сакам да му реплицирам на г-динот Ивановски на следниот начин:

Брзањето со територијалната поделба на Република Македонија, со границите кои во име на албанците ги прифаќа ДУИ, а во име на останатите граѓани на Република Македонија, пред се на македонскиот народ ги прифаќа СДСМ е директно поврзано не со потребите на локалното население, туку ова брзање е поврзано со идното дефинирање на статусот на Косово 2005 година. Оваа територијална поделба е исклучително погодна за максималистичките и екстремистички тенденции на албанците, затоа за децентрализацијата на Република Македонија. . .

(Реакции со дофрлање од место)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, секој има право да заклучи што ќе реплицира врз основа на говорот а имаше и такви елементи.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Затоа, за оваа децентрализација се одржа и состанок во Подградец каде зборува Али Ахмети, Муса Џафери, Агрон Буџаку со превисоки политички претставници на Албанија. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Е, ова не може, затоа што тоа не беше спомнато, ќе ја прекинам расправата.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи, ова разграничување претставува политички пазар во кои што не се почитувани интересите на македонците и другите помали етнички помали заедници, туку ова е, а тоа се случува, затоа што оние кои треба да ги застапуваат тие интереси, значи зборувам за претставниците на СДСМ, не ја почитуваат волјата за која што ги добија гласовите во 2002 година. Затоа што во 2002 година тие не презедоа обврски спрема граѓаните туку спрема ДУИ или тогашната она и сега тие обврски ги реализираат.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика - нема.

Процедурално бара збор г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ви благодарам г-дине пртседател.

По се изгледа дека постојано се повикуваме на граѓаните и во нивниот интерес, особено опозицијата што денеска е присутна. Ја злоупотребувавме токму позицијата на тие граѓани односно во овој момент пратеникот Блаже Стојановски, кој што си зема за право од името на репликата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Џафери тоа не е процедурално, а бидејќи вие рековте дека се јавувате процедурално, кажете каде е процедуралната забелешка.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ќе ја кажам сега процедурата.

Дозволете ми да ви кажам г-дине пртседателе, што е процедурата, каде е прекршена процедурата.

Се зборува за амандманот,за Законот за територијална организација на Република Македонија и поставените амандмани за општина Кондово, немаат никаква врска, апсолутно никаква врска со идниот статус на Косово и со прашата

што се однесуваат на интересите на Албанците на Косово или пак на албанците во Македонија.

Затоа не дозволувајте во процедурата овие прашања да се злоупотребуваат и да се ставаат на дневен ред и да се дебатира, затоа што најмалку Блаже Стојановски или било кој друг може да решава за конечниот статус на Косово. Мислам дека тоа не е прашање на Парламентот на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Пратеникот Блаже Стојановски, немаше дискусија по амандманот тој имаше реплика по тоа што беше кажано.

Повелете г-дине Коце Трајановски, имате три минути реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине пртседателе,

Во овие три минути ќе се обидам да реплицирам на г-динот Игор Ивановски. Тој кажа дека ова е ситна театарска пртстава со цел да се одолговлечи дискусијата. Јас би му кажал дека ова е крупна театарска претстава со трагични последици за Македонија од СДС. Тоа е првото.

Второто, добиваме кои бенефиции ги добиваат од градот, ќе ги добие општината доколку биде во градот Скопје. Значи, како локална самоуправа доколку во конкретниов случај тоа се случи во општината Кондово.

Јас би кажал дека не е точно, бидејќи било која од општините, еве да ги вклучиме Илинден и Петровец, не можете да ги припоите кон градот Скопје, бидејќи ќе настанат голем револт и бунтови кај населението. Тие едвај се спасија од градот Скопје, поради што, а тоа ќе го кажам сега:

Бидејќи голем дел од ингеренциите на општините доколку бидат во раки на градот Скопје, а не се посебни општини, ги добива Градот Скопје. Значи, да земеме само јавните претпријатија, општината не ќе може да формира јавно претпријатие туку ќе вачат јавните претпријатија што се на ниво на Градот Скопје. А, колку се тие ефективни во своето извршување и досега, само ќе ги спомнам селата што се во општина Гази Баба, која што е во рамките на Градот Скопје, почнувајќи од Стајковци, Црешево, Виниче, Булачани, или надолу од Трубарево преку Јурумлери, Колонија Идризово, Јавното комунално претпријатие воопшто не ги извршува своите услуги таму, бидејќи тие не се во Генералниот урбанистички план. Значи, иако се тие во градот Скопје, тие воопшто немаат полезности од тоа од една страна, а од друга

страна тие не можат да формираат јавно претпријатие како што ќе може тоа да го направи. . .

Г-дине Кондарко, се извинувам, не ми влегувајте во збор.

Според тоа, исто така и за Кондово, нема да може да формира јавно претпријатие, а ќе биде тоа на Градот Скопје, а колку тоа ќе ги извршува, ќе мора да се молат на градоначалникот Пенов ако може некогаш да пушти некое од возилата. Тоа е од аспект на ингеренциите.

Од аспект на финансиите, јас не знам дали се запознаени граѓаните на оваа општина или на другите општини кои се припојуваат кон Скопје, дека таксите за комунално уредување ќе бидат во односот 60:40. Значи 60% од парите од комуналното уредување ќе одат на градот Скопје, а само 40% ќе останат во општината што е во градот Скопје. Значи повеќе од 50% парите ќе им ги зема градот. А, како ќе ги враќам, зависи од тоа колку ќе се измолат кај гардоначалникот и во Советот. Тоа е прво.

Второ, даноците се делат 50:50.Значи, 50% од даноците ќе подпаднат под фградот Скопје. Колку од тоа ќе им се врати самите ќе знаат откако ќе бидат припоени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам г-дине Трајановски.

Г-динот Ивановски има контра реплика.

Повелете имате една минута.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Веројатно нема да исполнам ни една минута бидејќи на овие аргументи нема ни што да се реплицира, освен што г-динот Трајановски ни покажа дека ја знае урбаната географија. Веројатно тие места каде што ВМРО-ДПМНЕ не победиле па веројатно ги памти по тоа тие места. Сето она останато што го кажа, сето она што тој го кажа е крајно нелогично. А, за да биде до крај конзистентен треба да даде одговор кои комунални претпријатија и досега ги обавуваа услугите во овие две општини. Дали некоја од Штип, од Струмица, или од Скопје. За да бидете до крај конзистентни во вашите изјави, иако не можете, бидејќи во бунило ви се флоскулите и тезите, па ги мешате де Косово, па де комунално претпријатие за собирање на смет, па де нешто трето, само за да се образложи нешто што ниту пак Господ може да го образложи.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам.

Г-дине Даневски имате реплика од три минути.

Повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

г-дине Ивановски, со внимание ве слушав, и мислам дека целата дискусија беше наменета со една празна реторика, со обвинувања што вие направивте, вие какво мислење имате, се обраќате на пратениците со два збора.

Јас за целиот закон две реченици и сега да ја изместите, да ја фокусирате вие работата, што вие предлагате? Што предложи Владата. Ова што беше Ваше обвинување кога се задржуваме тука, зборувате дека е ова театар и дека се прави компромис. Компромисот го правиме многу години на штета на македонскиот народ. За тоа што велите: генерациите ќе одлучат, ќе одлучат, ама ќе биде доцна. Дадено и пренесено право, тешко земено право. Тоа е историски гледано. И ова што викате дека Албанците не ја делат Македонија. Па тие не се будали, тие си ја сакаат цела, какво делење? Тие не ја сакаат пола Македонија, тие ја сакаат цела Македонија.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Жал ми е господине Даневски, што не ја сваќате тежината на она што овде се прави. Не само по овој повод, туку и по сите поводи и законски проекти во Република Македонија. Скопје и по усвојување на овој нов закон ќе остане такво како што е можно да биде само подобро, не може да биде полошо. Но, она што господине Даневски може да биде многу подобро од она што е досега е дека во континуитет се предлагаат и се усвојуваат и функционираат и законски проекти и пракса на живот во Република Македонија која што е неминовност, а тоа значи заедничко живеење, значи соживот, не значи поделби и плукање и предавници, термини кои што вие ги употребивте по 20 пати во оваа сала за 30 различни работи и значи концепт на уредување на држава која што има иднина. Сето останато ќе значи најситното од ваша страна обид да добиете пола процентен поен на анкета пред локални избори и реторика која што дефинитивно ниту вие ја разбирате, а едноставно предизвикува многу големи реакции во реалноста. Одговорноста е на ваша страна.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот Ивановски се повикува на 1996 година и кажува дека опозицијата тогаш беше против законот за територијалната поделба, или

организација, но заборава дека од 1994 година до 1998 година оваа опозиција ВМРО-ДПМНЕ не беше во Парламентот, така што граѓаните не можеа да го слушнат тоа мислење. Можеби за вас сега ќе беше најдобро повторно да е така и ќе ги поминевте овие закони, до денес веќе ќе беа донесени. Но, во секој случај ова што го кажувате дека сето ова е ситна театарска претстава, дали за вас господине Ивановски делбата и ова што судбински денеска го решаваме на Република Македонија е токму ситна театарска претстава. Вие повеќе од два месеци секој викенд ни правевте репризи на една голема премиера која беше потпишана пред две години, пред 15.09. кога го потпишавте овој договор со коалициониот партнер ДУИ и сега сте во ситуација да морате тоа да го реализирате. Тогаш го повикувавте народот да ја земе власта во своите раце. Но, вие ја зедовте власта во името на народот. Народот ќе дојде да си ја побара власта повторно во свои раце и во тоа да бидете убедени. Вие со вашите договарања сега по некои локали, по некои планински куќарки, по биртии и уште не знам каде ни го понудивте ова што го нарекувате закон за територијалната организација, или поделба. Ситно петпарачки договор кој го предлагате пред нас пратениците, но заборавате дека има и други критериуми кои треба Владата да ги исполни, услови и начин на кој граѓаните ќе можат да ја практикуваат власта. Ова што сега им го нудите, апсолутно ниту ќе ја практикуваат власта, а ја доведувате Република Македонија генерално во една голема опасност. Тоа е ова што ни го понудивте господине Ивановски.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Опозицијата од 1994 година до 1998 година беше надвор од Парламентот по сопствена одлука и тоа треба да им го објасните на вашите членови кои што во тоа време веројатно претпоставуваа дека ќе ги застапувате интересите во Собранието, а не надвор на улица. Тоа е минатото. Сега зборуваме за иднината. Концептот од кој што произлегува овој Договор е потпишан во 2001 година и се нарекува Рамковен договор. Тој концепт е преточен во Уставот на Република Македонија. И за едното и за второто ВМРО-ДПМНЕ го стави својот потпис и вашите пратеници гласаа за истото. Денеска имаме предлог законски проект кој што е договорен од политички партии, договорен од Влада која што е политичка, но кој што е во рамките, во контурите и произлегува од духот и реалноста и од Рамковниот договор и од Уставот и од животот во Република Македонија. Ако тоа за вас се мислени именки, тогаш имате поголем проблем.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас со внимание го слушав излагањето на почитуваниот колега Ивановски и не можам да се согласам за две работи во неговата дискусија. Значи во Охридскиот договор никаде не пишува дека Македонците треба да плаќаат за патишта по кои не можат да се движат, за училишта во кои нивните деца не учат и за факултети во кои никој од нас не смее да влезе.

Второ, што се однесува до идејата дека можеби Скопје не треба да биде понатаму главен град. Господине Ивановски вие направивте нов Прохор Пчински, па една административна промена на главниот град ве вознемири толку многу што не можам да ве сватам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Ивановски, една минута.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Тие судбински изјави му доликуваат на колегата пратеник. Јас не знам по кои улици и патишта тој не може да се движи. Јас барем можам по сите. Јас знам дека сите училишта и установи на државата се отворени за сите граѓани. Повторно ја користите истата реторика, а не знаете зошто, а немате ниту еден аргумент за да може да ја користите. Господине Трендафилов, ако сативте во меѓувреме во изминативе половина час дека кажавте глупост, со менување на административноста како главен град на Скопје, не влегувајте и во дополнителни глупости.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска, три минути реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас не знам колегата Ивановски дали настапува од името на пратеник во Собранието на Република Македонија, или советник на претседателот на Република Македонија, тоа е една работа.

Втората работа е, зборуваше колегата за логика. Е сега, јас би сакала да го прашам него. Логика имаше во првиот предлог за територијалната поделба каде

што постоеше општина Сарај во кој беше општина Кондово. Што ја премисли почитуваната Влада на Република Македонија да го смени нејзиниот првобитен став и општина Кондово за кого е всушност оваа расправа да бара да стане заедно со Сарај составен дел на градот Скопје. Морало значи некоја голема математика, или како што кажа колегата Вејсели всушност откривме дека се работи за политички договор помеѓу СДСМ и ДУИ. Точно е дека одговорноста паѓа почитуван колега и на вас и на нас, ама ние сите овде сме избрани од народот. Народот со неколку референдуми, или поточно 40 и кусур кажа, не, на оваа територијална поделба, бараа да си останат старите општини. Експертите за локална самоуправа почитуван колега, никој не ја поддржа оваа територијална поделба. Владата упорно не убедува: ова е решението за Република Македонија кое досега не било измислено. Мислите ли дека градоначалникот на градот Скопје многу ќе се засекира за потребите на граѓаните во Кондово? Знаете колку ќе му биде тешко, градоначалникот нема да може да спие за граѓаните за Кондово. Така што тие аргументи кои ги нуди позицијата дека многу ќе се подобрел животот во Кондово, мислам дека се аргументи кои воопшто не држат. И да престанеме да се лажеме. Што е основната причина? Двојазижност на Скопје, меѓутоа, да потсетам, двојазичноста на Скопје, ние не сме против двојазичноста, но тоа не значи дека Република Македонија е мултиетничка држава со двојазичност. Мулти, значи нешто друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Ивановски имате една минута.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Многу кратко. Почитувана колешке, зошто Владата го сменила своето мислење, можете да се упатите на вашата лева страна каде што е министерот во својство на предлагач на Владата. А првата дилема, јас зборувам во свое име.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски имате три минути реплика.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Значи во оваа дискусија на која што сега се даваат реплики, почитуваниот пратеник и советник на поранешниот премиер, забележав една реченица која што вели дека животот на граѓаните во Кондово ќе станел многу подобар со овој закон и

животот на граѓаните во Скопје исто така многу подобар, глобално гледано заради целата атмосвера. Се прашувам зошто 40 дена најмалку двајца потпретседатели на СДСМ секоја втора, трета вечер на телевизија не убедуваа дека во преговорите нудат или Кичево и Струга, или Скопје. Дали тогаш не беа убедени дека ова е најдобра варијанта за граѓаните на Скопје и на Кондово, или во прашање беше нешто друго. Значи, стално слушавме, нека одберат ДУИ или Кичево и Струга како што претходно било договорено, или Скопје, или едното или другото, никако двете. Сега испадна и едното и другото, односно трите.

И втора работа, многу ме интересира во овој контекст дека животот на граѓаните во Кондово и во Скопје ќе биде подобар. Како да го разберам она што во сите медиуми го пренесоа 3:0 и 5:0, дека ако не сме изгубиле со 3:0, ќе сме изгубиле со 5:0. И никако не можам да го ставам во корелација со оваа убеденост дека животот на граѓаните во Кондово и на граѓаните во Скопје ќе биде подобар. Значи, или сме изгубиле ние со ова 3:0, ама сме избегнале 5:0 или животот ќе биде подобар на граѓаните во Скопје. Значи две работи има тука што тешко можат да се разберат во контекст на сигурноста за подобар живот на граѓаните на Скопје и на Кондово. Што значи тука 3:0 и 5:0 и зошто или Скопје, или Струга и Кичево, ако е Скопје фиксно, ако е сигурна варијанта дека животот на граѓаните во Скопје ќе биде поубав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Ивановски една минута.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Господине Груевски, тешко на таа партија и на таа опозиција, ако лидерот се прашува, па уште помалку ако ме прашува мене. Јас ќе се обидам да му дадам одговори, но кога ќе имаме поширока расправа, а не амандманска. Она што можам да го кажам е дека резултатите 3:0, 5:0 беа новинарски натписи и ако не сваќате кој е влогот не за овој закон, туку вратете се малку поназад и она што се правеше и 2001 година и она што се правеше во изминатиот период и она што ќе се прави, тогаш имате дефинитивно проблем со реалноста. Ние имаме денеска конкретен законски предлог. Вие опонирате дека тој законски предлог е надвор од Рамковниот договор кој што вие го потпишавте и дека тој значи поделба на Република Македонија. Тоа се крупните прашања на кои што се обидувам да ви дадам одговори

дека сте во заблуда, или во бунило, а на истите тие две прашања вие не давате никакви контра аргументи. Само гола реторика. Ништо повеќе тука нема што да додадам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Оровчанец, три минути.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам господине претседателе,

Јас имам неколку прашања до драгиот колега пратеник кој исклучително го ценам, меѓутоа кој еве, успеа да се стави во една позиција да брани тези кои се неодбранливи и мислам дека само со реторика сака да ги наметне тие работи, а не со било што друго.

Прво, зборува за логичноста на законското решение споредувајќи го со логичноста во 1996 година. Треба еднаш да дефинира, или да се определи кое би било логичното решение, дали 1996 година, или сега? Посебно што 1996 година ова беше едноумен Парламент во периодот на плурализмот и демократијата на Република Македонија. И тогаш со месеци беше фалена територијалната поделба и решението на овие општини.

Втора работа што пратеникот заборава дека Македонија е сепак земја која што е во еден пост кризен период. Овие тези со законот, јас слободно можам да кажам и го убедувам и тоа е мое лично убедување, а мислам дека е и убедување на повеќето граѓани, дека со ваков приод кон законот, со ваква нетранспарентност и вакви решенија ние ги зголемуваме антагонизмите помеѓу заедниците во Република Македонија и го доведуваме во прашање соживотот. Мислам дека е таа теза правилна теза, а не дека на овој начин ќе го решиме прашањето.

Трето, дека работите не се такви какви што сака да ги претстави, треба да ни даде одговор како неговата пратеничка група, или неговата партија СДСМ и дава статутарно право на пратеничката од Струга да го исклучи своето мислење како да пратениците од Скопје на СДСМ по некој друг статут работат, или не знаат да размислуваат, па партијата ќе размислува за нив.

Четврто прашање кое би го наметнал, а кое е јасно кое е многу очигледно, прво постоеше политички договор за дефинирање на двојазичноста на Скопје. Потоа сите решенија меѓу кои е и Кондово околу кој сега зборуваме практично е техничко

решение на реализираниот политички договор меѓутоа без да се најде ниеден елемент кој елемент би требало да го оправда сето ова, барем и од технички аспект.

И последно што би го кажал, на што тој се повикува за Рамковниот договор, тоа е дека ова што сега се прави, ама нема баш никаква врска со Рамковниот договор исто како што и законот за високо образование, беше донесен и Универзитетот во Тетово вон Рамковниот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Ивановски, имате една минута за контра реплика.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Г-дине Оровчанец, изгледа не сте ме слушнале добро. Се обидував да најдам уште еден аргумент за нелогичноста на ставовите на опозицијата. 1996 година, таа беше против тој предлог на Владата. Денес условно е за тој предлог на Владата. За временски период од толку години имаме два различни става. Јас тогаш не сум имал шанса да го искажам мојот став за тој предлог за формирање на 123 општини, а денес индиректно со усвојување на овој предлог ќе го кажам мојот глас не за постојната територијална поделба од 1996 година.

И она што го кажавте накратко во две-три реченици, иако за тоа е надлежен координаторот. Незнам што ви значи тоа дека се дава статутарно право на некој да гласа за или против. Всушност овде пратениците на СДСМ, а убеден сум и на владеачкото мнозинство не гласаа затоа што статутот им наредува со да или не или воздржан, гласаат согласно својата политичка определба и ставовите на партијата. Зошто поединечен пратеник од Струга така одлучува да гласа, за тоа ќе треба да ја прашате пратеничката  и тука воопшто немам никаков проблем ниту со ставовите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Ивановски, измина времето.

Последна за реплика се јави г-ѓа Ганка Самоиловска -Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Во своето излагање г-динот Иваонвски конечно ни кажа дека прашањето за теритотијалната поделба на Република Македонија всушност е политички договор меѓу СДСМ и ДУИ. Меѓу другото, ни објасни дека добар договор е оној договор во кој двете страни се нецелосно задоволни. Прашањето на територијалната распределба или територијалната организација на Република Македонија не е прашање кое треба да ги задоволи само едната или другата страна, односно СДСМ и ДУИ и не е

прашање кое ги засега само едната или другата страна. Прашањето за територијалната организација е прашање кое ги засега сите граѓани на Република Македонија и токму од тука произлегува целото незадоволство и целата тензија меѓу граѓаните на Република Македонија и ви целокупната македонска јавност што се јавува.

Затоа, би ве замолила да се договорите на кој принцип да излезете со еден став при убедувањето на јавноста, според кој принцип се кроени новите општински граници. Сега ни кажувате дека тоа е правено на принципот на постигнување политички договор, Владата со месеци station наназад не убедува дека тоа е правено на принципот на задоволување на економскиот и демогравскиот критериум, за да Црвенковски на крај ја искара Владата за нејзината наивност, бидејќи таа го елиминирала етничкиот критериум во убедувањето на јавноста, за да на крај тој ни каже дека користен е етничкиот критериум. Ве молам да не убедите, да излезете со единствен став, а не можете да излезете со единствен став бидејќи единствениот критериум според кој се кроени новите општински граници е следниот: Едноставно оваа коалиција да опстои на власт, никаков друг критериум не задоволуван.

И на крајот, би сакала да го прашам г-динот Ивановски во однос на изјавата 3:0, 5:0, дека Македонија губи, дали тој сакаше да каже дека новинарите не ја говорат вистината или можеби се обидуваше да негира нешто, за што отпосле се свати дека г-динот Црвенковски всушност потврди дека Македонија во двете варијанти е губитник. Дали губите со 3:0 или 5:0, вие сте губитник.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ивановски, една минута контра реплика.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Три работи: Кога вие ќе ми дадете одговор на кој критериум и дали е политички договор вашиот широк опзиционен фронт, кој што сакате да го прикажете како граѓански, тогаш ќе ви дадам одговор, а можам и без тоа, всушност. Рамковниот договор претставува договор со кој што се спречи етничка војна. Обврска од Рамковниот договор преточена во Уставот е обврската на Владата да даде предлог на територијална организација и да ја спроведе децентрализацијата, а вие сега проценете по теоријата, по Политичките науки што претставува што, а што е останатото. За да го добиете одговорот кои критериуми се употребени за процесот на децентрализација, ќе треба да престанете да го читате криво Законот за територијална организација, а да започнете за прв пат да ги прочитате останатите

29 или колку се закони за децентрализација, па да видите всушност што е суштината на децентрализацијата. Вака вие читате криво еден закон, останатите не сте ги прочитале, а користите реторика која ја употребувате, без разлика дали се зборува за децентрализација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Ивановски,

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучува претресот по амандманот.

Давам пауза до 14,00 часот.

(пауза од 12,45 до 14,15 часот)

Продолжуваме со работа.

Аамандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, еден пратеник гласал за амандманот, воздржани нема и 61 пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под Б за додавање нова точка 51-а, по точка 51, поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендафилов и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Александар Гештаковски

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, кој бара збор?

Повелете г-дине Трендафилов, имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Верувам дека г-динот Гештаковски, бидејќи таква е општината за која станува збор, можеби ќе го каже бројот на населението, но сакам да истакнам дека територијата на општина Конопиште е гранична територија и тие егзистираат од 1996 година.

Во поглед на она што го спомнаа неколкумина пратеници во претпладниот дел од парламентарната сесија тие се повикаа меѓу другото и на Просторниот план на Република Македонија и на неколку ставки, особено што се интересни за ова гранично подрачје на пошироката околина на Кавадаречко и дека оваа општина која

се предвидува да исчезне со новата територијална поделба изобилува со рудни, минерални и шумски богатства, а бидејќи знаеме дека станува збор за погранично подрачје особено во поглед на тоа јужната граница на Република Македонија, согласно Акциониот план за членство во НАТО, веќе се обезбедува од припадниците на Министерството за внатрешни работи а не од припадниците на Армијата на Република Македонија , мојата намера со овој амандман е да покажам дека сепак територијата и населението на оваа територија имаат можност за заживување. Како што е наведено и во една од Информациите од 2003 година, подготвена од самата општина, тие го истакнуваат фактот дека во периодот од 1996 година наваму забележан е податокот дека постои обратен процес, значи не се иселува повеќе населението. Можеби нема повеќе што да се иселува, затоа што тоа беше едно од запоставените подрачја во минатиот период. Забележано е враќање на територијата на општината и обновување на старите живеалишта, но и на изградба на сосема нови живеалишта. Со оглед на економската рецесија, во истата таа Информација подготвена од општината се вели дека од пошироката општина одредени луѓе кои на било кој начин својата егзистенција ја гледаат тука, забележлив е податокот дека одреден број луѓе почнале да се враќаат на територијата на општината Конопиште, што дава можност за постепено, бавно, но постепено заживување на самата општина.

Тука сакам да се има предвид пред се податокот дека станува збор за гранично подрачје и во изминатиот период сепак е инвестирано, со оглед на финансиские можности со кои самата општина реално навистина не може да располага, но со посредство и на централните власти и на одредени кредитни линии забележителни се инвестициите во одреден скромен сегмент во локалната инфраструктура. Оваа општина располага, како што е наведено и во самата информација, со рудни богатства, минерални богатства и со шума. На овој начин за кој јас предлагам дека на оваа општина ќе и треба помош пред се од централната власт, тоа е единствено со цел да се поттикне заживувањето на самата општина и да им се овозможи, со оглед на бројот на невработените во Република Македонија и на територијата на Кавадарци и пошироко во Тиквешијата, да ја најдат својата егзистенција инвестирајќи и работејќи од областа на земјоделството. За жал, во моментот немам информација дали онаа акција која ја започнаа Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за труд и социјална политика, не располагам со информација како таа акција се одвиваше на

територијата на оваа општина и дали воопшто такво нешто постои во рамките на општината Конопиште.

Зборувајќи за природно-геогравските услови оваа општина ги има сите предуслови да може на нејзината територија да даваат услуги по пат на концесии за искористување на природните богатства не само за луѓето од сосетството, од самата општина или поширокиот регион туку воопшто би рекол со една паметна иницијатива која би била контролирана од соодветни државни институции, затоа што уште еднаш ќе истакнам станува збор за гранично подрачје, од другата страна на границата можеме да видиме каков е развојот на соседните општини кои се наоѓаат во состав на Република Грција, оваа општина не би требало да исчезне од картата на општините на Република Македонија, затоа што многу понепосредно би можеле сите оние што сакаат или да инвестираат или да побараат кредитни линии, дали со посретсвто на државни институции, дали со посретство на инвестиционите банки и да ги пласираат во тој регион затоа што навистина регионот реално изобилува со тие природни богатсва, без оглед за кој вид природни богатсва станува збор. На тој начин би помогнале постепено да заживуваат граничните подрачја. Кога зборувам за граничните подрачја не мислам само или најмалку мислам на градовите во чија непосредна близина се наоѓа граничен премин. Граничниот премин сам по себе е предност, за разлика од граничните подрачја кои на својата територија не располагаат со граничен премин, иако не е исклучено тоа да се направи во иднина, затоа што особено во јужниот дел на Република Македонија тоа е единствената граница на Република Македонија со ЕУ барем до овој момент. Знаеме за најавите дека можеби таа граница во 2007 година, ќе се прошири на нашата источна граница, но ние во овој момент реално со ЕУ граничиме само на нашата јужна граница на потегот од Струмица, движејќи во правец на запад кон Преспа. Овие предности на сите овие гранични подрачја кои не се развиени би требало Владата или барем предлагачот г-динот Гештаковски да сугерира или можеби сугерирал во текот на подготовката на овој закон дека не би требало така лесно да дозволиме и да ги поистоветиме, иако секоја општина си има свои специфики, секое население, секое локално население се обидува да ги истакне своите специфики по кои тие се различни од своите соседи, без оглед дали тие им се релативно блиску или далеку. Но особено во смисла на една државна политика Република Македонија не може да биде пасивна во тоа како се однесува и како се развиваат особено пограничните краеви и особено пограничните краеви на единствената, ќе кажам уште еднаш.,

граница на Република Македонија со ЕУ. Впрочем од  1999, 2000-та година се започнати процесите на регионално приближување од двете страни на границата, Кукуш, Струмица, Дојран, Гевгелија и би било би рекол сулудо од Република Македонија да не се обиде да ги искористи сите фондови и претпоставки кои постојат во рамките на ЕУ, за сметка на тоа да го поттикне развојот и на помалку развиените подрачја, како што е впрочем и општината за која сега станува збор.

Затоа, овој амандмане поднесен, велам природните услови се на страна на општината, нејзината заеничка граница со ЕУ е исто така  нејзина предност во однос на некоја друга општина од друг дел на Република Македонија, што не би сакал да се свати дека така се занемаруваат спецификите кои ги истакнува локалното население од некоја друга средина, но мислам дека Република Македонија можеби може и на овој начин  да покаже дека постепено ќе ја ревидира својата политика во одреден сегмент, почнувајќи од овој мал чекор што би значело парламентарното мнозинство да го прифати ова што мислам дека би било мошне умесно да го искористиме тоа што општината Конопиште е гранично подрачје, затоа што самите три програми, колку што знам, во рамките на ЕУ се упатени на регионалното поврзување на земјите со кое граничи ЕУ и ова би можело да биде не само бенефит за локалното населени во тој поширок појас на Кавадарци, туку воопшто на Република Македонија затоа што, еве трет пат ќе истакнам, тоа е нашата единствена граница со ЕУ и би било сосема нормално Република Македонија максимално да се обиде да ги искористи сите можности кои стојат на располагање, а кои се оставени низ конкретни инвенстициони развојни проекти ЕУ да може да ни помогне. Тука слушнавме неколку пати дека ова е во рамките на тие наши залагања. Мислам дека на овој начин би покажале дека, без оглед на бројноста на населението, Република Македонија умее да ги детектира своите национални интереси, можеби националните интереси да се сваќаат на начини на какви што можеби нема да имаме секогаш заеднички јазик, но мислам дека граничните подрачја особено оние кои до сега биле занемарени од централните власти треба да ја добијат својата шанса.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Даневски, имате збор процедурално.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Г-дине претседателе, ценам кога зборувате и сакате да бидете принципиелни. Денес ај што ја газите целата принципиелност, вие воведовте некој ред, ај што

немавте кворум, немаше кворум, беа присутни 53, со вас 54 пратеници,ај и тоа помина, изгласавте. Но зошто после 10 минути не ја прекинавте седницата. Дајте образложени и аргумент повеќе зошто не ја прекинавте. Кога ние доцниме тука на седница со пет секунди не ни давате право за збор, ја прекинувате нашата дискусија, не ни давате да дискутираме, сега 15 минути - вие воведовте таков ред, не кажавте седница почна точно во 14,00 часот, во 14,15 часот требаше да ја прекинете, ако бевте принципиелни. Значи не важат принципи и немојте да барате од нас пратениците принципиелност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Даневски, прво, една работа да ви кажам. Јас сум принципиелен по сите основи.

Второ, не знам од каде ги избројавте 53 пратеници. Ако сте ги бреле 53 од како влеговте, тогаш сте требале да ги броите и пратениците од вашата страна. Вие не бевте присутни тука кога се гласаше, а впрочем, има листинг, ќе видите колку беа присутни.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Одговорете на ова прашање зошто во 14,15 часот не ја прекинавте седницата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа што дадов и пауза од пет минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Вие дадовте пауза?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, точно тоа, а вие што не слушнавте е друга работа. Ако сакате, точно така е.

Повелете г-ѓо Андова, имате реплика.

АНА АНДОВА:

Г-дине Трендафилов, во образложението кон амандманот кој сега го предлагате сте ставиле: “Сметам дека општината Конопиште во досегашното свое работење покажа позитивни резултати и со оглед на критериумите на децентрализацијата на локалната самоуправа ги има потребните економски, стопански, финансиски и инфраструктурни капацитети за функционирање како единица на локална самоуправа”. Ептен јасни и децидни аргументи!

Г-дине Трендафилов, јас би сакала навистина да е така како што кажувате, ама за жал не е, а и не сум убедена дека изворно сте се информирале и изворно сте

ја согледале состојбата. Сегашниот, денешниот пресек на состојбата, согласно утврдените критериуми за функционално постоење и одржлив систем на комунални и сите други видови на услуги, кои општината како сервис треба да ги пужи на граѓаните е следниот: 350 граѓани со регулирано жителство во рамките на сегашната општина, а голем број од оваа борјка, од овој параметар живеат во градот. Нема хумана репродукција, за жал. Стапката на прираст на населението е нула, нема училиште, односно се затворени училиштата. Градоначалникот функционира од канцелари од зградата на општината во Кавадарци, има незначителни приходи по сите основи и по сите извори на средства, така што се поставува прашање со кои и за кои автохтони човечки ресурси, со оглед на просечната старост на жителите како базична премиса ќе може да се одржува елементарно ниво на опстанок на локална самоуправа и евентуално некакви развојни проекции. Менаџирањето на одржлив развој не зависи нужно од постоење на локална администрација и локална самоуправа, не е нужно условено од тоа. Позитивните примери кои постојат и на кои се повикавте се неспорен факт, меѓутоа, иницијалното палење за жал не го добија од локалната самоуправа, туку од индивидуалните иницијативи кои во постоечките услови такви какви што се сега го најдоа својот амбиент и интерес на база на она што го дава таму природата како природен ресурс , духот на претприемништво на некои наши сограѓани и нивната способност да се прилагодат на потребите и барањето на модерното време. И за голема среќа, тие неколку успешни ситни бизниси таму апсолутно ако ги анализирате ќе видите дека не зависат ниту од политики ниту од партии, а пак воопшто не од локална самоуправа. Ете, тоа е она што сакав да го кажам во..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви истекоа трите минути.

АНА АНДОВА:

Добро

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трендафилов една минута контра реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас на почетокот кога се обидов да го образложам зошто сум го поднел овој амандман,обраќајки се до Министерството за локална самоуправа кажав и самиот

дека бројот на населението не оди во прилог на понатамошно егзистирање на оваа општина, како еден од хендикепите. Но, ова што вие го кажувате уште помалку оди во прилог  дека некогаш таму нешто ќе се промени.

Од оние предности кои ги истакнав како предности со кој располага оваа општина во крајна линија, вие велите зависи од постоење на локална администрација или нешто слично, но кога таму ќе нема луѓе  верувајте дека никој нема да доаѓа да инвестира и тоа парче македонска земја ќе ни се изгуби од вид во Собранието без оглед кој седи овде и каков ќе биде составот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г. Трендафилоф, измина вашата една минута.

Господине Абдулаки Адеми имате реплика, повелете три минути.

АБДУЛАКИ АДЕМИ:

Во текот на целата расправа која се разви овде од страна на пратениците на опозицијата ни ја подуа главата велејки дека во текот на давањето на предлогот што го дава Владата не се почитувале критериумите. Јас би го запрашал предговорникот кој критериум го исполнува општина Конопиште за да опстане понатаму како општина.

Конопиште не го исполнува  основниот критериум. Нема жители, има само 350 жители според пописот и кажете ми како ќе функционира оваа општина со 350 жители и ако од тие 350 жители претпоставувам дека 300 се гласачи и според Законот за локални избори доколку една третина излезе на избори , значи стотина да излезат на избори од нив 51 гласа за еден кандидат тогаш со 51 глас ние ќе избереме кандидат за градоначалник и ќе избереме 15 советници во општинскиот совет.

Потоа не се исполнува ни еден критериум општината да опстане. Целта е јасна. Со вакви дискусии кои се оптоварени и се одолговлекуваат да се прави опструкција во работата на Парламентот со тоа што немаат аргументи и докази за да докажете дека може да функционира понатаму општината. Вие само кажувате приакзни. Би ви сугерирал да престанете со кажување на приказни и да придонесете оваа седница што побрзо заври односно да го усвоиме законот за територијална организација. Значи немате факти и немате аргументи за да оваа општина и понатаму функционира.

Потоа говорите за богатствата што ги има оваа општина, рудниците, планините и т.н. Јас би ви сугерирал во прв ред да го прочитате Законот за локална самоуправа и сите закони што се предложени на оваа седница, 29 на број за да ги видите надлежностите наопштината и кој ќе управвува со рудниците и планините во иднина и да не манипулирате со јавноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трендафилов, имате една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

На жителите од оваа област досега не им текнало да демонстрираат или да бараат граничен премин за да се поврзат со своите роднини од Пожарско кои се наоѓаат од другата страна. Да претпоставиме една таква ситуација, каков ќе биде нашиот однос кон ова.

Јас уште еднаш истакнувам дека за РМ е значајно што станува збор за исклучително богат со природни ресурси граничен регион и дека таа граница е нашата единствена дирекна граница, земна граница со ЕУ. Република Македонија би требало да ги искористи сите свои можности за да добие одредени бенифиции кои би оделе на ревитализација и развој на тие средини кои досега од билокакви причини во изминатите години таа можност не ја добиле и не ја искористиле на соодветен начин.

Вие очигледно само го разбирате јазикот на протестите, додека овие луѓе верувајте никогаш во својот живот не направиле нешто слично,иако на само неколку километри од другата страна се наоѓаат нивните роднини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Трендафилов.

Господине Коце Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас накратко ќе се обидам да го подржам Предлогот за останвување на општина Конопиште во постојните граници. Имено од постоењето на оваа општина , од 1996 година наваму инвестирани се повеќе од 200 милиони денари. Во патишта повеќе од 35 км, локални водоводи во 14 населени места, училиШта во 5 села, цркви

во 9 села и не се согласувам со некои дискутанти кои што велат дека сето ова е плод на некоја индивидуална приватна иницијатива на некои лица, а не е тоа плод на локалната самоуправа. Ако е тоа така во тој случај да ги распуштиме сите локални самоуправи, па во тој случај нека си ги преземат локалните иницијатори , индивидуални за решавањето на проблемтие од локалната самоуправа.

Значи, од 1996 година наваму се што е направено, иако општината е многу мала сметам дека е од стратешко значење да остане како посебна. Значи од 1996 година наваму со оваа локална самоуправа, нормално со малиот број на жители мали ќе бидат и делот тие ингиренции ќе бидат пренесени на поголемата општина, значи ќе бидат како услужни за неа. Значи започнува да заживува општината од аспект на финансирањето, исто така со оглед на големите ресурси што постојат во оваа општина, 630 км2 има површина во која што има многу наоѓалишта, шуми, ниви, рудникот Ржаново. Сето тоа сметам дека за овие жители ќе биде доволно за да може локалната самоуправа да егзистира.

Сигурно дека бројто на жители не е доволен за една општина да ги има сите функции кои согласно на законот за локална самоуправа би требало да се децентрелизираат од централна на локална власт, меѓутоа таму исто така посоти една одредба која што вели дека одредени надлежности од некоја општина доколку смета дека не може да ги извршува може да ги даде на извршување на соседната општина со тоа што за тоа ќе се плаќа одреден надоместок.

Значи накратко кажано,од стратеки аспект и како погранична општина сметам дека е општина во која треба да се враќа развојот, од развојната компонента на постоењето на оваа општина, сметам дека би требало да остане во списокот на единиците на локалната самоуправа во РМ и сметам дека ќе се види и резултатот од егзистирањето на оваа посебна општина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Хусеини, имате реплика, или барате збор.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На кого реплика.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

На г-динот Коце Трајановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете три минути.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Една минута и тоа е многу.

Вие господа  и давате виза на Европската унија да дојде во Македонија преку Конопиште, додека тука се обидувате по секоја цена да кренете  Кинески ѕид со Европа...

(Реакција на пратениците во сала)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Европската унија г-динот Коце Трајановски не ја спомна.

Повелте г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, почитуван минситер, колеги пратеници,

Мислам дека излагањето на г-динот Ѓорѓи Трендафилов и колегата Коце Трајановски кажа само дел од она штонекој сака или не сака да го признае, но покрај Охридскиот договор на кој сите се повикуваме , ние како пратеници да не заборавиме дека потпишавме и нешто друго и тука го гласавме тука сите заедно, кое што треба да биде рамка  врз која што понатаму ќе се развива РМ. Тоа што го донесовме, тоа беше Законот за просторно и урбанистичко планирање...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, ве молам за Конопиште.

СПИРО МАВРОВСКИ:

За Конопиште е претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Заборавте Рамковен договор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас зборувам за Конопиште и ако не знаеме дека имаме уште нешто врз кое што ќе треба да се повикаме .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам  Коце Трајановкси многу убаво конкретно и точно и правилно говореше за амандманот, нека ви биде углед.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Малку углед ќе биде за да можеме да знаеме за што говориме.

Значи, на 11 јуни 2004 година го донесовме просторниот план на Република Македонија и сите тука бевме задоволни. На комисиите на кои го разгледувавме и при говорењето во Парламентот дојдовме до една ситуација дека и просторниот план, бидјеки се работи за наредни 20 години е некоја рамка врз која што рамка ќе треба комплетно ние како држава да се водиме вклучувајки ја и оваа територијална организација.

Во тој план што годонесовме, тука би сакал да проговорам за општината Конопиште, се кажува следното:

Ќе имаме подобрување на структурите и територијалната разместеност на населението. Во случајот и колешката пратеник кажувајки дека тие 300 луѓе едноставно не можат да ги остварат своите права и сега кога ќе ги префрлиме во Кавадарци сигурно  дека Кавадарци општина ќе им донесе нив и основно образование, луѓе и сите работи и ќе почната да функционираат. Ако мислеше на тоа мислам дека апослутно не држи.

Понатаму, во таа рамка стои: ефикасновлијание врз внатрешните и надворешните миграции во остварување на оптимален однос помеѓу демографскиот и економскиот развој. Во случајот економскиот развој мора да бид епредуслов за да можеме да имаме и демографски развој на ова подрачје, бидјеки се работи за апсолутно гранично подрачје кое што токму од овој  просторен план се црпени оние ресурси и минерални суровини кои што ги има Република Македонија.  Значи ништо не е измислено , стои - испитување на рудни богатства, а, б и ц, колку е тоа испитано до сега и колку може понатаму да помогне за развојот на општината.

Понатаму, имаме севкупна ревитализација на  демографските најзагрозените и стратешки значајни подрачја на државата, ридско-планински и погранични

подрачја. Токму тука јас госместувам Конопиште. Значи, севкупна ревитализација на демографски нај загрозените и стратешки значајните подрачја на државата. Ридско-панинскит еи пограничните подрачја.

Во случајот се работи за граничен премин којшто треба да се отвори од Република Грција кон Република Макеоднија токму во тој дел и во последнит енеколку години, можеби за среќа тој дел од Република грција, северниот дел доживува еден голем процвет и мислам дека тоа е еден добар предуслов со концесија и ова што државата треба да го обезбеди, да се обезбедат странски инвеститори да може да се искористи и да доживееме развој и на нашето подрачје.

Понатаму, се согласивме дека ќе имаме обезбедвуање услови со позитивни ефекти на ширење на процесот на урбанизација во сите делови на Републиката. Ако со ова правиме ширење со тоа што ќе поништиме нешто што живее и на тоа подрачје повеќе никој да не дојде ако не го развиваме економски мислам дека едноставно не држи.

Последниот став од сето ова е одменување на руралните населби во сите делови на Републиката каде за тоа постојат објективни потреби и можности, вклучувајки го во тоа реалното подобрување на стандардот и квалитетот на живеењето на населението.

Со тоа што се предлага Конопиште да премине во Кавадарци асолутно ништо од ова нема да се задоволи за жал на тие граѓани, а за граѓаните гледајки ја локалната самоурпава кои ингиренции ги добива, мислам дека поголем дел од тие ингиренции на овие граѓани воопшто нема да им требаат. Значи ќе стигнеме во ситуација понатаму граѓаните и ова што гоправат сега, со тоа што би донеле, дали се странски или домашни инвестиции, или се давало под концесија искористување на рудното богатсво и понатаму развојот на целото ова погранично подрачје енергетски како што е планирано до 2010, а крајниот рок е до 2020 година би требало овој дел токму така како што е во просторниот план да доживее еден невиден развој.

Сега или имаме проблем со просторниот план кој е донесен као план заради план, или пак имаме сега проблем со тоа што ќе ја нарпавиме територијалната поделба и дефинитивно овие подрачја и како погранични и како рурални и како места од посебен значај едноставно ќе ги избришеме од картата. Значи имаме два начини какода го разгледуваме овој проблем.

Мислам дека со ова што го нудиме , добро кажа некој има малку жители, но што некој подрачја исто така погранични подрачја,исто така планински, па имаат по 15 или 20 илјади жители кои што ќе гоостварат правото во овој дел исто како што има некое градско население. Значи и тие без инфрастуктура, без останати работи како ќе функционираат понатаму во таа локална самоуправа ќе видат самите граѓани. Во овој случај државата мора да покаже нешто што барем овие општини, пограничните и руралните ќе обезбеди услови не директно да се вклучи инфра структурата, можеби да ја помогне затоа што тука ќе има инајголем ефект, посебно овие подрачја како еколошки чисти, незагадени средини во првиот момент да не донесат до Европската унија.

И понатаму во домувањето стојат планските определби и многу децидно се кажува со концепцијата на домувањето се надминува досегашната појава. На поларизација на урбаниот развој која доведе до создавање на големи урбани центри кои станаа жаришта на стопанскиот развој и популациска концентрација. И за жал тоа веќе се уништи, што ги зголеми нивните станбени, инфраструктурни и други потреби од една страна и руралните населби кои населението се пвоеќе ги напушташе привлечено од моќта на големите градови. Во таа смисла е применета концепција на полицентричен развој која го третира домувањето како посебен вид на развоен ресурс што е особено битно за неразвиените подрачја како нови жаришта на развојот. Тука е и Конопиште и соседната општина Витолиште и Старавина треба да го добие.

Просторното разместување на новите стопански капацитети се базира на постоечкиот станбен фонд во помалите населби со што најмобилен елемент станува технологијата, а не работната сила. Знач, ако е ова стратегија и ако на ова треба да се придржуваме, а ова е рамка ние имаме некоиј голем проблем.

Проблемот се состои во колизијата меѓу овој закон што се нуди и ова што значи просторен план кој треба да трае за наредните 20 години. Токму поради ова мислам дека министерот ќе најде доблест да размисли повторноза овие општини и мислам дека може да се најде начин затоа што средствата кои што се потребниза опстојување на овие општини се многу помали отколку за многу други што ќе ги формираме и за кои што допрва ќе говориме. Затоа мислам дека треба да се има сенс точно за овие погранични простори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Јас уште во вчерашната расправа околу неколку општини во Маријово и другиот дел мали општини во делот на човекови ресурси мислам дека расчистивме одредени прашања.

Господинот  Мавровски потполно е во право, само сака да занемари едне факт. Ние зборуваме за децентрализација и трансфер на надлежностиод локалнозначење. Се она што зборува за развој на пограничните, на ридско-планинските , на недоволно развиените, на брз развој на технологијата, заживување на руралните центри и влегување на капиталнема голема врска дали ќе постои или не ќе постои општина. 350 жители на Конопиште не може да го направат тој развој и токму затоа соприклучувањето кон Кавадарци, со користењето на капацитетите во Република Грција со која ќе граничи Кавадарци ќе створиме развој. Јас сум убеден во тоа и мислам дека и Мавровски и г-динот Трендафилов ги гледаат тие аргументи и мислам дека целта ни е заедничка - заживвување на тие подрачја но во овој период имаме обратно размислвуање. Луѓето од Кавадарци и луѓето со мерки стимулативни кои ги воведува државата и ги дава државата, се тоа што е направено во Конопиште е направено заради тој развој, да ги вратиме луѓето. Луѓето го напуштиле одамна Конопиште. Со создавање услови, со плаќање на придонеси на земјоделци кои ќе се враќаат, кои мерки ги презема оваа држава  и со една активна политика за развој на овие подрачја сметам дека можеме да ги заживееме.

Инаку, пратениците од ВМРО-ДПМНЕ го знаат многу добро тоа, го цитираат просторниот план, но просторниот план нема никава врска со делот на она што зборуваме ние . Конопиште со Кавадарци ќе има многу подобар развој тој реон  и во интерес на луѓето и да заживеат. Ние не правиме општина со 300 старци. Сигурно и на нив ќе им ги подобриме условите. Ние правиме да ги населиме тие подрачја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Може ли прво да ја чуеме репликата од госпоѓа Андова, а потоа ќе имате  две минути за контра реплика.

Повелете госпоѓа Андова имате три минути.

АНА АНДОВА:

Господинот Мавровски  ги кажа аргументите. Ниту просторнито план, ниту планот за енергетски развој , ниту рудните резерви од а,б и ц категорија, ниту пак

односот меѓу технологијата и локалната работна сила не се во права пропорцијална зависност од постоење на локална самоуправа и админситрација на локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски,имате двапати по минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Госпоѓата Андова стигна до она математичко право, пропорцијонално не е застапено, но јас ќе ја прашам што ќе биде право пропорционално кога ќе бидат овие луѓе во Кавадарци. И самата кажува дека тоа се луѓе на возраст од 60 години, дали Кавадарци ќе им обезбеди основно образование, противпожарна заштита, полиција и незнам што уште сега со новата локална самоуправа добиваат. Тие ќе бидат многу позадоволни сега од сите услови што ќе им ги дава , или за една потврда ќе треба да одат сега до општината Кавадарци. Тоа ќе им го кажете на тие луѓе таму што ќе им обезбедите право пропорционано да бидат застапени во оваа нова локална самоуправа.

Господинот министер со тоа штое замислено и не се повикува на просторниот план, кој за мене е суштински и кој што РМ понатаму треба да го прати него ако сакаме да стигнеме некаде и ако имаме некоја визија. Ако имаме само денес за денес тогаш воопшто да не го гледаме и тогаш да не разговараме повеќе.

Јас мислев дека Владата ќе треба да најде начин да се ослободат луѓето од плаќање на некои давачки, а не со плаќање на давачки да ги вратиме на тие места.

Да направи услови, за да можеме луѓето да ги вратиме, дали тоа ќе бидат концесии, дали тоа ќе биде делење на земјиште, само тоа е начинот за да можеме луѓето да ги вратиме и таа заедничка соработка со ЕУ, во конкретниот случај со Република Грција. Тоа е мислам начинот како тоа ќе оди, а дали ќе биде Конопиште или Општина Кавадарци, апсолутно нема да промени ништо. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов, имате една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Гештаковски, вашите забелешки во поглед на човечките ресурси, со кои располага во овој момент Општина Конопиште се точни, но за жал, ние не

само за ова, туку и за многу други прашања се доведуваме во ситуација во Собраниево да дебатираме само за последиците и да ги констатираме дали се лоши, полоши или најлоши. Ова што ние го зборуваме и господинот Мавровски, повикувајќи се на планот и на природните ресурси што ги има во тоа гранично подрачје, а и соседните, Витолиште и Старавина, јас ви го зборувам ова и од аспект дека таа единствена наша земја на граница со ЕУ, можеме ние како држава, како Република Македонија  да ги искористиме формите и инвестиционите фондови кои се наменети од самата ЕУ и кои се за заживување на истите тие гранични подрачја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трендафилов.

Повелете господине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Прво, да се извинам на господинот Трендафилов за името што не му го погодив. Никаква пречка нема  за развој на пограничните ридско планинските, руралните, дали ќе се во Кавадарци или на друго место, токму капацитетите, ресурсите на Кавадарци, човековите ресурси, можноста на стручниот кадар повеќе ќе придонесе да имаме пристап да работиме проекти и тој дел и другите делови во Република Македонија  да ги развиваме. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам почитуван претседателе.

Еве, малку подолго разговараме за една општина, која е една од најголемите општини во Република Македонија  по површина и тоа површина од 630 км2, општина која според податоците со кои располагаме од пописот од 1921 година имала 7.535 жители. Истите овие податоци се и со пописот од 1948 година. Ова население работело, егзистирало на територијата на општината и се занимавало со земјоделство, сточарство и произведувало храна како за своите потреби, така и за потребите на најблиските општини околу себе.

Од тој период датираат податоци дека општината располагала со 116 илјади овци 6.570 кози, 5.650 говеда, 1.700 свињи. Бидете малку трпеливи почитувани колеги, ова значи судбина не само за развој на Општина Конопиште туку и на јужниот дел на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева продолжете, а пратениците ги молам да не се возбудуваме затоа што имате право на реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Општината има земјишен фонд од 63 илјади хектари, од кои ниви 5.170 хектари, пасишта, ливади, шуми и не набројувам понатаму, бидејќи колегите навистина се нестрпливи. Тоа се податоци од Републичката геодетска управа Скопје од 1981 година.

Масовната миграција село-град од почетокот на 60-тите години, нерешените инфраструктурни потреби, развојот на индустријата во градот придонела поголем дел од населението од овој крај својата егзистенција да ја побара во Градот Кавадарци. Да не зборуваме за поморот на козите што го направија тогашните комунисти и луѓето беа принудени, а им беа одземени основните средства за живот. Градот Кавадарци, Неготино...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева, ако сум навистина коректен и можам да ги опоменам и од позицијата, ве молам...

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине претседателе, одржувајте ред, ве молам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, па затоа вас јас сакам да ве опоменам.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Како ја прекинувате постојано опозицијата, може и претставниците на власта да ги опоменете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас сакам вас да ве опоменам, оставете ги козите, прочитајте ја книгата Времето на козите и ќе ви биде јасно.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Многу се битни, господине претседателе, бидејќи сега се одвива еден ист процес на уништување на она што почнало да заживува. Токму заради тоа е битно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за Конопиште и за иднината на Конопиште.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Да, за Конопиште зборувам, не зборувам за нешто друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас не слушнав дека сте спомнале за Конопиште досега.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Па, тоа е за Општина Конопиште, не е за некоја друга општина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас многу општини ќе препознаам со вашиот вовед.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Толкав број на добиток имала Општина Конопиште, ако не ви беше јасно.

Со последниот попис од 1991 година Општина Конопиште има постојани жители 619, претежно стари лица, како што беше кажано. Но, од 1996 година, 2000, па и 2003 година бројот се зголемува и тоа исклучиво со млади лица и новородени деца. Со новата територијална поделба во Македонија од 1996 година, општината повторно почнува да заживува. Изградени се најнеопходните инфраструктурни објекти, што подразбира изградба на патишта, поврзување на телефонски врски, обнова на електричната мрежа и други потреби на населението. Повторно е

воведена автобуска врска на релација Кавадарци-селски населби во Општината Конопиште, што придонесе да се создадат услови за подобар живот на населението во овој крај. Обновени се старите куќи, изградени се голем број на нови живеалишта, што придонесе за создавање на услови за нормален живот во општината.

Со новите процеси на транзиција во Макеоднија голем дел од граѓаните во Кавадарци претежно вработени во индустриските капацитети останаа без работа и немаат средства за егзистенција и се на работ на социјалата. Поради овие причини поголем дел од нив се повратници во родните места, а уште поголем е бројот на потенцијалните повратници, кои својот животен работен век го гледаат во развојот на општината и обработка на плодното земјиште. Сега, процесот на миграција е во обратна насока град-село. Токму заради тоа започнав со 1921 година господине претседателе.

Од направените анализи од стручните служби во општината, констатирано е дека општината располага со повеќе ресурси, дрвна маса од 66 илјади метри кубни од општествениот и приватниот сектор годишно. Наслагите од никел од рудникот Ржаново изнесува 43 милиони рудни резерви со годишно производство од 14 илјади и 200 тони чист никел. Водоводот Лукар, чиј што извор е во Општина Конопиште, има капацитет од 9 милиони кубни метри годишно или 420 лити во секунда ги снабдува со вода за пиење и општините Кавадарци, Неготино и Росоман. На реката Босавица изграден е канал за наводнување со годишен капацитет од 3 милиони метри кубни вода, што служи за наводнување на земјоделските површини во Општина Кавадарци. Расположивите пасишта од 8.919 ха претставуваат идеално место за развој на сточарството, каде што може да се напасуваат 20 илјади грла ситен и крупен добиток во летните месеци.

Врз основа на сето погоре наведено, водени од желбата за опстанок на сопствената општина и за нејзин развој, луѓето од општината направиле анализа на приходите кои што општината би ги остварила од сопствени извори годишно и тоа според следната програма. Такса од сечење на дрвна маса од општествениот сектор 60 илјади метри кубни по 50 денари, 3 милиони денари. Од приватниот сектор 300 илјади денари. Такса од рудно богатство, користење на никелот, нема да кажувам колку по колку, значи вкупно 12 милиони и 780 илјади денари. Такса за наводнување од Бошавскиот канал 15 илјади денари. Такса за вода за пиење од водоводот Лукар 9 милиони денари и понатаму да не наведувам, такса за пашарина, земјишна такса, откуп од шумски билки, даноци на недвижен имот, даноци на подвижен имот, даноци

на промет на недвижности и права на наследство и подарок. Вкупно остварените приходи би претставувале извор, велат тие, за покривање на трошоците на општината, како за плати на вработените, така и за останатите трошоци за развој на општината.

Бидејќи како за сите општини до сега што ни беа презентирани односно што беше кажано од страна на министерот дека ќе бидат укинати, амандманите не беа прифатени, не добивме ниедна сериозна анализа, ниедна сериозна финансиска анализа зошто тие општини не можат да опстојат. Јас можам само да го потврдам она што луѓето од општината го напишале, бидејќи наспроти нивните аргументи апсолутно немаме ниеден здрав аргумент од страна на Владата направено, зошто овие општини не можат да опстојат и не можат да се развиваат како самостојни општини.

Понатаму, ќе продолжам, бидејќи вредно е да се спомене и изградбата на граничниот премин Пулево и ски центарот Кожув, кој што претставува дополнителни извори на финансирање на општината, а чии што параметри ќе се утврдат по нивното ставање во функција.

Ако се земе предвид дека сегашниот буџет на Општина Конопиште за 2002 година изнесува 2 милиони и 300 илјади денари и е во моментот доволен за покривање на трошоците на општината, со вака направениот преглед од нивна страна на приходите, тие сметаат дека општината ги задоволува одредбите на новите законски прописи пропишани со новиот закон за локална самоуправа, како и со Предлог-законот за финансирање на општината и може самостојно да ги покрива своите трошоци и самостојно да опстојува.

Повторно ќе кажам дека жалам што не го прифативте предлогот да се промени дневниот ред и прва точка да биде пакетот на закони за финансирање на локалните самоуправи и тогаш многу сериозно ќе разговаравме со кој процент треба да се оди и што се треба да се преотстапи на општината, за да можат и овие општини, каде што имаме многу мал број на жители, а огромни територии, кои се бенифиции треба да ги предвиди државата за нивниот натамошен развој.

Понатаму, сега ќе кажам што е направено од конституирањето на локалната самоуправа од 1996 година, па белки колегите ќе се убедат дека со толкав мал број на жители, сепак, е направено многу повеќе, отколку во претходните 40 години, за да можеме барем да размислуваме во насока дека можеби и во иднина уште повеќе ќе се развива оваа општина доколку и бидат отстапени, односно и биде дадена

можноста да опстојува и понатаму и со преносот односно децентрализацијата на дел од финансиските средства, да може поуспешно да работи.

Од инфраструктурата се изградени, регионални патишта и тоа Крнево-Мушов гроб 2 км. во процес на изградба има уште 5 км., а финансиран е од Европската агенција за реконструкција и тоа чини 33 милиони денари. Потоа, патниот правец Кавадарци-Мушов гроб, граничен премин Пулево 4,8 км., 40 милиони денари. Локални патишта во сите населени места, вкупно 30 км. во износ од 60 милиони денари. Локални водоводи 50 милиони денари и да не ги редам во кои се населени места. Реновирани се училишта. Овде беше кажано дека се реновирани, дека нема училишта, меѓутоа се реновирани училишта во Рожден, во Крнево, Бојанчиште, Мрежичко и Чемерско, со износ на средства од 5 милиони денари. Понатаму, се реновирани амбулантите во Конопиште, Горна Бошава, Бојанчиште, Крњево и повремено во сите населени места, во вкупен износ од 4 милиони денари. Реновирани се црквите Манастир Крњево, Бокула, Чемерско, Конопиште, Мрежичко, Рожден, Бојанчиште и Куманичево, во износ од 3 милиони денари. Изградена е базна станица за мобилна телефонија, изградена е фабрика за полнење на вода во село Конопиште и Мрежичко, изградена управна зграда на локалната самоуправа Конопиште. Изградба на рибници на река Бошавица. Што значи дека, да не набројувам понатаму што се е направено, во овие седум години сигурно во општина Конопиште немаше толку да се изгради, доколку не им беше дадено шанса да имаат своја општина и да се ангажираат заради сопственото преживување, заради иднината на сопствените деца да направат многу повеќе, отколку што е направено во последните 40 години, тогаш кога зависеле од општинскиот центар во Кавадарци. Значи Општина Конопиште во овие 7 години успеала по разни основи да обезбеди околу 200 милиони денари и да ги инвестира во инфраструктурата, што е овозможена реална основа за забрзан економски развој.

Овде беше спомнато дека Владата презема обврски со просторниот план да води сметка за развој на руралните општини и за зголемување на населението во општините во кои што е мал бројот на жители. Заради сите овие факти самата Општиа Конопиште пристапи кон изготвување на своја развојна програма и има остварено повеќе контакти со градоначалници од соседните рурални општини, при што ја презентира својата идеја за основање на агенција за развој на руралните погранични подрачни региони во Република Македонија. Таа идеја градоначалниците со задоволство ја прифатиле, изразиле подготвеност за

заедничка соработка. Заедничката соработка ќе се оствари заради интегрирање на сите можни човечки и материјални природни ресурси, искуството и знаењето, како и заради истите проблеми кои ги карактеризираат овие подрачја и по кои што тие се разликуваат од соседните градски центри.

Заради горе спомнатите разлики, овие градоначалници, претставувајќи ги желбите на своите жители, сметаат дека би било неправедно и економски неоправдано општините, како што е и Општина Конопиште да се укинат и да паднат под упавување на власт од градските околни општини.

Општина Конопиште ја покрена оваа значајна иницијатива, која што е прифатена од сите релевантни фактори, кои влијаат на исполнувањето на таа цел. Во време кога политичката партија која што е на власт се спреми да ги укине и да ги остави во заборав овие општини, Општина Конопиште си постави пред себе јасна цел. Спротивставување на ваквата намера на политичката партија на власт и основање на агенција за развој на рурални региони во пограничниот дел со Република Грција, преку која користејќи средства од фондовите на ЕУ ќе ги заживее селата и стопанството во овие региони и ќе овозможи услови за враќање на населението во нив, обезбедувајќи им пристојни можности за вработување и егзистенција и ќе ја интензивира соработката со земјата членка на ЕУ, Република Грција. Тие се спремни и покрај многубројните закани, како што велат тие, од одредени структури од соседните градски општини, да се борат за достоинството на своите жители. Се надеваат дека оваа Влада јасно ќе увиди дека мора да го подобри своето стопанство, но исто така дека нема да ја повтори грешката од минатото да направи такви пресии врз селските општини и нивно економско уништување и укинување.

Со оглед на тоа што, почитувани дами и господа, Општина Конопиште е стратешки значајно гранично подрачје на Република Македонија, повторно ќе кажам, исто како што кажав и за мариовскиот крај дека државата треба да има посебен однос кон вакви стратешки значајни подрачја, кои што немаат доволен број на жители, а имаат огромна територија, повторно ќе кажам, не можеме да браниме територија ако немаме население, а во други делови на државата имаме пренаселеност и огромен број на невработени.

Пак ќе се вратам на пакетот на закони за финансирање на локалната самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам немојте да се враќате, ќе имате време и простор да дискутирате.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине претседателе, ве молам да ме оставите да ви доискажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Неможете сега, за нешто што не е тема на дневен ред.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Неможе вие од првиот збор да заклучите што ќе кажам и веднаш да ме прекинувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па, немојте такви зборови да користите.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Па вие не сте цензор на моите мисли господине претседателе, еден сте од рамните со нас. (Реакција на некој од пратениците во салата).

Колешке ќе можеш да земеш збор после мене и да дискутираш.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, немојте да реагирате, ако треба јас ќе реагирам.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Го спомнав пакетот закони за финансирање на локалната самоуправа со цел да кажам дека доколку на општина Конопиште и се даде можноста да ги дава под концесии и пасиштата и рудните богатства и сето она со што располага како потенцијал, значи сите природни ресурси, тогаш постои огромна можност население од други делови на државата да се насели на територијата на општина Конопиште, да ја најдат таму својата егзистенција и со тоа повеќе

граѓани во Република Македонија да бидат среќни а во исто време општина Конопиште, оваа огромна територија да добие население и да го исполни и демографскиот критериум. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Бидејќи зборувавте навистина за финансиските можности на општина Конопиште, ми фали некој податок. Вие рековте дека општина Конопиште, еве јас како една мала реплика, една општина Конопиште може годишно, вие рековте дека 60 илјади или 60 милиона кубни метри може да се обезбеди со сеча. Така рековте

на почетокот? Тоа овозможува негде околу 3 милиона денари приход. (Силвана Бонева го изнесува податокот дека станува збор за 60 илјади). Мене ми фали само една информација, колку години може да се обезбедува таа експлоатација, бидејќи шумите се сепак со ограничен ресурс. Само таа информација.

Ако ми кажете дека 100 години може, го прифаќам дека тоа е добро.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Ако Владата направеше сериозна програма односно анализа за тоа која општина од што може да добие приход сигурно ќе имавте показател и од страна на Владата колкав е фондот што може да биде експлоатиран, а сега го имаме податокот од локалната самоуправа и за мене тој е релевантен податок додека немам друг од страна на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е комплетен, може за година, може за две.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Комплетни податоци треба да ни даде Владата, ние сме пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие ги користевте овие податоци и комплетирајте ги. Дали година, две или десет ова може да се експлоатира.

Повелете господине министре имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Госпоѓо Бонева немојте да правите забуна. Државата, Република Македонија ги има сите податоци и тие податоци се таму каде што треба. Во јавното претпријатие за стопанисување со шуми постојат сите, постои шумско стопанска основа, постои план годишна сеча, постои план за обновување и немојте да ги мешате работите кои се во интерес јавен на сите граѓани во државата и да барате некои податоци.

Секој податок за секоја општина доколку сте заинтересирани, не знаеме ние колку шума треба да сече Конопиште. Тој критериум не го имаме и нема никаква врска со локалната самоуправа и со приходи на локалната самоуправа, од финансиски аспект. А, тие податоци Република Македонија и надлежните институции ги имаат и сите стојат на располагање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, процедурално се однесува за вас, значи како претседава на Собранието сметам дека многу често ги коментирате говорите на пратениците, најчесто од опозицијата и сметам дека доколку со вашето коментирање, тоа е реплика на нивните говори, би требало да кажете дека е реплика и независно дали е од место или од говорница, а вака можете само ненајавено одредени процедурални работи кои што сметате, или вон деловнички работи.

Сметам дека во иднина би требало кога ги коментирате, како што беше сега на Бонева, тоа практично беше реплика и требаше да кажете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, јас реков дека е реплика, единствено можеби моја грешка е што не се симнав од ова место и од говорницата да говорев. Тоа го признавам, но реков дека тоа е реплика.

Господине Витаноски имате реплика?

Госпоѓо Бонева имате реплика една минута, контрареплика на министерот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине министре, јас не барав од вас да ми кажете колку може шума да исече општина Конопиште, колку може на нејзината територија шума да се исече, јас од вас барав податоци, како што бараме за сите општини пресметки колкави средства може да се префрлат и на општина Конопиште и на сите други општини и зошто тие не можат финансиски да опстојат со овој број на жители и со нивните развојни програми што некој ги имаат доставено до вас.

Тоа беше моето кажување. А, тоа што господинот претседател бараше колку метри кубни шума може да се исече, тој тоа го бараше во својство најверојатно на спортски коментатор како да е на фудбалски натпревар, а не претседател на Собрание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е точно госпоѓо.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Па, така е господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е точно. Тоа јас го барав за ..

СИЛВАНА БОНЕВА:

Коментирате постојано, може да си земете слободно збор или реплика на нашите кажувања, а не постојано да коментирате и да се уфрлувате на секој наш збор однапред читајќи ни ги мислите што ќе кажеме.

ЉУПЧО ЈОРДНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева јас тоа го побарав од вас ако ми кажете дека шумскиот капацитето е за следните 15-20 години, можби ќе гласам за вашиот амандман. А, не само да ми кажете дека тука има годишно толку приходи. Следната година пак целата шума ќе биде исечена. Во таа смисла јас го барав тој додатен податок, како реплика и како дообјаснување. Тоа можеби е грешка што не сум станал.

Господине Витановски имате реплика.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, ако може малку потивко, претседателе, од ова сега што го слушнавме и по овој амандман можам слободно да кажам дека целта на опозицијата ВМРО-ДПМНЕ е само да врши опструкција и да одолговлекува овој закон да не го донесеме. Штом тие толку се залагаат за општина Конопиште, мислам дека никој од овие не биле таму и не знаат што е општина Конопиште. Колешката која што збореше последна за Конопиште како општина, убаво и беше напишано од нивниот градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ и ако тие досега се залагаа за критериуми јас се прашувам кој е тој критериум некоја општина да има толку и толку овци, толку и толку кози, па да биде општина. Тоа го нема.

Исто и јас се залагам Конопиште да остане како општина, но според критериумите кои што ги имаме тоа неможе да остане. Така да сметам дека ваквите дискусии нема да не водат кон добро.

Во однос на тоа дали ни е целта ние овде да направиме само општина само заради општина а да не размислуваме дали ќе може да опстане, бидејќи никој нити бил таму нити ги знае селата кои гравитираат во општина Конопиште и ако е целта да се направи општина, а потоа таа да неможе да игзистире, незнам што би било понатаму.

По овие нивни критериумикоја општина колку овци  и кози има, тогаш можеме секое село да го направиме општина. Основните критериуми овде не се задоволени, а јас би бил и добар кога Конопиште како општина би ги исполните критериумите за да биде општина, но во овој случај ова е само опструкција и само желба на некои

лица како градоначалниците. Ако правиме ние критериуми кој градоначалник сака да биде таму и општина тогаш треба да направиме за секој градоначалник општина.

Затоа не се согласувам со овие дискусии и ова што и беше напишано од страна на градоначалникот од општина Конопиште на колешката, мислам дека тоа се аргументи меѓутоа  недоволни, Основниот критериум е дека таму нема луѓе, за 350 луѓе кои што живеат  и во Кавадарци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Витановски поминаа трите минути.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Целта, рековте почитуван колега, дека на опозицијата е да ја одолговлекува расправата и да врши опструкција. Вие вршие опструкција на целокупниот процес на децентрализација само заради тоа шт  правевте театар скоро два месеци во Република Македонија на божемно преговарње, договарање за да ги добиеме комплет законите од областа на децентрализацијата 20 дена пред рокот за распишување. за да за само десет дена ние пратениците  бидеме принудени 995 страници материјал да прочитаме и да најдеме што се треба како амандман за подобрување на законските текстови овде да доставиме, знаи тука е вашата одговорност односно вшето учесство во опструкцијата на процесот на децентрализација, а понатаму за тоа кој е тој критериум колку овци и кози треба да има некоја општина за да опстоји како општина, јас ќе ви кажам дека основна цел за оваа  држава треба да биде развојот на сточарството и преработувачката индустрија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева, на следната реплика ќе одговорите на тоа. Инаку, да не се возудуваме, се знае, позицијата сака да се донесе Законот, опозиција нормално како опозиција можеби несака да се донесе. Затоа тука нема потреба од возбуди ако се користат сите легални политички средства. Според тоа, во таа насока да не ги водиме сите расправи и дискусии.

Повелете господине Талат Џафери, имате реплика, 3 минути.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине претседател, мислам дека ќе завршам малку побрзо од три минути. Сакав да реплицирам на три прашање кои што ги спомна госпоѓа Бонева. Во прв ред, колку е сериозен или да речам несериозен ставот на

опозицијата и на предговорничката за опстојување на општина Конопиште тоа кажува и самиот факт колку тие самите ги слушаат образложенијата за опстојување на оваа општина, а за тоа нема никаква причина, за да опстојат. Уште еднаш докажуваат дека ставот или нивната цел е да изгубат време.

Другото прашање што сакав да се разјасни со госпоѓа Бонева е, неколку пати спомна дека во општина Конопиште најмалку во пет села се реновирани училишта, 5 или 6 училишта што ги спомна. Во овој контекс би сакал да се објасни госпоѓо Бонева дека од 350 жители што ги има општина Конопиште колку ученици има во тие 5 училишта што се реновирани и изградени, сигурно во времето додека тие биле на власт говори за надлежностите на општините, меѓутоа се чини законот што во претходниот парламентарен состав додека биле тие на власт Законот за локална самоуправа во членот 22 јасно се дадени надлечностите на локалната власт односно на општините за кои се чини госпоѓа Бонева нема никакво знаење или не сака да има знаење.

И, прашањето на преоптоварувањето на населбите, значи нема такво нешто, во Конопиште нема жители затоа што е последица на политика што ја воделе органите 50 години порано за да се населуваат градовите или градските центри и добро што сте ја увиделе таа грешка, што сте ја правеле 50 години, меѓутоа жално е што нема лек што ја лекува таа грешка што е направена, затоа што верувам ниеден млад македонец од Кавадарци не би отишол во Конопиште или во некое село што го спомнавте. За тоа ние не сме виновни денес тука бидејќи ние како парламентарен состав, меѓутоа и граѓаните на Македонија ги малтретирате со невистини ко што не држат. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева, 1 минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега за губењето време,  она што опозицијата мислите дека го прави во моментот трудејќи се да ви укаже зошто одредени општини треба да опстојат, за вас ако е губење време, за нас како опозиција, а и за граѓаните на Република Македонија кој што се засегнати со овој процес воопшто не е губење време.

Колку ученици има во моментов во општина Конопиште за да бидат реновирани овие училишта, ако вие господине пратениче се грижите што поголем број на училишта да бидат реновирани во вашата општина сигурно и граѓаните и

општина Конопиште ќе се грижи да ги реновира овие училишта бидејќи е во тек процес на враќање на населението таму и ако сме сериозна држава ќе водиме сметка да има училишта во кои што може да учат деца во иднина во општина Конопиште.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Госпоѓо Андова имате вие реплика?

АНА АНДОВА:

Сега сакам да ви кажам дека со задоволство би патувала со трамвајот наречен желби. И еве веднаш би порачала еден билет ама за дестинацијата до која сакам да патувам, до последното село од оваа општина село Радња под врвот Флора на планината Кожув од каде што потекнува дел од моето семејство и каде што, еве да кажам на сите, дека го обновивме семејното огниште од сосема други побуди. Меѓутоа, за жал, таму не се стигнува многу лесно. Сакам да кажам дека јас и понатаму подобрувањето на квалитетот на животот на автохтоното население таму и на оние кои ги обновуваат семејните огништа од сосема други побуди или повратници како што тука некој ги нарече, а не се апсолутно во никаква врска со постоење на локална самоуправа или локална администрација.

Беше спомната електрификацијата. Таа е завршена во сите 15 села и тоа со програма на Владата. Беше спомнат радио и тв сигналот, покривањето на целокупната територија на сегашната општина ќе биде започнато 2004 и 2005 ќе се заврши комплетно. Четирите мали хидроелектрани наназад повеќе 20 и повеќе години имаат учество сите влади на Република Македонија и се во рамките на некои државни проекти за енергетски развој, понатаму граничниот премин е во програмата на Владата и е во фаза на утврдување на пресена точка меѓу патната траса и граничната линија и зависи од нашите соседи и од нивната обврска која им ја дава Европската Унија по однос на прекуграничната соработка, за соработка со земји кои членки сеуште не се.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Андова навистина не ми е јасно на што реплициравте вие.

(Реакција на некој од пратениците во салата).

Сакате да кажете дека општината е доволно развиена наспроти она што сметате дека нема да биде. Во ред.

Повелете госпоѓо Бонева имате ли конра реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана колешке, тоа што го кажавте дека се што спомнав нема врска со процесот на локалната самоуправа навистина јас сум изненадена бидејќи локалната самоуправа ако правилно ја разбираме и процесот на децентрализцијата тогаш таа треба да биде генератор на развојот на општините. Никако поинаку не смее да биде сватена. Само толку.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршија репликите.

Господине Трендафилов барате збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трендасфилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Една од ретките логични работи што ги слушнав во овие неколку дена од страна на Владата и од Парламентрното мнозинство кое ја поддржува Владата беше моето претходно излагање каде г-динот Гештаковски се обиде барем аргументирано да ме убеди дека содржинските претпоставки кои постојат на триторијата на досегашната општина Конопиште на ист начин ќе можат да бидат искористени и унапредени преку формата која ќе биде воспоставена како локална самоуправа согласно територијалната поделба на Република Македонија и законите кои треба да ја спроведат децентрализацијата. Тоа ми звучеше разумно затоа што тоа е еден изразен логички исказ кој се спротивставува на тоа што јас го кажав. Она што навистина сега ме збунува ме потсетува на онаа вест што вчера ми обрнаа внимание некои пријатели за олимпискиот пламен кој прошета околу Република Македонија и цел олимписки комитет таму отиде на некое Кајче, или што направи притоа заврши како делумно ударна вест. Значи, тоа е она што сега ни го зборува колешката.

Јас пак уште еднаш ќе се навратам на оној дијалог со г-динот Гештаковски и е кажам дека неговите аргументи се навистина такви. Јас во своето излагање кажав дека е хендикеп за оваа општина и многу тешко е во принцип да се зборува за нејзината издржливост, пред се од демографската структура на населението и воопшто бројот на населението. Но мојата намера беше, поднесувајќи го овој амандман, да и дадеме во овој случај,можеби предност на формата затоа што станува збор за гранично подрачје и затоа што содржината што г-динот Гештаковски

вели дека ќе може соодветно да биде искористена преку локалната самоуправа во општина Кавадарци. Јас го задржувам моето мислење дека ние би требало како форма да ја задржиме на триторијата на општина Конопиште како облик кој не значи дека ќе биде успешен, но за кој ќе можеме барем преку одредеи механизми, внатрешни и надворешни да ја искористиме како компаративна вредност и во крајна линија тоа можеби и некое помалку себично тврдење, не толку од аспект од конкретна помош или развој на самата општина и на населението таму, туку воопшто за еден општ национален интерес затоа што спомнав дека во ЕУ постојат фондовите кои ние сеуште не сме ги искористиле затоа што не сме изложиле оперативни планови кои можеме да ги добиеме. Тоа беше основната намера од која го поднесов овој амандман, иако верувам од на сите нас разбирливи причини, општина Конопиште од момент во момент како тече дискусијата, ми станува се посимпатична и посимпатична.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам, г-дине Трендафилов.

Повелете, последен се надевам за збор се пријави г-динот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам, г-дине претседателе,

Почитувани дами и господа пратеници,

Јас навистина мислам дека една од клучни точки на новиот модел на локална самоуправа е токму општина Конопиште и проблемот би го поставил вака:

Дали ние како членови на македонскиот парламент што ќе го гласаме овој законн ќе го жртвуваме развојот на Република Македонија за статус. Значи статусот на припадник на голема општина, бидејќи јас сум роден во Кавадарци, сум се школувал во Кавадарци, повеќе вреди отколку можностите за развој што ги нуди, несомнено најспецифичната општина во Република Македонија во сегашниот облик, општина Конопиште.

Значи, имаме една триторија од 433 километри квадратни со извонредна геостратегиска, геополитичка, економска и како природен ресурс, а потенцијал на општина за развој на општинско ниво. Проблем е демографијата.

14 населени места кои 1961 година броеле 4900 жители, кога Конопиште било општина, сег бројот некаде помалку од 500 жители. Причини следните. Единствена општина која немаше асвалтен пат и природна комуникација со најголемото населено место Кавадарци. Во тек е изградбата на асвалтен пат. Општина која има

над 40 км гранична зона со Република Грција. Во тек е изградба на магистралниот патен правец, граничен премин Пуљевец кој ја поврзува таа општина со регионите на Мегленско и Воденско. Рудникот 'Ржаново се наоѓа на таа територија, се наоѓа и познатиот минерал талиум мондриум, единствен минерал во светот кој емитира енергија, како што тоа го прави сонцето, на потегот на рудникот Алша. Четири реки, Жарница, Лукар, Бошавица, Дошница, седум мини електрани, 30 илјади хектари пасишта, шуми, обработлива површина.

Во тек се некоклу инвестициони зафати на пилани на сточарски фарми на нови лозови насади, насади од малини, на други овошни насади, во соработка со конзервната фабрика Скок-трејд, во Росоман. Едноставно најподатливо подрачје за инвестиции во Тиквешкиот регион, со врска со реката Вардар по долината на Бошавица и Дошница и со врска со тиквешкиот регион со реката Лукар, и Жарница.

Ако ние уште еднаш сметаме дека развојот на Македонија може исклучиво да оди преку големите градски центри, тогаш моделот што го нудиме треба да ги подели општините на градски и рурални. Најспецифична рурална општина е општината Конопиште. Нема друга таква општина во Република Македонија што има такви преференцијални природни предности. Јас пак ќе го напоменам тоа во насока на позитивна размисла во делот на општинските такси.

Ако ние во делот на општина Конопиште, како што зборував и за општина Злетово, воведеме општински такси односно приходи во општинската каса, за водите кои таа општина ги има, за експлоатацијата, односно воведувањето на рудничката рента, за експлоатацијата на феро никелот од рудникот 'Ржаново, за експлоатацијата на електричната енергија со која се снабдува градот Кавадарци од 7-те мини хидроелектрани, уличното осветлување целосно се подмирува од тие 7-те мини хидроелектрани. За она што претставува надомест за користење на земјоделското обработливо земјитште и надомест за користење на шумското стопанство, ќе мора да признаеме дека тоа е пример како може Македонија со помош на своите компаративни предности да се движи кон Европа. Европа е децентрализирана. Европа е Унија на држави во  која се преферираат мали општини. Ќе дадам конкретен пример, една мала дигресија. Имено во Германија имате општина град, имате општина маркт, неколку населени места и имате општина - села, меѓутоа села во Алпите или села по долината на Рајна кои претставуваат потенцијален ресурс за расвој на СР ГЕрманија. Во Македонија тоа го немаме.

Ако некои празни зони како што се Мариово и Витачевската Висорамнина, заедно со планината Кожув и Козјак, обезбедуваат најбрзо користење на средства од Гроналд, местото каде што е седиштето на Европската локална самоуправа, тогаш тоа може да се каже дека е општината Конопиште, еколошка продукција, значи незагадена животна средина, големи потенцијали во сите, би рекол природни богатства, води шуми земјиште. Кавадарци е оддалечено неполни 15 километри од висорамнината Витачево. Значи во Кавадарци една третина од населението кое сега живее потекнува од регионот на Конопиште.

Друга погодност, од 14-те села во општина Конопиште само едно село е раселено. Тоа е селото Радња, односно не е веќе во состојба, така да кажам, каде што има население кое егзистира во тие села. Во сите други села сеуште постои живот. Нека е тоа времеплов, нек се тоа стари луѓе, меѓутоа, полека но сигурно Кавадарчани се почесто и во своите родни огништа во тие населени 14 места, во висорамнината Витачево, Страгово, Чемерско, сите тие села кои се на планината Кожув во делот на Мрезичко до Рожден и во делот на Бохово, Конопиште, Горна и Долна Бошова, на другиот дел спрема Демир Капија, претставуваат уште еднаш ќе кажам најподатлив регион за инвестирање со странска акумулација. Доколку постојат проекти, верувајте, најеколошката малина во регионот на Македонија, на еколошката црна слива, најеколошката круша се преизведува на тој што ги вкрстува медитеранската и континенталната клима во Република Македонија. Проблем е демографскиот фактор. Меѓутоа, тоа претставува уште еднаш ќе кажам една специфика, една огромна површина, еден огромен потенцијал, заслужува внимание Министрерството за локална самоуправа и министерот да предложи, еден, би рекол, раритет, можност за развој кој утре може  да прерасне како урнек, како модел, како треба Република Македонија да се развива. Од тие причини сметам дека треба да дадеме шанса и на ваква мала општина. Можеби критериумот под 5 илјади жители не ја обрадува таа шанса, но затоа пак сите други предуслови кои ги дава природата, кои ги дава водата, шумите, земјиштето, одат во прилог на тоа дека мораме да сметаме дека тие празни зони во Република Македонија треба да ги пополниме, ако сакаме да имаме рамномерен регионален економски развој, ако сакаме да имаме демографски развој и ако сакаме Република Македонија полека но природно и сигурно да се вклучува во Европските инвестициони процеси, на начин како што тоа го прават други европски региони кои исто така, ќе кажам Баварија има многу мали села по Алпските долини. Тие долини се многу тесни, таму нема голем

број на жители, но долината Тамхајн која го поврзува Тирол со Баварија претставува неколку мали селца, но претставуваат најбогати општини во СР Германија. Да не одам по примерот на тоа што претставувало седиште од минатото како во еден друг систем сме ги решавале проблемите, да им дадеме шанса на општините во Европска димензија. Европската димензија ја поддржува општина Конопиште.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Ѓорчев.

Има збор министерот за локална самоуправа г-дин Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Ѓорчев вие мислам сте еден од пратениците кој добро ги разбира работите, бидејќи бевте и министер вие сте магистар по економски науки и со вас сигурно би можел да разменам мислење.

Владата на Република Македонија одбра едностепена и монотипна локална самоуправа. Тоа е точно пречка за воведување на двостепеност и воведување на оној принцип во кој вие зборувате за Германија каде имаме тростепена и четворостепена локална самуправа. Тоа е изборот на Република Македонија. Но, веднаш сакам да ви кажам, можеби е време да почнеме да размислуваме за идното територијално организирање, растоварени од политичките аспекти и оние аспекти кои сега ја оптоваруваат Република Македонија, меѓуетнички односи и делот на идниот развој. Потполно се согласувам со вас, но, и вие треба да се согласите. За рамномерен развој на Република Македонија, за развој на ридско планинските, пограничните, руралните региони, не пртставува никаква пречка дали имаат општини или немаат.

Точно е, ова подрачје за кое зборуватре и поттекнувате од таму има можност. Но, тие можности не можат да бидат искористени со еден градоначалник, со еден столб, со една, незнам дали имаат секртарка, која живее во Кавадарци. За тие ресурси, вие самите кажавте треба да има капацитети, да понудиме програми, да имаме контакти, да привлечеме капитал. Сметам дека природните ресурси на ова подрачје, со Прдлогот за развој во општината Кавадарци, ќе придонесат за нашата цел што на Република Македонија во стратегијата за развој за враќање на граѓани не само од Кавадарци туку и од други краишта, со давање можности со економска политика. Без давање на кредити, без давање на можности, стимулации или бонитети во однос на придонеси, во однос на услови, без каматни, или градење на домови, тешко ќе го оствариме тоа. Потполно се согласувам со вас, но постоењето

или непостоењето на општината во овој период не игра улога за развој на ова подрачје. Сигурно ќе се согласиме во тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 15, гласале за амандманот, нема воздржан 47 гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам пртрес по амандманот на член 10 под б), за додавање нова точка 52-а по точката 52, поднесен од пратениците Ристана Лалчевска, Драго Шајноски, Илија Китаноски и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете г-ѓа Лалчевска, имате збор.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам, г-дине пртседателе,

Најмалку очекував од министерот барем да даде две три реченици објаснување зошто не го прифаќа амандманот. Меѓутоа тоа е негово право.

Јас ќе кажам зошто го поднесов тој амандман.

Општината Косел, што предлагам да остане таа општина која постои и функционира со Законот од 1996 година, во која влегуваат селата Вапила, Завој, Косел, Куратица, Ливоишта, Опеница, Плаќе, Расино, Речица, Свиништа, Сирула, и Скребатно. Тоа се една групација на села, типично рурална општина, која се наоѓа на патот Ресен - Охрид. Воглавно луѓето тука се занимаaат со земјоделие и со сточарство. До 1996 година имавме еден процес на рапидно иселување на населението од овие села кои се претежно планински и со добивање на општина во

1996 година, овде се случија доста позитивни промени затоа што во оваа општина беше поттикнат развојот и работите почнаа да одат во нагорна линија. Јас затоа сакам оваа општина и понатаму да остане и да егзистира, а не да се припои кон Охрид, бидејќи тоа е типично рурална средина и нема баш никаква врска со параметрите за развој на градот Охрид, затоа што градот Охрид познато е туристичко место и навистина нема да биде во можност да придонесе многу за развој на типично рурална средина како што е општината Косел.

Оваа општина има свои капацитети кои зборуваат дека може и досега докажала дека може да опстојува како општина затоа што има шумски водн кој може да се искористува, има бази за гранит и асвалт, има изградени училишта, во оваа општина има деца г-дине министре и бројот се зголемува, бидејќи престанаа да се иселуваат луѓето кои гравитираат во оваа општина, а седиштето на општината е во селото Косел кое се наоѓа на самиот пат Ресен - Охрид, значи на еден важен патен правец.

За целиот овој регион во кој се наоѓа и оваа општина постои јас незнам коку му е познато на министерот постојат физибилити студии кои се изработени за напредок на овој регион, а тоа е од Пелистр, некаде Преспанскиот и Охридскиот регион во кој токму спаѓа и оваа општина. Овие студии кажуваат дека постои перспектива за развој на овие општини, а од аспект на развој на селски туризам затоа што токму во овие општини имаме, мисе чини единствено во Македонија, село кое е живо и активно, а се наоѓа некаде на 1100 метри надморска височина, а тоа е селото Куратица, кое е во општина Косел.

Локалните власти досега изнаоѓаа разни средства, иако беа ограничени со средства, бидејќи имавме централистичко управување. Со помош на разни донации, разни проекти преку странски инвестиции да обноват голем дел од инфраструктурата на Коселската општина и да ги подобрат постоечките инфраструктурни капацитети на оваа општина. Затоа, навистина, би било жалосно сега кога имаме позитивни трендови во развојот на оваа општина да ја укинеме и повторно да ја вратиме во Охрид, со кој нема баш никакви заеднички параметри за развој, бидејќи општината Охрид е туристичко место и таа развива некои други потенцијали.

Јас толку би имала да кажам за оваа општина. Мене ми е жал што министерот, кој многу често поминува токму покрај оваа општина не се залагаше да и даде шанса да опстои и понатаму.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска, точно е ја познавам таа општина, бидејќи граничи со Ресен. Го следев вашето излагање и ги следев сите аргументи и особено она за кое вие кажувате дека општината Косел нема никакви врски со општината Охрид, а единствена надеж и просперитет за развој на сите овие села, ги знаете кои се во кои има 10, 20 жители некој има 30, 40. Велите студиите кој ги прават на база на Охридско-Преспанскиот, Битолскиот регион за развој на туризмот, не мислите дека единствената перспектива на селскиот туризам е со Охрид, единствениот туристички центар. Не мислите ли дека сите тие туристи што сакаме да ги донесеме, Холанѓани, Руси, Грци, еден ден треба да отидат во тие села и во тоа највисоко село. Велите дека единствените развојни можности на таа општина се во селски туризам. Вие добро знаете дека одредени важни капацитети на градот Охрид се на таа територија, како што е и ЕМО. И во тој дел мораме да водиме грижа и за заштита на животната средина и во делот на целосно поврзување за заштита на единствениот репрезентативен туристички центар тоа е Охрид и бисер на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Да господине министре точно е така и ЕМО е во атарот на општина Косел, добро е што ме потсетивте, тоа е еден голем капацитет и секако тој дава плус на контото на општина Косел, затоа што голем број од жителите на општина Косел не се по 10 и по 20 жители, како што велите вие, тоа се исклучоци во 2-3 села, се вработени токму во ЕМО, а околу развојот на туризмот господине министре, езерскиот и селскиот туризам навистина се две различни работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 15 гласале за амандманот, нема воздржани 48 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Госпоѓа Топузова имате процедурално, повелете.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во согласност со Деловникот член 64 имам предлог и барам поддршка од 10 пратеници денешната седница да продолжи да работи и после 17,00 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да ја видам поддршката.

Имате поддршка.

Предлогот да се работи после 17,00 часот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, 47 за, нема воздржани и 5 против.

Ве молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласање беа присутни 67 пратеника.

Констатирам дека гласањето беше валидно и предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нова точка 53-а по точката 53 поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдуладиі Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе дали можете да ми кажете до кога ќе се работи, со оглед на тоа што рековте дека се продолжува работното време. Значи ние би сакале да знаеме до кога ќе работиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе ми кажете ли кој член од Деловникот е тој што јас морам да ви кажам.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Воопшто не е смешна работата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сигурно нема да работиме како што беше за Тетовскиот универзитет. Ќе работиме повеќе 2-3 часа.

Повелете господине Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министре,

Амандманот кој го предлагаме според наше мислење и според нашите аргументи не го нарушува концептот кој постои во договорот на коалициските партнери, на овдешното парламентарно мнозинство, со самиот факт дека со нашиот предлог општина Лабуништа да продолжи да функционира и да остане како општина предлагаме еден нов поредок на населените места кој ќе ја составуваат општина Лабуништа каде се внимава и на процентите, се разбира на припадниците на националните заедници кои ја формираа таа општина и ќе даваат нивен придонес во функционирањето на оваа општина.

Имајќи предвид дека сега со предлогот Лабуништа со наведените населени места во амандманот, ова се села кои на одреден начин во општина Лабуништа создаваат една слика на заедничко живеење на Македонците, Албанците, Турците и другите и едно време даваат можност ова многу вредно население и по мое мислење би рекол многу еснавско население е способно да ја развива оваа општина, со самиот факт дека таму функционираат многу добро и работат повеќе од 16 претпријатија кои имаат обрт од некаде 20 милиони евра

годишно со нивното секојдневно работење и со самиот факт дека докажале дека можат да ја водат општината, но и да создаваат услови за натамошно функционирање на општината. Уште еднаш сакам да потенцирам да функционира општината го предлагаме амандманот без да го нарушиме концептот на другите нарушени општини и јас мислам дека постои една можност оваа општина да опстои и ја ставам меѓу општините со сопствени специфики и Лабуниште е една таква општина и треба да се даде можност да функционира и понатаму како општина, се разбира со овој поредок со овие населени места и со оваа национална структура која сега добива еден друг екилибар во споредба со она што има моментно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, 10 за, 1 воздржан и 41 против.

Ве молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласање беа присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете господине Крстевски процедурално.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Малку е дегутантно да го кршите Деловникот. По членот 92 од Деловникот во моментот кога ќе побарате утврдување на кворумот, тој е кворум, да не ја враќате топката во моментот на гласањето имало или немало. Прочитејте го членот ќе видите дека, кога ќе побарате Вие или пратеник поддршка од 10 пратеници, тогаш се утврдува кворумот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во моментот кога јас побарав пребројување беа 61 пратеник. Тоа нели ве задоволува.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Не може тоа така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имаше 61 пратеник во моментот кога се пребројуваа пратениците.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Тоа е на жими мајка. Деловникот бара вие кога ќе побарате точно да се утврди бројот, тој број да се земе предвид.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кога се утврди бројот беа 61 пратеник. 62 гласаа, бидејќи господинот Петковски излезе кога се утврдуваше бројот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 53-а по точката 53 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Паљошковски.

ЃОРЃЕ  ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министре,

Општина Куклиш претставува функционална економска, социјална и демографска структура со природни инфраструктурни и социјални услови за самостоен развој и нејзиниот развој е основан од локално стратегиски момент во согласност со функцијата на регионалната политика на Република Македонија. Таа е составена од 10 населени места и тоа: Куклиш, Свидовица, Дорломбос, Орманли, Костурино, Мемешли, Криводол, Раборци, Злешево и Чепели, со седиште во населеното место село Куклиш со вкупен број на население од 4.449 жители.

Просторот на општина Куклиш го сочинуваат две просторни географски целини и тоа рамничарски и ридски дел, поради што постојат сите можни услови за развој на земјоделството, шумарството, сточарството, а посебно за развој на раноградинарството кое е во перспектива и уште повеќе се развива со изградба на браната Маркова река.

Општина Куклиш е најголем производител на раноградинарски производи во Република Македонија, со нагласена изградба на оранжерии и примена на системот капка по капка во последните години.

Сите населени места во општината се електрифицирани. Уличното осветлување е на задоволително ниво. ПТТ сообраќајот се одвива преку две пошти и тоа во село Куклиш и во село Костурино. Со телефонската мрежа не се покриени само селото Мемешли и селото Орманли со вкупно 50 жители.

Во Општина Куклиш постојат две здравствени амбуланти лоцирани во Костурино и Куклиш. Тоа значи дека постои задоволителен аспект за развојот на здравствениот сектор.

Образовниот систем го сочинуваат предшколското и основното образование. Општината располага со две забавишта во Костурно и село Куклиш. Едно осмогодишно училиште во Куклиш и шест училишта до четврто одделение. Постои културен дом во Куклиш и Костурино. Состојбата на овие домови е на задоволително ниво.

Од стопански капацитети кои го овозможуваат економското и финансиското одржување на општината, а воедно и претставуваат основа за понатамошен развој на општината. Мора да се спомнат следните капацитети: хотелот “Сириус”, две пекари, кои се наоѓаат во Костурино и Раборци. Една млекара во Костурино, погон за откуп и призводство на тутун во Костурино, пилана во Костурино, рудник во Мемешли, погон за теписерија во Раборци.

Во Општината Куклиш во последните години се изградени и значајни инфраструктурни објекти. Такви модалитети од аспект на инфраструктурниот развој се од суштинско значење за развој на општината. Тие објекти се: изградба на општинска административна зграда, која е во завршна фаза, изградени водоводни системи во село Куклиш и село Костурино, село Свидовица и село Дурлумбос, изградба на регионалниот пат, чија изградба започнува во 1999 година и сеуште е во тек. Пробиен и тампониран локален пат за село Дурлумбос во должина од 8 км. Пробиен и тампониран е локалниот пат во село Три Води во Општина Куклиш.

Асфалтирани се улици во должина од 6100 метри. Изградена е училишна зграда во село Куклиш и во село Раборци. Во тек е изградба на систем на отпадни води во село Куклиш. Регулацијата на речното корито на река Сушица. Поставени се четири нови трафостаници и мрежа за улично осветлување на сите населени места во општината. Куклиш е проширено за 400%. Извршено е реновирање на Домот на културата во село Куклиш. Извршено и прекопување на канал за одводнување на полето во атарот на село Куклиш. Реализирани се два проекта со поддршка на УНДП за прочистување на диви депонии и озеленување на површините низ Општината Куклиш.

Од сите најзначајни параметри, како од економски така и од социолошки аспек јасно се покажува способноста на Општина Куклиш самостојно да ги решава локалните проблеми и состојби, а со тоа и целосно се оправдува барањето искажано во овој амандман за да опстане Општина Куклиш како посебна општина во територијалната реорганизација во Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам г-ѓа потпретседателке.

И во оваа втора фаза на законот за територијална организација, како што е насловен и за општина Куклиш немаме никакви посебни податоци, никакво образложение дури не се потруди нашиот министер да даде барем два збора да слушнат граѓаните на општина Куклиш зошто нивната општина не може да постои. Кои се тие критериуми кои не ги исполнуваат граѓаните на општина Куклиш, што е тоа што го немаат направено доволно добро или што во иднина не би можеле да го прават и заради тоа не заслужуваат и понатаму да опстои нивната општина.

Јас ќе започнам со демографскиот критериум. Општина Куклиш има повеќе односно точно 4449 жители, значи за скоро 500 жители не го исполнува утврдениот цензус за 5000 жители, меѓутоа, знаејќи дека имаме 13 општини кои се со помал број жители од општина Куклиш, значи овој критериум е занемарлив дека не го исполнуваат. Јас лично би го зела дека навистина овој критериум општина Куклиш може да го помине.

Вториот критериум што го имате поставено пред себе велите дека е економската одржливост на општините. Токму заради тоа и во оваа втора фаза повторно немаме никаква анализа од која можеме да видиме зошто општина Куклиш не може економски да постои за да можеме аргументирано да им кажеме на граѓаните на општина Куклиш, да ги убедиме зошто нивната општина економски не може да постои заради тоа јас сеуште ќе ги имам пред себе нивните показатели, нивните анализи кои ги застапуваат дека општина Куклиш според нивните пресметки може успешно да продолжи да работи и да опстојува.

Во интерес на времето, бидејќи многу често сме опоменувани, нема да навлегувам колку пари ќе соберат од такси, од други изворни приходи, меѓутоа сеуште за нив и за сите нас е непозната и повторно ќе потенцирам дека комплетот што го имаме од закони од областа на финансиската децентрализација повторно требаше да го расправаме за да можеме да знаеме колку пари фактички ќе се слеат во општинските каси и врз основа на тоа да ги правиме границите на општините врз основа на тоа колкав ќе биде нивниот финансиски потенцијал за опстојување. Бидејќи, дури ни блок дотациите сеуште немаат јасно лутврдени критериуми како ќе се даваат блок дотациите. Општините не можат да направат пресметка ниту по овој закон колку пари ќе добијат со блок дотациите, единствено што стои во законите е тоа дека платите ќе бидат обезбедени од Буџетот на државата од постојното ниво.

Значи, тоа е основниот показател и тие тргнуваат од тука дека, ако бидат обезбедени платите во образованието, во здравството, во културата, овие работници ако бидат покриени, тие ќе можат да ги одржуваат другите објекти кои треба да ги одржуваат врз основа на процентот од придонесите кои ќе влезат во буџетската каса. Тие сметаат дека тоа е доволно општината Куклиш да може да опстојува и да може малку повеќе да се изгради од колку до сега, бидејќи до сега она што го направија со овој минимум на средства е навистина за почит и за поздравување.

Пратениците од струмичкиот регион бевме повикани на состанок на Советот на општината со покана на 30 јуни 2004 година  и јас навистина жалам што моите колеги од власта кои можат да одлучуваат и дадат прилог за постоењето на оваа општина не беа во можност, тогаш беа спречени да дојдат на состанокот, меѓутоа, почитувани колеги, навистина ќе се обидам силната желба на граѓаните на општина Куклиш која како порака ја испраќам до вас дека тие навистина животно се заинтересирани да опстои нивната општина.

Во текот на состанокот на Советот на општината Куклиш сите советници, без оглед на тоа дали се советници од ВМРО-ДПМНЕ, од СДСМ и другите политички партии беа едногласни дека во овие години имаат постигнато многу за развојот на сопствената општина, за иднината на нивните деца и токму заради тоа сите се единствени во ставот дека нивната општина и во иднина треба да постои.

Нивните искажувања беа во правец на тоа дека е недоволно јасно за самите нив и за сите граѓани она што го кажав, немаат јасно образложение зошто тие не можат да постојат. Зошто се укинува нивната општина. Кои се тие параметри, кои се тие анализи што кажуваат дека општина Куклиш не може да опстојува. Велат, таман ни тргнаа работите, постигнавме толку колку што не сме постигнале за последните 50 години, повторно сакаат да не вратат во калта и повторно да зависиме од големиот градски центар и навистина тие се убедени дека ќе бидат заборавени.

Тие имаат еден прекрасен систем на функционирање во моментот во кој ни една селска населба од општина Куклиш не е запоставена. Според бројот на жителите што има секоја селска населба секој денар се дели рамноправно и се гради метар по метар од она што треба да се направи од областа на инфраструктурата, да се поправат училиштата, здравствените домови, апсолутно постои заедништво во градењето на сите населени места и неверојатно разбирање за потребите на сите граѓани од сите населени места.

Тие се убедени дека не можат да го наметнат на општина Струмица врз основа на бројот на жителите да се распоредуваат финансиските средства за развој на нивните населени места. Тие не знаат како ќе функционираат и како месна заедница, кои ингеренции ќе ги имаат од областа на финансиите, како ќе се слушне нивниот глас и како ќе можат тие понатаму да ги развиваат своите населени места до колку бидат односон како ќе се случи тој процес на децентрализација и доближување на власта до граѓаните до колку нивната општина биде укината.

За нив тоа е исклучиво централизација во моментот што се случува, а не процес на децентрализација на кој толку многу се надеваа и на кој толку многу му веруваа.

Конечно, со делот од данокот на имот, од ДДВ, од персоналниот данок тие очекуваат да направат уште повеќе за сопствената општина. Пред малку колегата кажа што се изградиле. Навистина тие се горди што се изградиле и кажуваат само како пример дека конечно го решиле водоснабдувањето кое не беше решено 50

години наназад. Конечно добиле осмолетка што гордо го носи името на нашиот револуционер “Даме Груев”.

Тие велат дека и поколенијата во сегашните граници на општина Куклиш ќе се гордеат со тоа што е решено водоснабдувањето скоро во сите населени места. Имаат изградено 5000 метри канал кој уште ќе се доградува и благодарение на тоа што самите си знаат што им треба не се случи огромни поплави на територијата на општина Куклиш.

Имаат изградено нова општинска зграда во фаза на карабина, како што кажа колегата подобрено е јавното осветлување, регулацијата на реката Сушица еден од поголемите проблеми е решен, подобрена е патната мрежа и за четири години, до колку би опстоиле како општина, целокупната патна инфраструктура за постојната општина Куклиш ќе биде решена.

Пораката на граѓаните од општина Куклиш и на советниците е дали во моментот државата ги гради општините по мерка на граѓаните или граѓаните треба да постојат за потребите на државата, бидејќи навистина тие ги искористија до сега сите легални средства да го искажат својот револт за бришењ ена нивната општина и за жал не беа воопшто слушнати од страна на власта.

Почитувани дами и г-да, бодејќи сум убедена дека сите критериуми кои си ги постави власта и демографскиот и економскиот и инфраструктурниот и за тоа дали постојат објекти од општествениот стандард во моментот општина Куклиш како општина ги исполнува, сметам дека сите ние заедно треба конечно да гласаме во интерес на граѓаните во интерес на она што го бараат граѓаните од нас и да им дозволиме општина Куклиш и понатаму да продолжи да живее, да се развива за доброто на сите граѓани на општината и за доброто на нивните идни поколенија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Најпрвин г-динот министер Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитувани пратеници, потписници на амандманот, особено г-ѓо Бонева. Морам да искажам дека чувствувам некое задоволство лично што признавате дека територијалната организација на Република Македонија е правена врз критериуми кои се предложени врз основа на база на податоци.

Инаку, ако бевте доследни ќе укажувавте на вашата претходна дискусија дека општините во Република Македонија се прават врз основа на етничка и политичка платформа или политички принципи. Овде нема етнички принцип, а нема ни

политички. Ако беше обратно, убеден сум дека ќе зборувавте три часа како општината Куклиш се пренесува во Струмица, па до колку гласовите беа на СДСМ, гласа за СДСМ, но за тоа ништо не зборувате и многу ми е мило што ги почитувате критериумите и што признавате дека територијалната организација е правена врз основа на критериуми.

Мене ми е страв дека пратениците од СДСМ во дадениот случај со приклучување на Куклиш кон Струмица ќе гласаат и сигурно отворено да кажам дека имавме одредени разговори во тој дел, иако рековте дека не биле присутни. Вие многу добро знаете за што зборувам, да, од аспект на политичките критериуми во делот на изјаснувањето на бирачите од општина Куклиш.

Сметам дека врз основа на критериумите за кои вие зборувавте, врз основа на буџет од 20 илјади евра годишно, врз основа на основни средства по жител на најдолно ниво во Република Македонија само по 2.565 денари, врз основа на регистрирани претпријатија 38 со вкупен број на вработени во небуџетски организации околу 50 и нивниот развој, територијалната распространетост на селата околу Куклиш ќе имаат подобар развој, подобра соработка и врз основа на она што вие не го знаете, а како пратеник треба да го прочитате, како ќе се развива месната самоуправа која е определена во преодните и завршните одредби на овој закон кој е пред нас.

Точно е разгледувано дали има одредена можност на капацитетите на Куклиш да се поврзат со друга рамнинска, рурална општина и вие сами знаете дека тоа не е можно, не е можно врз основа на непостоење на сообраќајни врски во делот на Босилово, Муртино и заокружување на тие капацитети, бидејќи целосно општината Куклиш не гравитира , дури е поврзана со Стумица.

Многу добро знаете, индустрискиот дел на Струмица како се развива и во кој атар се развива и тоа прераснува во едно подрачје мешано, индустриско, земјоделско подрачје кое сигурно на граѓаните, без никаков страв, ќе ги задоволуваат сите потреби од она што е направено и што ќе се прави и вода за пиење и училиштата кои се направени и патиштата кои се направени.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине министре, за реплика е јавена г-ѓа Цветанка Иванова.

Повелете.

Простете, овде не бевте регистрирани ,г-ѓа Силвана Бонева една минута контра реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван министре мене ми е жал  што навистина внимателно не сте ме слушале . Јас не кажав дека сте ги почитувале критериумите  туку цело време ви зборував дека немате кажано апсолутно ни што, ни зошто бидејќи тие ги исполнуваат другите критериуми зоштина Куклиш се укинува. Сега вие само ми броите објекти она што ние го кажавме во нашата дискусија, а немате сериозна анализа зошто ја укинувае општина Куклиш. Велите дека ги почитувавте сите критериуми а фактички единствениот критериум , она што не ви кажав во текот на дискусијата е значи политичкиот критериум, тоа што вие самите си го спомнавте, бидејќи вие територијата на Република Македонија ја делите врз основа на етнички и политички критериуми. Општина Куклиш е општина каде што ВМРО-ДПМНЕ постојано победува и заради тоа општина Куклиш е укината. Понатаму дали очекувате покрај тоа што на најдемократски начин граѓаните на општина Куклиш го изразија своето незадоволство да интервенираат со глад а вие да му пратите специјалци  како што во моментот имате пратено специјалци во општина Облешево. Дали на тој начин треба демократските права на граѓаните да ги угушувате. Апелирам до вас министре и до Владата да си ги повлечете специјалците од општина Облешево..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам г-ѓо Бонева.

Одиме понатаму.

Има збор министерот за локална самоуправа.

Повелете г-дине Гештаковски

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-ѓо Бонева, кога немате аргументи немојте да употребувате други изрази, немојте да настапувате партиски, пупулистички и да му праќате лажни пораки на граѓаните особено со злоупотреба и разгорување не меѓуетничка омраза , туку омраза меѓу македонскиот народ. Не зборувајте ни за специјални едници, не зборувајте за она што не е точно и што измислувате. Работите на штета на македонскиот македонскиот народ со ваквите ваши и лични настапи.

Ви кажувам аргументи за Куклиш, да, ако ви кажував најотворено точно е Куклиш е една од општините која перманентно во сите изборни циклуси во голем дел е определена према десната страна  или према ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е точно иако победник или победен на локалните избори многу тешко се наоѓа. Јас сум убеден

дека со ваквото приклучување кон општина Струмица ќе бев напаѓан од ваша страна, дека ги носиме во Стримица за да се добие Стримица градоначалник. И вие тоа политичките критериуми за кои викате дека ги носиме вие зборувате за нешто што во основа цело време го тврдите овдека, не постојат такви критериуми, баш се обратни и покушавате да ги изобличите и покушавате да ги дезинформирате граѓаните со лажни настапи и со лажни дури предизвикувачки што сметам , пратеникот не одговара за она што ќе го изнеси во Собранието , ама одредени настапи ги преминуваат дури и личниот дигнитет и дигнитетот на вас како пратеник. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине министре.

Г-ѓо Бонева повторно за реплика на министерот?

Г-ѓо Бонева, тој имаше дискусија, вие имавте реплика и тој имаше контра реплика. Во случајов тој почна дискусија, вие имавте реплика, тој контра реплика, ако може потоа, јас би ви советувала, да завршиме со репликите на вашата дискусија, па потоа вие можете да се пријавите за збор.

Мислам дека така би било коректно и процедурално.

Сега, г-ѓа Цветанка Иванова имавте реплика на г-ѓа Силвана Бонева, на нејзината дискусија.

Во ред, три минути реплика.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ви благодарам што конечно веќе добив право на реплика .

Колешке Бонева, вие , во текот на овие неколку дена расправа по Предлогот на законот за територијална организација поднесовте доста амандмани. Со аргументите со кои настапивте да ги браните овие амандмани, нештои ме убедувавте дека е вистина, нешто со силината на тоа што го кажувавте, а нешто и заради тоа што поголем дел на општините јас и не ги познавам, а вие можеби ги познавате , како што е она со амандманот за Мала Речица, затоа што јас не ја познавам таа општина и ви поверував во аргументите, во фактите.

Меѓутоа, дефинитивно, со поднесвуањето на овој амандман веќе се сруши оваа моја теза и практично со поднесувањето на овој амандман јас веќе изградив три тези по однос на вашите постапувања.

Првата е дека веќе сите барања ви се навистина неискрени, тргнвуајки од ова ваше барање со овој амандман, дека настапувате популистички, дека признаваме, со ваквото предложено решение за општина Куклиш дека Владата нависитна при изготвувањето на Предлогот на законот не се раководела од политички приницproperipи и од етнички, туку се раководела претежно од одржливоста на економскиот развој на општината. Последната теза ќе ви ја кажам на крај.

Зошто ова го велам? Секој што ја знае политичката констелација во Струмичкиот регион, посебно во општина Куклиш, свесен е дека сулуда би била идејата на Владата да предвиди општина Куклиш да биде во општина Струмица, ако се раководела од политичките принципи. Затоа што сте свесна госпоѓо Бонева дека, ако тргнуваме од односот на политичките сили, ниту едне претставник на власта не би гласал за ова решение, ниту јас. Јас ја почитувам волјата на граѓаните госпоѓо Бонева. Меѓутоа, секогаш сум се раководела од аргументите, затоа што на крајот тие зборуваат за вистината.

Зошто сметам дкеа вашето барање е популистичко, затоа што смеам , доколку Владата предложеше поинакво решение, односно доколку Владата прелдожеше Куклиш да биде посебна општина, вие сигурно ќе имавте обратен амандман и тој ќе го одбраневте сигурно цел ден со дискусии.

Ние докажавме, односно Владата дека во овој случај се раководиме од одржливоста на економскиот развој на општините. Впорчем и Европската повелба за локална сампуправа, еден од главните принципи е да може локалната самоуправа да ги регулира и управува јавните работи со сопствена одговорност и во интерес на локалното население.

Зошто колешке, и покрај мојата заложба, знае минситерот,  Куклиш да биде посебна општина ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас се извинувам госпоѓо меѓутоа времето измина.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

На кратко, бидјеки немам време, затоа што колешке има само 34 мали претпријатија, зато што има само 50 вработени кои не се финансираат од Буџетот, затоа што локалното буџетирање, согланско предвидените критериуми од Законот за

финансирање на единиците на локалната самоуправа не гарантираат развој на оваа општина.

Ви благодарам.

(Пратеничката Бонева реагира на должината на реплиакта).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Бонева, во моментот кога реагиравте, немавте право, уште не беа поминати три минути.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева за контра реплика, повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана колешке велите дека секогаш сте се раководеле од аргументи и поставивте тези дека сите мои барања до сега за амандманите што ги достави и што се обидов да ги бранам и да ви укажам зошто треба општините да постојат, велите дека се неискрени и дека произлегуваат од тоа што го барам за општина Куклиш.

Ако навистина секогаш сте се раководеле од аргументите, тогаш требаше да дојдете заедно со другите колеги од нашиот регион што се претставници на владеачките партии, и да ги чуете граѓаните на општина Куклиш што бараат од вас. Вие, не ги усдостоивте дури ниту да го оправдате вашето отсуство, бидјеки не можевте да се соочите со граѓаните и да им кажете зошто нивната општина, општината Куклиш се укинува.

Морам да ве потстам дека сепак сте пратеник на граѓаните од општина Куклиш и навистина, она што го зборував воопшто не е лага, туку е интерес и барање на граѓаните од општина Куклиш и нивни пресметки, пресметки на локалната самоуправа,она што не го добивме од минситерот, она што не го добивме од власта па врз основа на тоа да цениме дали податоците што ги имаме од локалната смаоуправа се вистинити или не. Ако имавме сериозна аргументација од страна на власта, тогаш ќе можевме поинаку да разговараме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално г-динот Ѓорѓи Трендафилов бара збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Госпоѓо потпретседателке би ве замолил за половина час пауза, затоа што со посебниот режим на влез и излез во Собраниската зграда, додека трае оваа седница

за законите за територијална поделба и децентрализација, штотуку добивме некои информации дека во општината Облешево се случил, можеби, некаков инцидент. И, за да ги избегнеме шпекулациите во понатамошниот тек на расправата би ве замолил за половина час пауза како би се информирале изворно дали и што точно се случило таму. Само за да ги избегнеме недоразбирањата и шпекулациите понатаму во текот на расправата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Трендафилов, јас би молела ако може да се координирате, официјално преку координаторот да дојде ова барање. Мислам дека ова сепак не влијае директно на текот на расправата, а посебно на овој дел од амандманите, на амандманот за Куклиш.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мислам дека не сте во право, затоа што и вие сте сведоци , начинот, пристапот на Собраниската зграда во овие денови каков е, ние сепак излеговме во...

(Реакции во салата).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, ако може да се сослушаме.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи, не би сакале, ова е сеуште во сферата на шпекулациите, не би сакале и понатаму да се користи како шпекулација првенствено од страна на пратениците кои доаѓаме од изборниот регион 3. Затоа би сакале триесет минутна пауза за да можеме изворно да се информираме дали и што таму се случило во периодот, според информацијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали е тоа став на пратеничката група?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Да, тоа е став на пратеничката група.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали тогаш ќе може со петнаесет минутна пауза да се информираме? Половина час е сепак премногу.

Објавувам 15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи во 17,00 часот, а со раководењето на седницата продолжи претседателот на Собранието на Република Македонија г-динот Љупчо Јордановски).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Господине Трендафилов барате збор процедурално.

Повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине претседателе ние побаравме пауза за да провериме одредени шпекулации што стигнаа до нас, пратениците. Во меѓувреме тие шпекулации, за жал, станаа, барем според информациите до сега, факти. Навистина, таму припадниците на Министерството за внатрешни работи имаат применето сила и според разговорите со некои од месното население, од советниците од општина Облешево, таму се веќе пристигнати, според нивните кажувања и припадници на специјалната единица.

Сега, тука би било можеби неумесно, и вие д апомогнете, да се вклучите на некој начин за, како Собрание, да придонесеме таа , што и да се случило сега на територијата на општина Облешево, да дејствуваме, да влијаеме во насока на смирување, за да не се случи нешто посериозно, затоа што од Кочани, исто така, не известија дека возило на Здравственито дом на брзата помош е упатено исто во насока на Облешево.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарма г-дине Трендафилов.

Јас имам спротивни информации, дека таму не е употребена никаква сила, само се тргнати блокадите и ништо повеќе. А, Министерството за внатрешни рбаоти ќе има своја официјална изјава во јавните гласила.

Повелете г-дине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе,

Јас побарав реплика кон г-динот министер, на неговото излагање за Куклиш...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки е реплика, тогаш имате три минути, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам.

Слушајки ги аргументите од г-динот министер во однос на тоа што значи финансиска моќ на населението, колку луѓе се вработени, колку изнесува просечниот доход што тие го имаат, некаде 2200 денари, ова не го слушнавме за останатите општини претходно, па мислам дека е добро понатаму, ако министерот ги има овие податоци да ги искаже и за останатите општини. Но, сето ова е добро што го слушнавме, а овие две години слушаме од Владата дека ние сме на прагот за влез во Европската унија и дека нашата цел и нашето право е да бидеме токму таму, а од друга страна имаме исто така по глава на жител некаде 1800 евра. Првата, најсиромашна држава во Европската Унија има некаде 18 илјади. Значи десет пати поголем приход од нас.

Сега не знам како ние ќе ги убедиме ако велиме Куклиш не може да биде како што треба да биде , како ќе бидеме ние држава во Европската Унија со десет пати помалку средства од било која од постоечките членки во Европската Унија, со 400 илјади невработени, со 600 милијони евра зголемен долг, со инвестиции од некаде 45 милијони, а останатите држави кои се кандидати за членки веќе имаат милијарди евра инвестиции. Сега ние треба од една страна сето ова да го прифатиме, да не кажуваме колкав е падот на индустриското производство, колку е зголемен животниот стандард на граѓаните на Република Македонија и треба да ги убедиме дека Куклиш , со овие средства што ги има апсолутно не може да биде општина. А ние, како Република Македонија веќе чукаме на вратите на Европската Унија.

Сега, два критериуми, две мерила што едно со друго апсолутно не соодвествуваат. Можеби вие знаете некоја магична формула што ќе не донесе на правиот пат, но според аргументите и ова што го гледаме и што го слушаме во сите овие расправи, апсолутно не гледам таква работа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Гештаковски имате една минута контра реплика.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Мавровски кажувате дека критериумите за влез во Европската Унија, да, ќе ви кажам за тие критериуми. Зборувате за спојување на општини и зошто Куклиш не може да опстои, бидејки по основни средства, по број на жители имаат малку.

Со спојувањето према Струмица да, ќе се зголеми тоа, но не толку колку што вие сакате, колку вие барате. Но, сакам да ви укажам дека вашиот принцип и , ако ве разбрав добро што сакате да кажете, една Латвија која влезе во ЕУ има општини во просек во популацијата од 66 илјади големина. Еден дел на Полска има општини од 16 илјади. Романија има општини со просечна големина од 7 илјади. Данска 19 илјади, Франција има 1578, бидејки има повеќе степена локална самоуправа и врз основа на надлежностите. Португалија има со 36 илјади просечна големина, Шпанија околу 5 илјади, Шветска има околу 30 илјади.

Не знам, вашето укажување на просечната големина на општините со територијалната организација во Република Македонија е околу 25 илјади. Во интерес на граѓаните, а не во интерес на влез во Европската Унија, бидјеки Европската Унија добро знаете и овие држави што влегоа немаа “пер капита” приходи што ќе се равнат со оние држави што се како развиени економски и мислам дека во таа смисла во другите критериуми ние зборуваме за дел дали ги исполнуваме условите по Европската повелба за локална самоуправа. Јас ви тврдам дека целосно ги исполнуваме. А, дали Куклиш ќе е припоено кон Струмица, во оснвоа е во интерес на граѓаните, а не во интерес на Европската Унија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Стојаноски имате реплика.

Повелете имате три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе,

При неодамнешната расправа во Анкетната комисија слушнавме дека во законот постоела грешка по однос на општината Куклиш и дали таа треба да биде заедно со Муртино или Муртино да биде со Босилово. Имаше дилеми што беа искажани од експертите по однос на прашањето на децентрализацијата и сеуште ние немаме добиено никакви исправки, иако беше тогаш кажано дека тоа било грешка во законот.

Јас би го прашал министерот дали таа грешка е од технички карактер или , како што оди сега работата, бидјеки нема никакви променив во овој закон, не била греша, туку било суштинско решение зад кое стои Владата на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКВОСКИ:

Господине Стојаноски, кога ќе дојдеме кај Муртино и кога ќе дојдеме кај Босилово, ќе видите дали е техничка грешка или не е техничка грешка. Изгледа не знаете каде се наоѓа Куклиш, каде се наоѓа Муртино.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидјеки никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните, а пратениците ги молам да седнат на своит еместа.

(Службите го утврдуваат бројот на пратениците во салата).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гио молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Бидејќи расправата по амандманот е заклучена, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 5 пратеници гласале за амандманот, нема воздржан, 59 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 53-а по точката 53, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Илија Србиновски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот поднесен од пратениците Спиро Мавровски и Илија Србиновски, а на кој се приклучија и дриуги пратеници се однесува на тоа Општината Кукуречани да продолжи во сегашните територијални граници како самостојна општина. Би сакал да укажам особено на пратеникот Илија Србиновски и на Спиро Мавровски дека во расправата по Предлогот за донесување на закон територијалната организација на овие пелагониски рамнински села беше организирана врз основа на принципите и критериумите на окрупнување на три постоечки општини, тоа е Добрушево, Могила и Кукуречани. Врз основа на голем дел на реалните укажувања и факти, особено на Илија Србиновски кој зборуваше еден час пред овој Парламент за оваа општина и дека седиштето на оваа општина треба да биде во Могила, а не во Кукуречани, бидејќи сообраќајните врски, комуникацијата, остварувањето на правата на граѓаните од Добрушево ќе бидат многу отежнати во однос на другите граѓани од овие две општини. Поаѓајќи од тие пред се реални суштински забелешки во јавната расправа и при изготвувањето на предлог-закон се изврши измена на седиштето, од Општината Кукуречани седиштето се пренесе во Општината Могила, каде граѓаните припадници на овие општини кои живеат на тоа подрачје ќе добиваат многу побрзи услуги и во комуникација со општинската власт. Иако морам да нагласам дека и во седиштата на овие општини ќе продолжи да функционира јавната администрација за задоволување на барањата и комуналните претпријатија. Во разговори со претставниците на власта во Кукуречани тие изразија

незадоволство и тој револт го искажаа. Но, на нашето инсистирање за нивната желба, дали би сакале граѓаните од Кукуречани да продолжат да работат, живеат, да ги остваруваат своите права во општина во која седиштето ќе биде во Кукуречани, тие мене лично ми укажаа дека подобро за нивниот развој би било да се приклучат кон Општина Битола. Затоа ова решение е предложено и амандманот не се прифаќа. И мислам дека пратениците за три-четири месеци крајно го менуваат својот однос. Инаку Општината Кукуречани со околу 2.500 жители и оние параметри доколку бараат пратениците, ќе им ги соопштам, не ги исполнуваат условите за самостојна општина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине министре, јас очекував да ги спомнете тие параметри како што го сторивте тоа за Кукуречани. Но, без разлика сега дали опозицијата го менува ставот, или Владата за 100% го менува ставот, тоа мислам ќе остане на пратениците да го кажат тука врз основа на ова што значат аргументи и што значи факт. А фактите се овие. Со Предлог-законот како што кажавте за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија од месец декември 2003 година беше предвидено да се формира нова општина, Општина Кукуречани со 9.221 жител во која што требаше да влезат Општина Кукуречани со 2511 жители, Општина Добрушево 2.174 и Општина Могила 4.536 жители. Општински центар за сите овие три општини требаше да биде Кукуречани. Говорењето на господинот Илија Србиновски и нашите забелешки како пратеничка група и како пратеници кои што доаѓаме од битолскиот крај, мислам дека апсолутно не држи Кукуречани да биде центар на овие три општини, чисто од она што значеше практицирање на локалната власт и со ова општината Могила како центар многу пофункционално и порационално може да ги заврши сите овие работи. Но, сега добиваме еден Предлог на закон, а тоа е овој најновиот што го имаме пред нас Преглед на општините според Предлог-законот за територијалната организација во која што сите овие села кои што гравитираат кон општината Кукуречани, тоа е Габаловци, Драгарино, Драгожани, Древеник, Лисолај, Лопатица, Ново Змирново, Облаково, Секирани,

Старо Змирново, Црнобуки и Црновец, сите овие сега ќе бидат во Општина Битола. Вашето ново решение кое што го нудите со овој Предлог-закон кажува дека во Општина Битола се припојуваат општините Бистрица, Цапари и Кукуречани. Господине министре, ако добро ги изброивте месните заедници, или селата на кои што битолскиот градоначалник сега ќе ги има во владение и кој што ќе треба да ги организира и да ги управува и да им ја донесе локалната власт многу поблиску до нив, стануваат бројка 65. Јас мислам дека годината има 52 недели и многу тешко ќе биде за било кој градоначалник во Битола барем еднаш да ги посети, а што ќе реализираат тие луѓе и како ќе ги остварат своите права можат да кажат досегашните приградски населби, или месни заедници, или села кои што се во близината на Битола и кои од оваа локална самоуправа досега виделе она што виделе, а не виделе ништо, што ќе биде со Кукуречани, тоа знаат само луѓето кои што живеат таму и кои што веќе еднаш го имале ова искуство. Општината Кукуречани своето постоење го има уште далечната 1944 година која броеше некаде околу 7.000 жители и истата за жал е укината во 1965 година. Така што бројот на населението до 1996 година од тие почетни 7.000 стигна некаде до бројка од 3.000 жители. Своето постоење со овој закон за територијална поделба после 1996 година мислам дека апсолутно го оправда, затоа што и како општина и како селата кои што гравитираат кон Општината Кукуречани, сигурно е земјоделско подрачје кое што има и свои капацитети и ресурси кои што можат да задоволат со оние минимални потреби кои што ги има општината за да опстојува. За разлика од Општината Битола во Општината Кукуречани културно забавниот живот, посебно и спортскиот живот стигна до таму да направат многу добар фудбалски тим кој што се натпреваруваше многу успешно во втората лига, а сега треба да очекуваат од локалната самоуправа во Битола која што успеа Фудбалскиот клуб “Пелистер” да го донесе пред распаднување, да води голема грижа и за развојот на спортот во овие општини кои што сега во моментот се припојуваат на Градот Битола. Што ќе кажат овие луѓе кога гледајќи ги селата низ кои што поминуваат до Градот Битола, тоа е Горно и Долно Оризари, граѓаните на овие последни претседателски избори апсолутно не сакаа ни да излезат да гласаат, затоа што сеуште некои ингеренции не знаеме на кого им припаѓаат, дали регионалниот пат Битола-Прилеп припаѓа на локалната самоуправа, или пак е на Република Македонија. Од друга страна ниеден премин локалната самоуправа не направила на тие места, а ист е случајот и со Кукуречани кој што се наоѓа на регионалниот пат Битола-Демир Хисар. Мислам дека гледајќи ги сите овие

работи кои што досега Општината Битола успеала да ги направи, или подобро кажано да не ги направи, апсолутно се сомневам дека и она што го говорев за Општината Бистрица која што успеа да направи многу работи со својот градоначалник кој успеа да најде и донации и да донесе многу повеќе пари отколку градоначалникто на Битола, успеа да направи чудо, сега повторно се припојува кон Битола и стигнуваме до еден простор од Кременица од грчка граница до после Кукуречани, мислам огромна територија, да не зборувам, цело подпелистерие кое што тој градоначалник ќе треба да го контролира. Огромна површина, апсолутно неизедначени ниту побарувања за живеење на овие општини со градската општина и мислам дека градоначалникот на Битола ќе биде доведен во една многу нерамноправна положба, а дека граѓаните колку што разбравме од сите принципи, почнувајќи од фискализацијата, па се до оние закони што треба да се донесат, треба да ги приближиме законите и локалната власт на граѓаните. Со ова, со зголемувањето, окрупнувањето и доаѓањето до 65 општини, апсолутно тоа нема да го постигнеме. Јас мислам дека мораше да се размисли малку повеќе. Вие дојдовте од ситуација во првиот предлог да биде Општината Кукуречани носечка општина на овие три општини. Сега воопшто ја нема Општината Кукуречани. И мислам дека тука е тој спор, а дали граѓаните во разговорите што ги имаа со вас, прифаќаат, или не, очигледни се сите оние барикади кои што се наоѓаат на патот Битола-Демир Хисар и забраната, тоа го покажува задоволството на граѓаните на Кукуречани за да си ја задржат својата општина со која што и на културен план имаа доста успеси и беа презентирани во Република Македонија многу успешно. Но, еве, оставам на вас, мислев дека ќе биде добро и за граѓаните да ги презентирате тие финансиски показатели ако ги имате, што значи сега ако стои така Општината Кукуречани и што ќе значи кога Општината Кукуречани ќе биде дел од Битола, колку ќе се зголемат тие финансиски приходи, колку ќе значи тоа зголемување на стандардот на граѓаните и реализација на нивните права. Ако имате такви податоци и ако не убедите во тоа, мислам дека ќе ги убедите граѓаните на Битола и мене ќе ми биде многу полесно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, господине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Мавровски, да, вашите аргументи држат и точно е тоа за капацитетите на Општината Кукуречани во заедничката општина со Могила и

Добрушево. Но, ќе бевте многу принципиелни за ова што го зборувате доколку овој амандман гласеше: Општината Кукуречани да се приклучи кон Општината Могила, а не да биде Општината Кукуречани самостојна. Зборувате за една општина, го променивме седиштето, јас имав консултации со претставниците на локалната власт, а вие предлагате самостојна општина, додворувајќи им се на грѓаните.

Поднесете амандман Општината Кукуречани да остане во првобитната состојба, а само да се промени седиштето, нема никаков проблем за ова вие што зборувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, една минута контра реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине Гештаковски, мислам дека вие добро знаете дека јас сега не можам да го направам тоа. Направете го вие тоа, ние ќе го прифатиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имавте доволно време и тоа да го направите.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Да не ги донесуваме во заблуда граѓините од тие подрачја. Јас кажав дека во консултации со претставниците на локалната власт од Кукуречани, нивната желба врз основа на консултации сигурно на органите рекоа, од две зла, подобро е да бидат приклучени кон Битола. Ако вие како пратеник кој ги застапувате граѓаните остварите контакт со Кукуречани, со граѓаните и ни пренесете во нивно име дека би им било подобро, како што вие зборувате да бидат во општина со седиште со Могила, бидејќи како претставник на Владата, јас ќе одам на Влада и Владата сигурно ќе предложи амандман кој ќе биде составен дел и нема потреба вие да го усвојувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Мислам дека господинот Спиро Мавровски кажа се и мислам дека ќе се повториме. Во првиот предлог кога беше предложено седиште Кукуречани, да се припојат Могила и Добрушево, фактички не беше така, не можеше така да биде, зата што Добрушево 30 км. ќе беше оддалечено за да дојде до Кукуречани, прво да влезе во Битола, па потоа во Кукуречани. Меѓутоа исправката се направи, се направи како што се направи. Меѓутоа јас знам дека граѓаните во Општина Добрушево имаа референдум и тие си бараа самостојна општина да си биде, затоа што се оддалечени од Битола некаде 40 км. И сега со второт Предлог-закон од Владата дека сега треба да биде Могила центар со Добрушево, а Кукуречани да се спои во Битола. Јас точно зборував со граѓаните од Општина Кукуречани, кога е веќе ваков предлогот, тогаш Кукуречани да си остане самостојно некаде со 1000 жители и тогаш пак станува дека е три ипол ијади жители, а и на Крклино му одговара да си биде во самата општина во Кукуречани. Затоа ние велиме дека сега може да си остане и Кукуречани само што ќе се припои селото Крклино и си останува Кукуречани како општина. Точно е дека сите овие села што се оддалечени некаде 20 км. од Општина Кукуречани, мислам дека селата ќе опустошат, и нема да се води сметка. На пример Долно Оризари е близу до Битола и тоа село, замислете, припаѓа на Општина Битола. Прашајте ги селаните колку имаат помош од Битола. Мислам дека дури тогаш ќе настане иселување од село во град, а знаете дека основен столб за развој на државата е селото. Од тука е храната, цела храна од тука се произведува. И ние што ќе направиме? Селата ќе ги опустошиме, а после некогаш ќе дојде време да се враќаат назад. Затоа велам Кукуречани како општина би требало да си остане како Кукуречани плус со селото Крклино.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ве молам да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 55 пратеници.

Почитувани пратеници очигледно дека кворумот не можеме да го обезбедиме.

Тука завршуваме со денешната сесија.

Седницата ќе продолжи утре со почеток во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 17,30 часот).